Регионална платформа на западен Балкан за застапување
на слободата на медиумите и за заштита на новинарите
Western Balkan's Regional Platform for Advocating
Media Freedom and Journalists' Safety

This project is funded by
The European Union

# Показатели за степенот на слобода на медиумите и за безбедноста на новинарите [МАКЕДОНИЈА]

# Показатели за степенот на слобода на медиумите и за безбедноста на новинарите [МАКЕДОНИЈА]

**Автори:**
**Бесим Небиу,**
**Насер Селмани,**
**Драган Секуловски**

**Декември 2016**

Показатели за степенот на слобода на медиумите
и за безбедноста на новинарите (Македонија)

*Издавач*
Здружение на новинарите на Македонија

ЗДРУЖЕНИЕ
НА НОВИНАРИТЕ
НА МАКЕДОНИЈА

*Автори*
Бесим Небиу, Насер Селмани и Драган Секуловски

*Лектор*
Вања Димитрова

*Дизајн*
comma | communications design

Оваа публикација е изработена со финансиска поддршка на Европската Унија. Содржината на публикацијата е единствена одговорност на Независното здружение на новинарите на Србија и на авторите и на никаков начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Европската Унија.

# Содржина

**Вовед** **5**

Цели на проектот и методологија на истражување 5

Законодавството за медиуми во Македонија не ги исполнува европските стандарди 6

Владата не обезбедува поволно опкружување за работата на медиумите 7

Стратегиски цели 8

Препораки за дејствување 8

Промени во законите за медиумите 8

Промени во составот на регулаторното тело и Програмскиот совет на МТВ 9

Процесуирање и решавање на насилството и заплашувањето на новинарите 9

Подобрување на пристапот до информации од јавен карактер и зголемување на транспарентноста на јавните институции 9

Клучни институции и нивните улоги во спроведувањето на овие насоки и препораки: 9

**А. Правна заштита на слободата на медиумите** **11**

А.1 Дали националното законодавство обезбедува гаранции за слободата на медиумите и дали истите се ефикасно спроведени во практиката? 12

А.2 Дали законите за клевета предизвикуваат „застрашувачки“ ефект кај новинарите? 20

А.3 Дали постои доволна правна заштита на политичкиот плурализам во медиумите пред и за време на изборните кампањи? 22

А.4 Дали слободата на новинарската работа и на здружување се гарантира со закон и дали законот се спроведува? 24

А.5 Какво е нивото на правната заштита на новинарските извори? 26

А.6 Какво е нивото на заштитата на правото на пристап до информации? 28

**Б. Позицијата на новинарот во редакцијата, професионалната етика и нивото на цензура** **31**

Б.1 Економската положба на новинарот се злоупотребува за да се ограничи неговата слобода 32

Б.2 Какво е нивото на уредувачката независност од сопствениците на медиумите и органите на управување? 36

Б.3 Кое е нивото на уредувачката независност на новинарите во ЈРС? 37

Б.4 Кое е нивото на уредувачката независност на новинарите во непрофитниот сектор? 38

Б,5 Колку слобода имаат новинарите во процесот на производство на вести? 38

**Ц. Безбедност на новинарите** **41**

Ц.1 Статистика за безбедност и неказнување 42

Ц.2 Дали државните институции и политичките актери преземаат одговорност за заштитата на новинари 44

Ц.3 Дали кривичниот и граѓанскиот судски систем ефикасно се справува со заканите и насилството врз новинарите? 45

Листа на интервјуирани лица 46

**Прилог** **46**

Библиографија 47

# Вовед

## Цели на проектот и методологија на истражување

Овој извештај ги презентира резултатите од истражувањето спроведено во рамките на регионалниот проект *„Регионална платформа на Западен Балкан за застапување на слободата на медиумите и безбедноста на новинарите"*[1], која се спроведува од националните новинарски здруженија од Босна и Херцеговина, Косово, Македонија, Црна Гора и од Србија. Главната цел на истражувањето беше да се направи базична проценка и да се обезбедат податоци за нивото на медиумските слободи и за безбедноста на новинарите кои во иднина ќе се искористат во регионалниот механизам за мониторинг и застапување за слободата на медиумите и безбедноста на новинарите на локално, национално и регионално ниво.

Истражувањето го спроведе регионален истражувачки тим составен од главен истражувач[2] и пет истражувачи на ниво на земјата предложени од националните здруженија на новинарите. Истражувањето во Македонија е спроведе-

1 *Проектот е финансиран од Европска комисија, преку Програмата за граѓанско општество и медиуми 2014-2015, Поддршка за регионалните тематски мрежи на организации на граѓанското општество.*
2 *Истражувачкиот тим го предводеше д-р Снежана Трпевска, експерт за медиумско право и за методологија на истражување.*

но од Бесим Небиу, координатор во рамки на проектот, Насер Селмани, претседател на ЗНМ и Драган Секуловски, извршен директор на ЗНМ, врз основа на заедничка Методологија за сите пет земји. Беа применети различни квалитативни и квантитативни методи за собирање и анализа на податоците:

- Квалитативна анализа на документи (КАД): истражувања и анализи на други истражувачки организации, академски институции, невладини организации, индивидуални истражувачи и сл.; официјални документи создадени од јавните институции (правни акти, подзаконски акти, стратегии, годишни извештаи, записници од состаноци, информации за печатот) и медиумска покриеност (текстови, статии, вести, извештаи и други објавени материјали).
- *Квалитативни интервјуа* со 11 лица (новинари, адвокати, медиумски експерти, претставници на јавни институции и невладини организации).
- *Анкета* со 69 новинари[3] од различни медиуми врз основа на структуриран прашалник развиен во рамките на Истражувањето од сферата на новинарството[4].
- *Официјални статистички податоци* побарани од јавните институции или се добиени преку достапните интернет страници или од други објавени извори.

Ова извршно резиме ги содржи клучните наоди и заклучоци од истражувањето, а ги вклучува и клучните препораки за политиките што треба да се спроведат.

Истражувањето покажува дека состојбата со медиумите во Република Македонија е лоша и непрекинато се влошува во текот на изминатите години. Владата ги користи сите расположливи средства да ја ограничи слободата на говорот и да ги контролира медиумите. Овој заклучок беше донесен со помош на сознанија кои произлегуваат од следните три групи на индикатори: а) законодавство и имплементација, б) професионална, економска и социјална состојба на новинарите и в) односот на власта кон насилството и нападите врз новинарите. Во однос на сите горенаведени аспекти на извештајот се заклучува дека:

3 *Анкетата е спроведена на намерен квотен примерок од 69 новинари од различни видови медиуми на локално, регионално и државно ниво. Важно е да се напомене дека и покрај тоа што квотниот примерок не овозможува воопштување на заклучоците за целата новинарска популација во Македонија, сепак, добиените ставови на анкетираните новинари даваат добра основа за согледување на состојбата во поглед на медиумските и новинарските слободи.*

4 *Достапно на: http://www.worldsofjournalism.org/*

**Законодавството за медиуми во Македонија не ги исполнува европските стандарди**

- Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во делот што ја регулира поставеноста и функциите на регулаторното тело за медиуми и јавниот радиодифузен сервис, не се во согласност со препораките на Советот на Европа, во кои се бара тие да бидат политички независни и да имаат одржливо финансирање. Во случајот на Македонија, овие клучни цели не се постигнати. Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АААВМУ)[5] и ЈРС се во голема мера политизирани и партизирани и немаат одржлив извор на финансирање.
- Последните измени на Изборниот законик не ги решаваат овие клучни недостатоци. Наместо деполитизација и департизација на регулаторот и јавниот сервис, власта и опозицијата во август 2016 година, постигнаа договор со кој уште повеќе ги политизираат и партизираат овие клучни институции на медиумскиот систем. Во рамките на АААВМУ беше формирано ад хок тело, составено од претставници на политичките партии, надлежно за следење на известувањето на радиодифузните медиуми сто дена пред изборите и за нивно санкционирање во случај на непрофесионално известување. Освен тоа, политичкиот договор предвиде сто дена пред изборите да се именува нов одговорен уредник на Информативната програма на јавниот сервис, по предлог на опозицијата.
- Казните за медиумите се високи и непропорционални. Во последните измени на Законот за медиуми, Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ) и Изборниот законик, коишто беа во служба на создавање услови за одржување фер и слободни избори, има преполовување на казните за медиумите по сите основи, како во однос на почитувањето на условите за работа на медиумите, така и во однос на начинот на нивното известување за изборната кампања. Казните се намалени, но тие не смеат да бидат еднакви за сите медиуми, туку треба да варираат зависно од видот на медиумот и

5 *За поголема прегледност, во одредени делови на текстот кратенката „АААВМУ" е заменета со „Агенција".*

нивната финансиска моќ. На пример, казната од 4.000 евра за неизбалансирано известување во изборна кампања за национална телевизија со терестријална концесија е незначителна во споредба со печатените и интернет порталите кои финансиски се многу кревки.

## Владата не обезбедува поволно опкружување за работата на медиумите

Се затвораат новинари, се толерира насилство против новинарите, а јавните пари се користат за да се корумпираат медиумите. Преку ваквите практики Владата систематски ја ограничува слободата на медиумите и предизвикува самоцензура кај новинарите. Овие лоши практики вклучуваат:

- *Затворски казни за новинарите*: Во последните три години, двајца новинари се затворени (Томислав Кежаровски беше осуден на 2,5 години затвор за откривање идентитет на заштитен сведок и новинарот Зоран Божиновски е притворен веќе девет месеци во врска со наводи за шпионажа и уцени).
- *Неказнување на нападите врз новинарите*: Постои видлива и отворена политика на неказнување на нападите врз новинарите. Ниту еден од 38-те напади врз новинари во текот на изминатите три години, не е расветлен и ниту еден од сторителите не е казнет.
- *Користење на јавните средства за корумпирање на медиумите*: Владата континуирано и систематски ги злоупотребува јавните средства за да ги корумпира приватните медиуми преку т.н. „владини кампањи». Владата стана еден од најголемите огласувачи во медиумите нарушувајќи го медиумскиот пазар и загрозувајќи ја независноста на медиумите. Ако според медиумскиот регулатор, во 2013[6] година, медиумскиот пазар бил околу 20 милиони евра, Владата истата година преку „промотивни кампањи"[7] има потрошено повеќе од 7 милиони евра во медиумите. Исто така, Владата на годишно ниво, од 2014 година наваму, троши околу еден милион евра за субвенционирање на домашното производство на националните приватни телевизии. Целиот процес на владино рекламирање и субвенционирање на домашната продукција се одвива нетранспарентно и врз основа на нејасни критериуми. Со тоа, таа ги фаворизира провладините, на сметка на критичките медиуми. Покрај тоа, единиците на локалната самоуправа, исто така, ги финансираат медиумите со средства од буџетот и притоа вршат влијание врз нивната уредувачка политика.

Покрај ова, во извештајот се заклучува дека:

- По декриминализацијата на клеветата од 2012 година, бројот на тужби против новинари се намали. Со ова се подобри и судската практика во споредба со претходниот период. Сепак, овој заклучок не е валиден во случаи кога новинар е тужен од високи владини претставници.
- Со извештајот беше утврдено дека економскиот и социјалниот притисок се користи во голема мера за да се ограничи слободата на медиумите. Само околу половина од новинарите имаат договори за вработувањеи се примателии на социјални бенефиции, додека останатите имаат примања пониски од македонскиот просек на месечни примања. Новинарите работат во тешки услови и трпат големи влијанија – како во рамките на редакцијата (од сопствениците на медиумите, менаџерите и уредниците), така и надвор од неа (од државните институции). Повеќето новинари сметаат дека нивниот социјален и економски статус с повеќе се влошува.
- Во извештајот се заклучува и дека пристапот на новинарите до информации од јавен карактер е отежнат, бавен и дискриминаторски. Државните институции, Собранието, Владата и другите јавни институции не се транспарентни.

6 *ААВМУ, Анализа на пазар на радиодифузната дејност за 2013 година, Скопје: 2014, стр. 32. Пристапено на 14 септември 2016: http://www.avmu.mk/images/Analiza_na_pazarot_2013.pdf*
7 *Влада на Република Македонија, Пристапено на 14 септември 2016: http://vlada.mk/node/9241.*

## Стратегиски цели

Од овој извештај произлегуваат следниве клучни стратешки цели за постојано подобрување на состојбата со медиумите во Македонија, кои треба да обезбедат:

1. Зголемување на безбедноста на новинарите.
2. Целосна независност на медиумската индустрија од политички и партиски влијанија.
3. Целосна независност на регулаторното тело од влијание и мешање на политичките партии, медиумската индустрија и од други центри на моќ.
4. Институционална самостојност и уредувачка независност на јавниот радиодифузен сервис.
5. Зголемување на нивото на транспарентност на јавните институции.
6. Санкционирање на говорот на омраза и дискриминација во популарните медиумите.

## Препораки за дејствување

За да се постигне ова, препорачуваме конкретни мерки кои државните и политичките актери треба да ги спроведат во наредниот период:

## Промени во законите за медиумите

- *Забрана за сите видови „државно рекламирање*" во комерцијалните електронски медиуми. Во исто време, во законот треба прецизно да се дефинира што е „кампања од јавен интерес". Покрај ова, законот треба да ги утврди условите под кои кампањите од јавен интерес ќе се емитуваат безплатно на јавниот сервис.
- *Забрана за сите партиско-политички реклами* во печатените медиуми, во и надвор од изборниот период.
- *Промена на начинот на кој се предлагаат и избираат членовите на регулаторното тело,* со цел да се обезбеди негова независност и професионалност преку исклучување на влијанието на Владата и на партиите.
- *Промена на законските одредби за составот и капацитетот на Програмскиот совет на МРТВ*, со цел да се обезбеди деполитизација на оваа институција и зајакнување на врските меѓу јавниот радиодифузен сервис и граѓанското општество во Македонија.
- Промени на финансиската рамка и начинот на финансирање на МРТВ, со цел да се осигура нејзината долгорочна одржливост, уредувачка независност и институционална автономија.
- *Промена на начинот на кој се назначуваат одговорните уредници во МРТ.*
- *Членовите на Програмскиот совет на МРТВ да се именуваат преку процес на јавно огласување.*
- *Укинување на т.н. „културни квоти*" за производство на програмски содржини на ТВ-станиците на државно ниво.
- Воведување законски санкции за „говорот на омраза" и поттикнување на насилство (член 48 од ЗААВУ) во согласност со позитивните практики од европските земји и во согласност со член 10 од ЕКЧП.

## Промени во составот на регулаторното тело и Програмскиот совет на МТВ

Непосредно по горенаведените законски промени, потребно е да се именуваат нови членови на Советот на АААВМУ и на Програмскиот совет на МТВ, преку итна постапка. Новиот Програмски совет треба да е надлежен за разгледување на остварувањето на програмските функции на МТВ, истовремено грижејќи се тие да се во согласност со граѓанскиот интерес. Исто така, тој треба да е овластен да ги повикува редакциите и менаџментот на МТВ да се водат согласно јавниот интерес.

## Процесуирање и решавање на насилството и заплашувањето на новинарите

Владата, Министерството за внатрешни работи и судството треба да покажат политичка волја и во рамките на нивните надлежности да ги преземат сите мерки за заштита на новинарите и итно да ги испитаат и да ги решат сите пријавени случаи и инциденти против новинари. Со тоа ќе испратат јасна порака до јавноста дека насилството против новинарите е неприфатливо и нема да се толерира.

## Подобрување на пристапот до информации од јавен карактер и зголемување на транспарентноста на јавните институции

Владата, министерствата, Парламентот, судството и другите јавни институции, вклучувајќи ја Агенцијата за медиуми и МТВ, треба да овозможат брз, фер и еднаков пристап до информации од јавен карактер за сите медиуми во земјата, преку отворен, недискриминаторен и фер третман без да фаворизираат одредени медиуми.

## Клучни институции и нивните улоги во спроведувањето на овие насоки и препораки:

- Министерството за информатичко општество и јавна администрација – треба да иницира законски процес за измени и дополнувања на законската регулатива, како што е опишано погоре.
- Парламентот на РМ – треба да ги усвои законските измени на ЗААВМУ во итна постапка. Исто така, треба да назначат нови членови на Советот на АААВМУ и на Програмскиот совет на МТВ преку итна постапка. За да се направи ова, парламентарните комисии треба да организираат јавни консултации со граѓанското општество.
- АААВМУ – дадените насоки и соработка со стручната служба на регулаторот треба да бидат од клучно значење.
- МТВ – претставници на МТВ, особено програмскиот персонал, треба да бидат вклучени во процесот.

# А

# Правна заштита на слободата на медиумите

Во овој дел од извештајот се заклучува дека основните гаранции за заштита на слободата на изразување се вградени во Уставот на Република Македонија[8]. Актуелното законодавство за медиуми коешто се состои од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ) и Законот за медиуми, исто така, декларативно ја поддржува слободата на уредниците и новинарите. Сепак, делови од законите не се целосно усогласени со препораките на Советот на Европа, особено оние што се однесуваат на основањето и работата на јавниот радиодифузен сервис (ЈРС) Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АААВМУ). Но ЗААВМУ не успева да обезбеди политичка и финансиска независност на ЈРС и медиумскиот регулатор. За разлика од јавниот сервис, ААВМУ има доволно средства за работа, но изворот на финансирање е проблематичен. Околу половина од средствата, Агенцијата ги собира од наплатата на надоместокот за дозволите на радиодифузерите. Ваквата ситуација создава конфликт на интерес на Агенцијата. Наместо првенствено да води сметка за одржливоста на медиумскиот пазар и за независноста на медиумите, Агенцијата без сериозна анализа доделува нови дозволи за медиуми со цел да го зголеми сопственеиот буџет. Во извештајот, исто така, се заклучува дека законите не се спроведуваат соодветно, на фер, транспарентен и непристрасен начин и се даваат примери во кои регулаторот фаворизира медиуми кои се блиски до владејачките партии. Како резултат на ова, институциите не се отворени, фер и демократски и со тоа се создаваат значајни пречки за слободни и професионални медиуми.

8 *Устав на Република Македонија, Поглавје II, член 16.*

### A.1 Дали националното законодавство обезбедува гаранции за слободата на медиумите и дали истите се ефикасно спроведени во практиката?

Уставот на Република Македонија ги вклучува основните гаранции за слободата на изразување[9] и слободата на медиумите. Се гарантира слободата на говорот, јавниот настап, јавното информирање, слободата на основање медиуми за информирање на јавноста. Исто така, се гарантира слободниот пристап кон информациите, како и слободата на добивање и пренесување на јавните информации, а се пропишува и правото на одговор и исправка на објавена информација. Уставот, исто така, го гарантира правото на заштита на изворот на информациите и експлицитно ја забранува цензурата.

Основната законодавна рамка за медиумите во Македонија се состои од: Законот за медиуми[10] и Законот за аудио и аудиовизуелни меидумски услуги (ЗААВМУ)[11]. Овие закони декларативно ја поддржуваат уредничката и новинарската слобода во согласност со професионални практики. Законот за медиуми декларативно ги вклучува основните уставни гаранции (член 3) и ја поставува законската основа за ограничување на слободата на изразување како што е утврдено во членот 10 од Европската конвенција за човекови права.[12]

Сепак, делови од ЗААВМУ не се целосно усогласени со препораките на Советот на Европа што се однесуваат на работата на јавниот радиодифузен сервис (ЈРС)[13] и Агенцијата.[14] ЗААВМУ не успеа да обезбеди политичка и финансиска независност на ЈРС и медиумскиот регулатор. Владата на Република Македонија не ги вгради целосно клучните препораки на експертската анализа[15] на законите за медиуми спроведена од Советот на Европа во 2013 година. Поконкретно, македонските власти ја игнорираа потребата за зголемување на бројот на претставници на граѓанското општество во Советот на ЈРС и на бројот на независни експерти во Советот на АААВМУ. Иако ЈРС се финансира од повеќе извори, како што се радиодифузната такса, средства од националниот буџет, приходите од реклами и донации итн., сепак, сето ова не е доволно за успешно работење на Македонската радио- телевизија (МРТВ). Во споредба со јавните радиодифузни сервиси од Европа и од регионот, МРТВ има убедливо најмали приходи врз која било основа – бројот на населението или бруто-националниот доход.[16] Како последица од ова, во последниот Извештај на ЕК за напредокот на Македонија[17], во делот што се однесува на слободата на изразување, се забележува недостиг на финансиска и политичка независност на ЈРС и на АААВМУ.

И покрај тоа што имаше обид да се вклучат порталите во првиот нацрт на Законот за медиуми, во измените од јануари 2014 година (веднаш по донесувањето на Законот) сите одредби во врска со електронските публикации се избришаа како резултат на критиките упатени од Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ) и медиумската заедница на невладини и истражувачки организации со аргументација дека со ова уште повеќе ќе се ограничи слободата на изразување во земјата.

Во моментов само два правни документи содржат делови кои експлицитно ја регулираат работата на интернет медиумите: а) последните измени на Изборниот законик[18] ги вклучуваат интернет публикациите (веб медиуми) во листата на медиуми; и б) Законот за јавните набавки на Република Македонија[19] со кој „електронските портали» се дефинираат како медиуми, заедно со радиодифузерите. Без оглед на фактот што интернет публикациите не се опфатени со Законот за медиуми, за нив важат одредбите од општите закони во земјата, како

9 *Ibid., член 16.*
10 *Закон за медиуми на Република Македонија.*
11 *Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на Република Македонија.*
12 *Закон за медиуми на Република Македонија, член 3.*
13 *Совет на Европа, Препорака (96) 10 на Комитетот на министри за гарантирање на независноста на јавниот радиодифузен сервис, Стразбур: септември, 1996: Пристапено на 14 септември 2016: https://rm.coe.int/CoERMPublicCommonSearchServices/DisplayDCTMContent?documentId=090000168050c770*
14 *Совет на Европа, Препорака (2000) 23 на Комитетот на министри до државите-членки за независноста и функциите на регулаторните тела за радиодифузниот сектор, Стразбур: декември 2000 година. Пристапено на 14 септември, 2016: https://www.ebu.ch/files/live/sites/ebu/files/Publications/Reference%20texts/CoE%20-%20Media%20Freedom%20and%20Pluralism/REF%20COE-CM-Rec(2000)23.pdf*
15 *Совет на Европа, Мислење на Генералниот директорат за човекови права и владеење на законот, Стразбур: мај 2013. Пристапено на 14 септември 2016: http://mdc.org.mk/wp-content/uploads/2013/06/Opinion-of-the-Council-of-Europe-on-Macedonian-Draft-Law-on-Media.doc.*
16 *Здружение на новинарите на Македонија. Проценка на медиумскиот систем на Македонија, Скопје: 2015, стр.60. Пристапено на 14 септември 2016: http://znm.org.mk/wp-content/uploads/2016/03/Assesment-media-reforms-Sep-2015-ENG.pdf*
17 *Европска комисија, Стратегија за проширување и главни предизвици 2014-15, Брисел: октомври 2014, стр. 29: Пристапено на 14 септември 2016: http://www.sep.gov.mk/data/file/Progres%20Report%202014/Izvestaj%20MK_PROV_10_10_2014.pdf.*
18 *Изборен законик на Република Македонија, член 75 и 76.*
19 *Закон за јавни набавки на Република Македонија, член 8.*

што се Кривичниот законик, Законот за граѓанска одговорност за клевета и навреда и други. Треба да се напомене дека во последните три години, националните власти постојано се обидуваа да ги внесат во регулативата онлајн медиумите, чекор којшто мнозинството новинари во земјата го сметаат како обид да се влијае на содржината на овие медиуми.

Владата не беше транспарентна во процесот на усвојување на новото законодавство за медиуми. За ова сведочи, предлогот на владата, која во 2013 година, предложи нов генерален закон за медиуми, кој се состоеше од повеќе од 170 членови со временски рок за негово усвојување во Собранието од три недели. Се презентираше како дел од усогласувањето со новата Директива за аудиовизуелни медиумски услуги на ЕУ, но всушност другата главна причина беше да се наметне контрола врз печатените медиуми и врз информативните медиуми на интернет. По континуираните реакции од ЗНМ и други новинарски и медиумски организации, поддржани од страна на меѓународната заедница, Владата го продолжи процесот за дебата за законите на помалку од три месеци. Овој период ЗНМ во соработка со релевантни меѓународни организации, особено Советот на Европа и ОБСЕ[20], и локални граѓански организации за развој на медиумите, како и академски експерти, направија експертски проценки на Предлог-законот и изготвија анализа на предложените закони[21]. Во овие анализи беа презентирани многубројни забелешки и коментари во врска со рестриктивната природа на предложените законски решенија. ЗНМ предложи неколку амандмани[22] на Нацрт-законот за медиуми во насока на појаснување на законските одредби и избегнување на неосновани интерпретации кои може да ја загрозат слободата на медиумите.

Значајно е да се напомене дека првата верзија на Предлог-законот ги опфаќаше сите видови медиуми, како што се радиодифузните, печатените и интернет медиумите кои беа ставени под ингеренциите на истото регулаторно тело. Нацрт-законот предизвика голема загриженост меѓу професионалната и експертската јавност во земјата, како и кај неколку меѓународни организации, кои изјавија дека слободата на медиумите во земјата ќе биде дополнително ограничена ако законот биде усвоен во предложената форма. Овој проблем, исто така, беше забележан и во Извештајот на Европската комисија за напредокот на Македонија за 2013 година.[23]

Овој процес на донесување на новото законодавство за медиуми после неколку консултации меѓу Владата и граѓанските организации заврши во декември 2013 година, врз основа на делумен договор меѓу ЗНМ и Владата, по кој таа се согласи да се откаже од намерата законски да ги регулира интернет медиумите, а ЗНМ го задржа правото да предлага по еден член во рамки на Советот на МРТВ и на Советот на регулаторното тело. И покрај ова, не беа прифатени сите предлози на ЗНМ и препораките на Советот на Европа. Сепак, се уште постојат неколку прашања за загриженост во врска со актуелното законодавство за медиумите и нивната фактичка независност: (1) Недостиг на независност на ЈРС и на АААВМУ, (2) непотребна регулација на печатените медиуми, (3) владините кампањи во приватните медиуми, (4) прекумерните обврски на приватните радиодифузери за производство на домашни содржини, и доделувањето јавни средства наменети за таа продукција, (5) проблематичната дефиниција за новинар и (6) отсуството на принципот на пропорционалност во утврдените казни за медиумите. Во годините што следуваа Владата продолжи со нетранспарентната практика на изменување и дополнување на ЗААВМУ, кој од неговото донесување беше изменет во три наврати[24], без никакви консултации со локалните засегнати страни, преку скратена постапка во Собранието.

Актуелното медиумско законодавство примарно ги регулира радиодифузерите, а за прв пат со Законот за медиуми се наметнаа и обврски за печатените медиуми. Новиот Закон за медиуми не го вклучува регулирањето на содржините на печатените медиуми и не поставува ограничување за влез во новинарската професија. Од печатените медиуми не се бара да имаат лиценца, но тие треба да бидат регистрирани во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Нивна обврска е, како што е предвидено во Законот за медиуми[25], да имаат импресум и да имаат основни информации за основачот на медиумот и на правното лице. Сепак, овој закон вклучува рестриктивна дефиниција на новинарската професија.

20 *ОБСЕ. Правна анализа на Нацрт-законот за медиуми и аудиовизуелни услуги. Пристапено на септември 14, 2016: http://znm.org.mk/wp-content/uploads/2016/03.pdf*

21 *Здружение на новинарите на Македонија. Забелешки за Нацрт-закон за медиуми и аудиовизуелни услуги, Скопје: 2016. Пристапено на септември 14, 2016:* http://znm.org.mk/wp-content/uploads/2016/03/-2013.pdf

22 *Здружение на новинарите на Македонија, Измени и дополнувања на предлог-закони, Скопје, 2013. Пристапено на септември, 14 2016: http://znm.org.mk/wp-content/uploads/2016/03/-19.08.2013.pdf.*

23 *Европска Комисија, Извештај за напредокот на Република Македонија 2014, Брисел: октомври 2014, стр. 28. Пристапено на септември 14, 2104: http://www.sep.gov.mk/data/file/Progres%20Report%202014/Izvestaj%20MK_PROV_10_10_2014.pdf*

24 *Трите измени на законот може да се најдам на веб страната на АААВМУ: http://avmu.mk/index.php?option=com_content&view=category&layout=blog&id=61&Itemid=99&lang=mk*

25 *Закон за медиуми на РМ, член 2.*

Радиодифузерите добиваат дозволи за емитување од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги според нивото на покриеност (национално, регионално или локално ниво). Агенцијата е овластена да ја одземе дозволата во случај кога радиодифузерите не се придржуваат кон одредбите и условите од Законот и договорот за доделување на дозволата потпишан помеѓу носителот на дозволата и регулаторот. Ако дојде до тоа, регулаторот на на својата интернет страница[26] треба да го објави решението за одземање на дозволата, во Службен весник на Република Македонија и во најмалку два печатени дневни весници, од кои еден е на јазикот на националностите којшто го зборуваат најмалку 20% од граѓаните. Сопственикот на дозволата има право на судска жалба против решението за одземање на дозволата и може да поднесе тужба пред надлежниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.[27]

Агенцијата води регистар на сите медиуми (ТВ, радиостаници и печатени весници), кој го ажурира и објавува на својата интернет страница[28]. Законот ја гарантира транспарентноста и праведноста при издавањето дозволи на радиодифузерите, но, сепак, начинот на спроведување на овие одредби е критикуван од страна на медиумите и локалните граѓански организации. Постојат два неодамнешни примери кои насочуваат кон тоа: примерот со Радио Слободна Македонија - РСМ (национален медиум) и купувањето на шест регионални телевизии на сомнителен начин. Случајот со РСМ е индикативен затоа што радиото имаше огромни приходи веднаш по неговото основање и покрај тоа што за тоа време официјално имаше само еден вработен. Покрај ова, РСМ имаше приход од 240.000 евра во период од само 20 дена.[29]

Вториот пример се однесува на тројца анонимни луѓе од Скопје, кои во 2013 година на истиот ден основале по една фирма. Десет дена подоцна, повторно на ист ден, секој од овие бизнисмени купил по две регионални телевизии[30] и сите овие новокупени медиуми се во различни градови на земјата. Во овие телевизии новите сопственици инвестирале во нова опрема и човечки ресурси, а нивните медиуми се наоѓаат на листата на приматели на буџетски средства за промоција на владините политики. Со овие и со други примери се добива впечаток дека иако е испочитуван правниот аспект при доделувањето дозвола за вршење радиодифузна дејност, сепак некои од медиумите имаат сопственици кои се блиски до владејачките партии и кои ги купиле медиумите под сомнителни услови. Преку овие медиуми потоа се генерира значителен приход од Буџетот и се промовира политиката на Владата.

Врз основа на истражувањето кое го анализира спроведувањето на ЗААВМУ во рамки на проектот Медиумска опсерваторија од Југоисточна Европа[31] се скенира транспарентноста на Агенцијата и се критикува процесот на доделување на дозволите како недоволно транспарентен и необјективен. Некои од наодите од ова истражување покажуваат дека постапката на доделување дозволи или на нивно пренесување на одредени медиуми блиски до владејачката партија е однапред договорена. Ваквите практики придонесуваат за недоверба во посветеноста на регулаторот кон транспарентноста, како еден од клучните услови за неговата независност.

Друг проблем е големиот број на радиодифузери во споредба со малиот пазар. Врз основа на најновиот регистар постојат вкупно 133 телевизиски и радиостаници. Сите овие радиодифузери се натпреваруваат на многу мал и ограничен пазар (за околу 20 милиони евра на годишно ниво) и со ова се создава ситуација во која медиумите може лесно да паднат под влијание на политичките партии и други центри на моќ.

26 *Податоците за одземени лиценци на радиодифузерите се објавуваат на веб страницата на медиумскиот регулатор: http://avmu.mk/.*

27 *Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на РМ, член 84.*

28 *Регистарот на ТВ-станици се објавува на веб страницата на регулаторот на медиуми. Види: http://avmu.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=1146&Itemid=342&lang=mk.*

29 *Објавувањето може да се најде на следнава интернет страница: http://mediapedia.mk/istrazuvanja/radio-slobodna-makedonija-ima-sestra-televizija_mk.*

30 *Владо Апостолов, Мери Јордановска и Сашка Цветковска „Нова медиумска жетва на владиниот рекламен комбајн». Нова ТВ, декември 5, 2014. Пристапено на септември 14, 2016: http://novatv.mk/nova-mediumska-zhetva-vo-vladiniot-reklamen-kombajn/.*

31 *Весна Никодиноска. „Следење на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во Македонија: Транспарентноста на регулаторот зајакната, но не се спроведува целосно». Медиумска опсерваторија во Југоисточна Европа, 2015. Пристапено на септември 14, 2016: http://mediaobservatory.net/radar/transparency-regulator-strengthened-not-fully-implemented*

Врз основа на првиот Закон за радиодифузна дејност од 1997 година[32] дозволите ги доделуваше Владата, а со Законот за радиодифузија од 2005 година оваа улога ја презеде Советот за радиодифузија. Клучните медиуми со дозвола на државно ниво се основаа пред 2005 година, во време кога Владата ги издаваше дозволите. Регулаторот продолжи со практика на реиздавање на дозволите и покрај големиот број медиуми и недостигот на сериозна анализа дали се потребни нови медиуми, имајќи го предвид ограничениот медиумски пазар.

Исто така, постојат и случаи на одземање на дозволите на национални радиодифузери, па така во 2011 се затвори најголемата приватна телевизиска станица А1, која се сметаше за мошне критички настроена кон Владата. Официјалната причина беше за затајување данок, но беше јасно дека вистинската причина беше тоа што сопственикот на оваа телевизија и владејачката партија беа во длабок конфликт бидејќи телевизијата остро ги критикуваше политиките на власта. Сепак, сериозна последица од затворањето на А1, а потоа и на трите весници поврзани со неа беше што голем број новинари ги изгубија своите работни места, а тоа имаше и негативен ефект врз медиумскиот плурализам.

Со измените на Законот за радиодифузната дејност од јули 2011 година, составот на членовите на Советот за радиодифузија беше зголемен од 9 на 15 членови – сите новономинирани од страна на институции беа блиски до партијата на власт. И покрај предупредувањето на локалните медиумски организации, Законот беше изменет, а потоа Советот и ја одзеде дозволата и на А2 телевизија, со образложение дека програмската содржина не е во согласност со условите на дозволата. Во извештајот што следуваше, поради овие случаи, Европската комисија изрази загриженост во врска со политичката независност на регулаторот.

Пет од седумте члена на актуелниот Советот на Агенцијата се поврзани со политичките партии на власт, ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ. Тие се избираат во Собрание по предлог на Собраниската комисија за избори и именувања и од Заедницата на единиците на локалната самоуправа на Република Македонија (ЗЕЛС), граѓанска организација на градоначалниците, контролирано од претставниците на владејачката коалиција. Исто така, еден член во Советот предлага и Комората на адвокати. Случајно или не, претседателот на Адвокатската комора е личен адвокат на Никола Груевски, лидер на владејачката партија ВМРО-ДПМНЕ.

32 *Законот за радиодифузна дејност на Република Македонија.*

Со новиот ЗААВМУ се промени листата на предлагачите на членови во Советот на Агенцијата за медиуми, но дури пет од седум члена од претходниот состав беа реизбрани во новиот. Собранието во новиот состав ги номинираше старите членови Лазо Петрушевски и Селвер Ајдини, додека Милаим Фетаи, кој претходно беше предложен од Собранието, сега во Советот влегува по предлог на ЗЕЛС. Повеќе индикативен е примерот на Алма Машовиќ, која претходно беше номинирана од страна на Собранието, а сега во Советот влезе на предлог на Комората на адвокати. Освен тоа, Машовиќ, како машински инженер не ги исполнува законските услови да биде член на Советот. Членот на Советот Лазар Трајчев е адвокат со претходно искуство како директор на Правната служба во рамките на Фондот за здравство, а сега номиниран од страна на т.н. Македонска асоцијација на новинари (МАН), која во јавноста е позната како блиска до владејачката партија ВМРО-ДПМНЕ, како што и беше истакнато во последниот извештајот на ЕК за напредокот на Македонија во 2015 година.

Во анализата на Извештајот за медиумскиот пазар во Македонија за 2014 година објавен од регулаторот, се забележува дека постојат 65 комерцијални телевизиски станици, од кои 5 се национални телевизии кои дистрибуираат услуги преку дигиталните терестријални мрежи, 5 национални телевизии преку сателит, 28 регионални и 27 локални телевизии што се дистрибуираат преку регионални DTT мрежи или преку кабелски оператори.[33] Вкупно, во Македонија има околу 200 традиционални медиуми (ТВ, радио и печатени медиуми), а повеќе од 100 интернет портали кои објавуваат медиумски содржини. Медиумите си конкурираат на еден мал пазар од само околу 2 милиони жители и не можат финансиски да опстанат освен ако не ги подредат своите интереси на интересите на владејачките партии и големите политички партии поврзани со влијателни бизнисмени. За разлика од јавниот радиодифузен сервис (МРТВ), поголемиот дел од медиумите се во приватни раце. Сепак, во 2012 година Владата беше на врвот меѓу најголемите огласувачи во земјата, а во 2013 година на првото место[34] со двојно повеќе кампањи во приватните медиуми од големиот локален мобилен оператор Т-Мобиле.

33 *АААВМУ. Анализа на пазарот на медиуми во Македонија за 2014 година.*

34 *АААВМУ. Трет јавен состанок на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во 2014 година, добиени ставови и мислења и став на Агенцијата, Скопје: 2014, Пристапено на септември 14, 2014:* http://www.avmu.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=1246%3Ajaven-povik&catid=94%3A2013-03-04-09-53-19&Itemid=427&lang=mk

Во Извештајот на Европската комисија за напредокот на Македонија за 2015 година[35] како сериозен проблем се наведува: *„Владиното рекламирање го обезбедува најголемиот единствен извор на финансирање и има големо влијание на пазарот на медиуми на национално и на локално ниво. Не постојат систематски или детални извештаи за владините реклами"*. Во Извештајот на Генералниот директорат за проширување од јуни 2013[36] година се вели дека најмалку 1% од годишниот национален буџет на Македонија (20 милиони евра) се инвестира во медиумите преку владини кампањи и реклами. Ова го покажува големото влијание на властите врз медиумската сфера, што како проблем беше истакнато и во Извештајот на ЕК за напредокот во 2014 година[37]: *„Владиното влијание врз медиумските содржини се остварува, меѓу другото, и преку финансирање на државното рекламирање"*. Владините медиумски кампањи најчесто се користат за дневна пропаганда на власта во која се рекламираат владините проекти. Кампањите не служат за промоција на јавниот интерес, туку се користат како алиби за да се доделуваат јавни средства на провладините медиуми. Крајната цел на оваа активност е да се влијае и да се контролира уредувачката политика на медиумите. Професионалците се отпуштаат, лицата со личен интегритет се заменуваат со послушни гласноговорници, додека голем број новинари живеат во професионална несигурност. Зад превезот на „економски причини», критичките медиуми исчезнуваат.

Во јули 2016 година, Владата излезе со концепт на легализација на ваквото рекламирање, за кампањи кои се во износ поголем од 100.000 евра преку Предлог-законот за информативни и рекламни кампањи кој го предложи МИОА.[38] Слично како и со претходниот инструмент (член 92), овој модел беше добредојден за сопствениците на медиумите (особено за Здружението на приватни национални телевизии), но беше жестоко критикуван од новинарската и медиумската заедница. ЗНМ остро го осуди овој закон и го сметаше за дел од легализацијата на корупцијата во медиумите, односно за промоција на владината пропаганда во медиумите, платена со јавни пари. Како резултат на ова, во јули 2016 ЗНМ ја напушти консултативната средба одржана во Министерството за информатичко општество и јавна администрација, кога власта се обиде да глуми наводна дебата за концептот на Законот[39]. Ставот на ЗНМ во однос на владиното рекламирање, е дека власта под плаштот на медиумска промоција на некакви вредности во општеството, со јавни пари ги корумпира медиумите со цел да ги инструментализира за дневна пропаганда и за промоција на владините активности, т.е. на владејачките партии.ЗНМ се залага оваа коруптивна практика да се забрани со закон, а од друга страна, да се воведе систем на медиумски субвенции преку кој ќе може да се финансираат одредени медиумски содржини од јавен интерес. Во август 2016, овој Предлог-закон беше повлечен од Собранието со официјално објаснување дека истиот треба да се ревидира.

За целите на овој извештај, ЗНМ во мај 2016 официјално испрати 105 писма врз основа на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер[40] до сите општини и министерства и неколку други јавни субјекти. Со ова формално барање, ЗНМ побара одговор од јавните институции на следниве прашања:

- Колку од вкупните средства во 2016 година се исплатени врз која било основа на медиуми и новинари?
- Каков е планот за финансирање врз која било основа на медиуми и новинари до крајот на годината?

35 *Европска Комисија. Извештај за напредокот на Република Македонија за 2015, Брисел: октомври 2015. Пристапено на септември 14, 2014: http://www.sobranie.mk/content/%D0%9D%D0%A1%D0%95%D0%98/PR2015_All_CK_FF_MK_16.11.2015.pdf*

36 *Партиципп. Учество на медиумите и слободата на изразување во Западен Балкан и Турција: Утврдување на фактите и определување на обемот на студијата, Фрајбург: април 2013 година, стр. 23. Пристапено на: септември 16, 2016: http://www.speakup2conference.eu/files/cms1/wbt-media-study635062109588840375.pdf*

37 *Извештај за напредокот на Република Македонија за 2015 години, стр.2.*

38 *Предлог-закон за информативни кампањи и публицитет за јавните институции. Пристапено на септември 14, 2016: http://www.mioa.gov.mk/files/pdf/dokumenti/zakoni/Predlog-Zakon_za_reklamiranje_mioa.pdf.*

39 *«ЗНМ ја напушти конференцијата на министерот Томовска», Здружението на новинарите на Македонија. Последен пат е изменета: 4 јули 2016: http://znm.org.mk/?p=2460.*

40 *КЗПСПИЈК, Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер. Превземено од: http://www.komspi.mk/?page_id=297.*

Дополнително на ова, во барањето што беше испратено беа поставени и прашања за името на медиумите или новинарите.

- Од ова барање беа извлечени следните заклучоци:
- Од вкупно испратени 105 барања, беа добиени 80 одговори (24% од сите институции не доставија одговор на ниту едно од прашањата);
- Од вкупно 84 општини во Македонија, одговор достави 61општина (27% од општините не доставија одговор);
- Од вкупно 15 министерства, 11 одговорија, 4 не дадоа никаков одговор (27% од министерствата не доставија одговор);
- Одговор не испрати ниту Агенцијата за електронски комуникации (АЕК), која се смета како една од јавните институции што најмногу троши средства во приватните медиуми;
- Само 11 од вкупно 80 институции одговорија дека не потрошиле финансиски средства за медиумски услуги за првата половина на 2016 година;
- Од анализата на сите податоци кои се обезбедени од институциите, во првите шест месеци од 2016 година се потрошени околу 353.000 евра. Оние министерства кои одговорија потрошиле помалку од 100.000 евра, во споредба со општините кои потрошиле околу 250.000 евра. Поголемиот дел од овие средства се наменети за регионални радиодифузери и национални весници. Основа за финансирањето се реклами во радиодифузните и онлајн медиуми, како и претплати и реклами во печатените медиуми. Има случаи каде што општините финансирале производство на медиумска содржина што може да се смета како ПР содржина за работата на општината;
- Најмногу пари во медиумите потрошила општина Битола. Таа во првите шест месеци од годината потрошила вкупно 32.000 евра, додека најголем потрошувач од министерствата е Министерството за внатрешни работи. Според нивниот буџет, во првата половина на 2016 година се потрошиле 21.300 евра само за претплата на весници и биле испланирани дополнителни 31.000 евра да се потрошат во втората половина од годината;
- 42 од вкупно 80 институции доставија информација за тоа колку пари ќе потрошат во втората половина на 2016 година. Вкупно оваа сума е 1.086.000 евра, што е околу три пати повеќе отколку во првата половина на 2016 година. Поголемиот дел од предвидените средства ќе бидат потрошени од Министерството за информатичко општество и јавна администрација со сума од 700.000 евра.

Исто така важно е да се напомене дека некои од општините, како што се Карпош и Центар, одговорија дека не трошат јавни средства во медиумите, повикувајќи се на законот. Генералниот заклучок е дека јавните институции, особено општините, користат големи суми од јавните средства во приватни медиуми без каков било критериуми, што е спротивно на законите. Покрај ова, речиси половина од институциите не се транспарентни при обезбедувањето податоци за висината на средствата кои ги потрошиле во медиумите. Друг заклучок врз основа на податоците е дека јавните институции предвиделе да потрошат три пати повеќе средства во втората половина на 2016 година во споредба со првата половина од годината. Ова покажува дека јавните институции значително влијаат врз медиумскиот пазар преку создавање финансиска зависност и клиентилистички односи со медиумите.

Со ЗААВМУ, во членот 92[41], се предвидуваат строги обврски за радиодифузерите за производство на одреден процент домашни документарни и играни филмски содржини. Исто така, се одредува дека половината од трошоците за овие содржини ќе бидат платени од Министерството за информатичко општество и јавна администрација (МИОА) преку одлуките донесени од Меѓуресорска комисија. Оваа комисија, врз основа на Законот, се состои од 7 членови и сите се номинирани од страна на јавни институции, вклучително и од Кабинетот на претседателот на Владата и од Управата за јавни приходи. Имајќи го ова на ум, како и актуелниот политички контекст, постои опасност дека оваа комисија може да ги одобрува средствата на пристрасен начин на медиуми кои се блиски до владејачките партии, а со тоа и да ги дискриминира оние што имаат критички став кон власта. Исто така, Комисијата може да наметне одредени теми во документарните филмови преку кои ќе се промовира идеологијата на политичките партии на власт.

41 *Во согласност со член 92 (став 8) од Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,, радиодифузните друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис со општ формат, на државно ниво преку преносниот капацитет на дигиталниот терестријален мултиплекс, должни се да создаваат и да емитуваат најмалку 10 часа домашна документарна филмска програма во периодот од 7-23 часот, не подоцна од 25 ноември во тековната година, јавниот радиодифузен сервис најмалку 30 часа на домашна документарна програма, од 7-23 часот, не подоцна од 25 ноември во тековната година.*

За разлика од ризикот за политичко влијание врз одлуките на Меѓуресорската комисија, како дополнителен проблем се јавува недостигот на експертиза на членовите. Не може да се очекува државни службеници од МИОА, УЈП или Канцеларијата на премиерот да имаат искуство во областа на производството на квалитетна медиумска содржина.

Законот воведува казни за оние радиодифузери коишто нема да ги задоволат барањата за производство на програми од домашно потекло. Директорот на АААВМУ, согласност член 23 (став 2), поднесува барање за поведување на прекршочна постапка без да испрати предупредување до радиодифузерите.

Овој финансиски инструмент поинаку се разбира меѓу главните телевизиски станици и новинарските и медиумските здруженија. Иако некои ТВ станици ова го проценуваат како можност да се развие сопствено домашно производство, медиумската заедница стравува дека на овој начин Владата ќе влијае на содржини во медиумите, но и на уредувачката политика, исто така. Чудно е што владата субвенционира медиумска содджина во националните приватни телевизии, а не субвенционира печатени, локални и малцисни медиуми, како што е пракса во земјите од Западна Европа.

Во моментов, според одлуката на Владата за утврдување на вкупниот број субвенции за надомест од 50 отсто од домашната документарна и играна програма, пет телевизии со национална дозвола добија субвенции од 2.254 евра по час за продукција на документарни и 5.548 евра по час за производство на играни филмови.[42] Покрај ова, не е јасно, кои се критериумите согласно кои Владата го дефинира трошокот за производство на еден час документарна и играна програма, со оглед дека има разновидни национални телевизии и различна природа на програмата, која во зависност од квалитетот и природата на производство на еден час соддржина, може да биде многу помала или многу поголема.

Актуелното законско решение истовремено ги оптоварува приватните национални медиуми со непотребни обврски кои постојано се зголемуваат поврзано со домашна содржина која годишно треба да ја произведат. На тој начин, во согласност со Законот (член 92) радиодифузерите во 2014 беа должни да емитуваат најмалку 30% програма изворно создадена во Република Македонија на македонски јазик или на јазиците на заедниците кои живеат во Република Македонија. Од 2015 година, обврската од 30% е зголемена на 40%, додека за следната година, 2016 година, обемот на домашната продукција на годишно ниво се зголеми на 50% од вкупната програма.

Уште со независноста на земјата во 1991 година, Македонската радио-телевизија (МРТВ) е под силна политичка контрола на владејачките структури. Во текот на овие 24 години, на македонската демократска транзиција, граѓаните и опозицијата никогаш не ја сметаа МРТВ за јавен сервис. Рејтингот, довербата и влијанието на МРТВ во јавноста секогаш беа на ниско ниво.[43]

Уредувачката независност на Македонската радио-телевизија (МРТВ) формално е гарантирана со закон, но тоа е недоволно за да се обезбеди фактичка независност, поради непостоење на независно финансирање и поради партизација на управните органи. Речиси сите, почнувајќи од извршниот директор на МРТВ, особено во периодот по 2005 година беа луѓе блиски до една или друга политичка партија и не се направи значителен напредок во трансформацијата на МРТВ кон вистински јавен сервис[44].

Институционалната автономија и уредувачката независност на јавниот сервис зависи од составот на управните органи,во случајот на МРТВ составот на Програмскиот совет на МРТ. Врз основа на ЗААВМУ, член 117, овластени предлагачи накандидати за членови на Советот се: Интеруниверзитетската конференција ( еден кандидат); Националната установа - Албански театар (еден кандидат); Националната установа - Турски театар (еден кандидат); двете новинарски здруженија (по еден кандидат), Заедницата на единиците на локалната самоуправа (тројца кандидати); и Комисијата за прашања поврзани со избори и именувања на Собранието на Република Македонија (пет кандидати).

42 *Здружението на новинарите на Македонија. Проценка на медиумскиот систем во Македонија, Скопје: 2015, стр.13. Пристапено на 14 септември: http://znm.org.mk/wp-content/uploads/2016/03/Assesment-media-reforms-Sep-2015-ENG.pdf*

43 *ibid p.57.*
44 *Броди, Елда и др. Слободата на медиумите во Западен Балкан, Генерален директорат за надворешни политики, Европската унија, Брисел: октомври 2014, стр.16*

Иако членот 116 став 4, предвидува Програмскиот совет на МРТВ да ги штити интересите на јавноста во однос на содржината на програмата и „треба да ја претставува разновидноста на македонското општество», во практиката сегашниот Програмски совет е многу политизиран и партизиран. Од вкупно 13 членови на Советот, осум се предложени од политичките институции, како што се Комисијата за прашања на избори и именувања на Собранието и Заедницата на единиците на локалната самоуправа. И двете институции, и Комисијата и ЗЕЛС, се институции контролирани од владејачките партии, а со тоа и членовите на Советот предложени од нив имаат силни политички врски со власта. Како резултат на оваа структура на предлагачи во Советот се избрани двајца поранешни пратеници кои припаѓале на актуелната власт, претседателот на Советот е портпарол на една општина во Скопје, додека заменик-претседателот на Советот е поранешен амбасадор. Еден член на Советот е поранешен раководител на локална телевизија и не е јасно дали во моментот кога беше избран, тој ја напуштил претходната функција поради конфликт на интереси. Со ова се прекршени европските стандарди затоа што мнозинството членови на Советот се именуваат од организации кои се блиски до политичките партии на власт, а не се автентични претставници на различни интересни групи на граѓани и на НВО од Македонија.

Другите прашања во врска со функционирањето на МРТВ се поврзани со одредени занемарени обврски поврзани со културниот плурализам, особено во однос на програмите на помалите етнички заедници[45] и недостигот на политички плурализам.

Јавниот радиодифузен сервис е доминантно финансиран од радиодифузната такса, но исто така, добива и значителни средства од државниот буџет заради неажурноста на системот за наплата на радиодифузната такса. ЈРС, исто така, добива приходи од рекламирање, но имајќи предвид дека е ограничено времетраењето на огласувањето, овој извор на финансирање значително е намален (до 10%).[46] Со текот на годините, практиката на постојано финансирање на МРТ од државниот буџет создаде култура на зависност на јавниот радиодифузен сервис, затоа што финансирањето од буџетот се добиваи врз основа на законските одредби за производство на програма за иселениците во странство и програма на јазиците на соседните земји, и како буџетски ад хок средства кога наплатата на радиодифузната такса е ниска.

За споредба, вкупниот планиран буџет на МРТВ за 2012 година изнесуваше околу 20 милиони евра, а хрватскиот јавен сервис за истата година имаше 192 милиони евра.[47] По основа на радиодифузна такса за истата година, македонскиот јавен сервис обезбедил 15,8 милиони евра, а хрватскиот 157 милиони евра. ХРТ има десет пати поголем буџет по основа на радиодифузна такса од МРТВ. Хрватска има приближно два пати поголема територија, двојно побројно население и поголем БДП, а хрватскиот јавен сервис има десет пати поголем буџет од МРТ. Покрај ова, ХРТ, главно, произведува програма на хрватски јазик, а македонскиот јавен сервис произведува програма на седум јазици, што дополнително го оптоварува буџетот на МРТ. Од овој пример може да се увиди дека македонските власти немаат политичка волја да обезбедат доволно средства за нормално функционирање на МРТВ.

Критики за работата на МРТВ, исто така, се наведени и во последните извештаи на ЕК за напредокот на земјата. Во Извештајот за 2015 година се забележува дека законската рамка на јавниот радиодифузен сервис е во согласност со стандардите на ЕУ, но сепак финансирањето не е независно од Владата и покрај мерките за подобрување на наплатата на радиодифузната такса и дека овој извор на приходи не е доволен. Се наведува дека се разгледани и други средства за обезбедување на финансиска независност, но се уште не е донесена таква одлука. Уредувачката независност на МРТВ сè уште не е обезбедена. Неуспехот да ја информира јавноста за прашања од јавен интерес, вклучувајќи го скандалот со прислушувањето на телефонските разговори на балансиран и неселективен начин, продолжува да ја руши нејзината улога како јавен радиодифузен сервис.

Во декември 2013 година се формираше работна група меѓу Здружението на новинарите на Македонија и Министерството за информатичко општество и јавна администрација, на која се донесе заклучок да се најде решение за одржливо финансирање на МРТ во наредните шест месеци. Како резултат на ова, се формираше меѓуресорска работна група, во која активно учествуваше и ЗНМ во период од повеќе од една година. ЗНМ даде предлог во работната група, 1% од националниот буџет годишнода се одвојува за финансирање на МРТ. Предлогот беше прифатен од Министерството за информатичко општество и формално беше доставен до Владата во 2015 година. Сепак, подоцна,

45 *Мицевски, И., Трпевска, С. и Трајкоска, Ж, Медиумите на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија, Скопје: 2013, стр 99-122.*
46 *Ibid.*

47 *Европска радиодифузна унија. Финансирање на јавниот сервис, ноември 20, 2013 година. Пристапено на септември 14, 2016: http://bit.ly/1V4qCtm.*

предлогот беше отфрлен од Владата и ова прашање се уште е отворено.

Истото решение, 1% од буџетот да се одвојува за МРТ, беше и заеднички предлог на ЗНМ и најголемите медиумски организации во земјата, вклучувајќи го и Синдикатот на новинари. Овој предлог во форма на амандман на ЗААВМУ беше поднесено во Собранието во март 2016 година.[48] Во контекст на МРТ, исто така, беше предложена и нова листа на овластени предлагачи за членови во Програмскиот совет, кои ќе го претставуваат пред се граѓанскиот сектор. Од вкупно 123 пратеника во Парламентот, за овој предлог гласаа само 35 пратеници од опозицијата и тој не беше усвоен.

Слични предлози за системски и долгорочни решенија во сферата на медиумите беа понудени и во Планот за итни демократски реформи[49], што претставува заеднички напор на група организации на граѓанското општество, академски институции и независни експерти за излез од политичката криза создадена со скандалот со прислушувањето.

48 „Пратениците на власта не сакаат слободни медиуми". Здружение на новинарите на Македонија. Последен пат е изменето: април 5, 2016 година http://znm.org.mk/?p=1977.
49 План за итни демократски реформи, Скопје: јуни 2016. Пристапено на: септември 14, 2016: http://respublica.edu.mk/attach/BP1_ENG_FINAL_08.07.2016.pdf

## А.2 Дали законите за клевета предизвикуваат „застрашувачки“ ефект кај новинарите?

Клеветата и навредата беа декриминализирани во 2012 година со донесувањето на Законот за граѓанска одговорност за клевета и навреда.[50] Во јули 2016 година имаше околу 40 тужби за клевета и навреда против новинари, а пред декриминализацијата нивниот број беше околу 330. Иако е декриминализирана, согласно новата законска регулатива клеветата се уште строго се казнува, што кај новинарите предизвикува автоцензура. Во својот извештај од 2015 година Фридом хаус[51] наведува дека „постојат несоодветно големи парични казни». Во текот на 2013 и 2014 година имаше десетици граѓански предмети за клевета против новинари, иако поголемиот број од нив беа решени преку медијација, надвор од судската постапка. Во септември 2014 година, неделникот Фокус доби негативна пресуда според која уредник и новинар беа обврзани да платат 12.000 американски долари надомест за нематеријална штета и други законски трошоци, за објавен текст во 2013 година против тогашниот шеф на тајната полиција, Сашо Мијалков[52]. Овој случај беше осуден од ЗНМ и од други здруженија и организации на локално и на регионално ниво.[53] Средствата за исплата на глобата беа собрани од новинари и граѓани во рамките на акцијата на ЗНМ за солидарност со неделелникот Фокус. Во извештајот на Фридом хаус за 2015 година за „Слободата на печатот во Македонија» се вели дека со Уставот на Република Македонија се опфатени основните гаранции на слободата на печатот и на изразувањето, но властите не ги применуваат непристрасно:

50 Службен весник на РМ, 143/2012.
51 Фридом хаус, Извештај за слободата на печатот, 2015. Пристапено на: септември 14, 2016: https://freedomhouse.org/report/freedom-press/2015/macedonia.
52 Харвинен Хеини. «Македонско истражувачко списание казнето за клевета», член на ЕДРИ, октомври 22, 2014. Пристапено на: септември 14, 2016: https://edri.org/macedonian-investigative-magazine-fined-in-defamation-case/.
53 «Судската пресуда за Фокус е спротивна на Законот за клевета», Здружение на новинарите на Македонија. Последен пат е изменета: септември 14, 2014: http://www.znm.org.mk/drupal-7.7/en/node/797.

“Клеветата беше отстранета од Кривичниот законик во 2012 година, но со паралелната промена на Законот за граѓанска одговорност за клевета се наметнаа големи казни за новинарите, уредниците и сопствениците на медиумите. Најмалку 580 случаи за клевета биле поднесени после промената до крајот на 2014 година, вклучувајќи и десетици случаи против новинари. Многу од нив се откажале или се решиле надвор од судот, честопати затоа што обвинетите попуштиле пред заканата од големите парични казни”[54]

Извештајот на ЕК за напредокот за 2015 година, исто така, забележува застрашувачки ефект врз слободата на изразување кој доаѓа од тенденцијата на политичарите и јавните службеници да тужат, наместо да се вклучат во отворена дебата.[55] Фактот дека тенденцијата да бидат тужени за клевета и навреда влијае врз работата на новинарите во Македонија, може да се потврди со анкетата со новинарите спроведена во рамки на ова истражување. На прашањето дали заканата од клевета има некакво влијание врз работата на новинарите, 60% од испитаниците изјавија дека Законот за навреда и клевета на некој начин влијае врз нивната новинарска работа. За да се процени состојбата со клеветата и навредата во Македонија на почетокот на 2015 година, ЗНМ следеше 39 случаи за клевета или навреда против новинари, со вкупно 106 судски рочишта.[56] Целта беше да се анализира како Основниот суд Скопје 2 ги спроведува Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета и Законот за парнична постапка, односно дали ја применува практиката на Европскиот суд за човекови права во Стразбур. Во исто време, се оценуваше и квалитетот на правното застапување на новинарите кои беа тужени во овие случаи. Мониторингот на сите случаи беше спроведуван од новинари кои беа присутни на судските рочишта и кои беа претходно обучени од адвокати и добија детални упатства за следење на секое рочиште. Податоците од секое рочиште беа забележувани во прашалник, а потоа беа анализирани за да се извлечат заклучоци за спроведување на законот.

54 Фридом хаус, Извештај за слободата на печатот, 2015. Пристапено на: септември 14, 2016: https://freedomhouse.org/report/freedom-press/2015/macedonia.
55 Извештај за напредокот на Република Македонија за 2015 години, стр. 2.
56 Здружение на новинарите на Македонија, Анализа на случаи на клевета и навреда, Скопје: септември 15, 2015. Пристапено на: септември 15, 2016: http://www.znm.org.mk/drupal-7.7/sites/default/files/Defamation % 20and% 20insult% 20assesment% 20ENG% 20Sep% 202015_1.pdf

Од набљудуваните 39 предмети во текот на една година, Судот донесе осум пресуди. Во 7 пресуди судот ги ослободи од одговорност новинарите, а во еден случај, делумно го уважи барањето на тужителот, но не одреди никаков надомемест на штета. Според оценката на ЗНМ, во сите набљудувани случаи, судот постапил во согласност со Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета и се повикал на судската практика на Европскиот суд за човекови права во Стразбур. Во седумте ослободителни пресуди судот утврдил дека новинарот немал намера да им наштети на тужителите и дека новинарот објавил напис за тема од јавен интерес. Во еден случај кога жалбата била делумно уважена, Судот заклучил дека имало клевета, но не изрекол глоба врз основа на нематеријална штета затоа што сметал дека со клеветата не е предизвикана таква штета. Треба да се напомене и дека 17 случаи (44% од сите случаи) беа судски случаи кога новинари и уредници се тужат меѓусебно за клевета.

Анализата на ЗНМ покажа дека судските процеси за клевета се подолги од просечната должина на судските процеси во Македонија. Во однос на времетраењето на судските постапки, беа анализирани три временски сегменти. Просечното време на одложување од една до друга постапка, во периодот од октомври до декември 2014 година, беше 48 дена. Во следниот период, јануари-мај 2015 година, периодот на одложување се зголемил на 56 дена, при што најкраткиот можен рок на одложување бил 8 дена, а најдолгиот 86 дена. Во периодот мај - јуни 2015 година, периодот на одложување се зголемил на 80 дена, а најдолгото одложување било 122 дена. Причината за ова бил почетокот на периодот за одмори, кога судови не работат со клиенти, освен во итни случаи. Според начинот на работа на судовите во Република Македонија во граѓанската област, рамката на прифатливо одложување на рочиштата за случаи е меѓу 30 и 40 дена.

Судот ја почитува обврската за објавување на одлуките, но не ги исполнува законските рокови за нивното објавување. Покрај тоа, новинарите кои ги следеа сослушувањата немаа пристап до пресудите на интернет страницата на судот, ниту пак можност за електронска комуникација со судот, бидејќи судот нема интернет конекција. Во сите набљудувани случаи, освен во еден, страните беа застапувани од адвокат.

Врз основа на Законот за пристап до информации од јавен карактер, ЗНМ побара од надлежниот суд да достави детални информации за случаите на клевета или навреда. Беа побарани податоци за тоа колкав е бројот на активните судски случаи за клевета или навреда во претходната година, со цел да се утврди дали постои тенденција на опаѓање или зголемување на бројот на тужби. Според информациите доставени од Судот, до 15 јули 2014 година бројот на активни случаи во кои обвинетите, како и тужителите за клевета и навреда се новинари бил 54. Оттука, може да се заклучи дека во 2015 година, во однос на претходната година, бројот на судски случаи значително се намалил. Просечно, годишно се поднесуваат по седум нови тужби против новинари.

Во последните три години имало најмалку 10 случаи каденовинарите биле тужени за клевета или навреда од државни органи, политичари, па дури и од јавни институции. Некои од случаите биле отфрлени од судот, некои сè уште се активни, но постојат и случаи кои судот казнил уредник и новинар (примерот неделното списание Фокус). Треба да се нагласи дека новинарската заедница покажа солидарност со колегите од Фокус и во неколку акции организирани од ЗНМ собраа средства што беа искористени да се плати глобата изречена на уредникот и новинарот на Фокус.[57]

Други индикативни случаи се оние во коишто градоначалникот на Општина Битола и градоначалникот на Општина Гевгелија поднеле тужби против критички настроени медиуми и новинари. И покрај тоа што Законот забранува можност да се тужи за клевета во име на јавна институција, постојат случаи кога тие (Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Македонски пошти) поднеле тужби против медиуми и новинари. Нејасно е како судот ќе се изјасни по овие тужби, коио според законот се недоволени.

Во минатото, кога за клевета и навреда новинарите одговараа според Кривичниот закон, беа поднесувани поголем број тужби од јавни службеници кон новинари. Сегашната практика покажува дека тужбите се помалку на број и различни по содржина. Според проценката, во последните три години имало само околу 10 случаи каде што претставници на јавни институции или високи претставници на политичките партии тужат новинари за клевета и навреда.

*57 «Повик за солидарност со новинарите од македонскиот неделник Фокус", Здружение на новинарите на Македонија. Последен пат е изменето: октомври 8, 2016: http://www.znm.org.mk/drupal-7.7/en/node/805*

## А.3 Дали постои доволна правна заштита на политичкиот плурализам во медиумите пред и за време на изборните кампањи?

Правната рамка за заштита на плурализмот во медиумите, пред и за време на изборите, се состои од три закони: ЗААВМУ[58], Законот за медиуми[59] и Изборниот законик. Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е одговорна за следење и спроведување на одредбите кои се однесуваат на заштитата на политичкиот плурализам во текот на изборната кампања, но не постои изречно утврдена обврска на регулаторот да го следи и да презема мерки во однос на политичкиот плурализам пред или по изборите.

ЗААВМУ, во членот 61, истакнува неколку основни принципи за програмите емитувани од радиодифузерите: еднаквост на слободите и правата без оглед на политичката наклонетост; објективно и непристрасно прикажување на настаните и еднаков третман на мислењата и ставовите; овозможување на јавноста да формира свое мислење во врска со настаните и проблемите; почитување на тајноста на изворот на информацијата; гаранција за правото на одговор и исправка; независност, самостојност и одговорност на уредниците, новинарите и другите автори при креирањето на програмите и уредувачката политика.

На овој начин, некои аспекти на новинарските стандарди се определени со закон и стануваат законска обврска за медиумите во целиот радиодифузен сектор, вклучувајќи го и јавниот радиодифузен сервис, приватните медиуми и непрофитните медиуми. ЈРС има дополнителни обврски (член 110) и дополнителни стандарди и принципи (член 111). Важно е да се напомене дека овие членови се однесуваат на етичките стандарди и поради тоа не се предмет на санкции кон новинарите, ниту кон медиумските куќи. Кога ќе се прекрши Кодексот на етика, единствената санкција којашто може да се изрече е морална санкција од колегите во секторот преку саморегулација во медиумите, а тука постојат две тела: Советот на честа во ЗНМ и Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија.

*58 Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на РМ.*
*59 Закон за медиуми на РМ.*

АААВМУ со новиот политички договор од август 2016 година доби можност да казнува медиуми за прекршување на професионалните стандарди за непристрасно и неизбалансирано известување за учесниците во изборната кампања. Овие промени настанаа како резултат на политички компромис меѓу власта и опозицијата во обид да ја решат политичката криза која настана поради обелоденувањето на скандалот со масовното прислушување од 2015 година.

Врз основа на овој политички договор беше формирано ад-хок тело составено од 5 новинари, двајца предложени од владејачката партија, двајца од опозицијата и еден избран на отворен повик (за кој беше договорено да биде етнички Албанец). Телото го следи начинот на известување на медиумите во период од 100 дена пред изборите. Врз основа на извештаите од мониторингот, телото предлага казни за медиумите за непрофесионално известување. Овој концепт беше силно критикуван од ЗНМ, медиумските организации и од страна на стручната јавност, како неприфатливо решение, кое не овозможува одржливи реформи во медиумите во согласност со препораките на Советот на Европа и потребата за постигнување департизација на Агенцијата за медиуми.

Во пресрет на најавените избори, Институтот за комуникациски студии (ИКС) го спроведе проектот Мониторинг на демократијата во Македонија (МОДЕМ)[60] со кој го следеше начинот на кој националните телевизии известуваат за различните политички мислења и идеи и степенот до кој тие им обезбедуваат пристап на политичките актери во нивните програми[61]. Анализите потврдија дека политичкиот плурализам во медиумите во неизборниот период е загрозен:

1. *Вестите на највлијателните телевизии се користат како политички маркетинг на Владата и на лидерот на ВМРО-ДПМНЕ*. Во вестите на некритички начин се презентира позитивна слика за работата на Владата. Новинарството не функционира како чувар на јавниот интерес, ниту како неутрален и независен критичар на владините политики. Наместо да ги штити интересите на граѓаните, новинарството се претвори во информативна пропаганда на владејачката партија;

2. *Постои селективна цензура на политичкото изразување*. Стратегијата на владејачката партија е „да и овозможи» на опозициската партија одреден пристап до провладините медиуми со цел да се создаде лажна слика за медиумскиот плурализам и за балансот во вестите, а со тоа да се „оправда» прекумерното покривање на активностите на премиерот;

3. *Медиумско оркестрирано напаѓање на противниците*. Се забележува стратегија на режирана, оркестрирана, уредувачка политика на повеќе провладини телевизии со цел јавно да се дискредитираат и делегимитизираат одредени политички субјекти, институции,организации и поединци.

Според заклучокот на МОДЕМ се утврди и дека најголемите телевизии (Сител, Канал 5 и Алфа) постојано ги кршат основните начела за вестите утврдени со член 61 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Покрај ова, јавниот радиодифузен сервис ги крши стандардите и принципите за програмите утврдени со член 111 и особено надлежноста утврдена со член 110 да не ги застапува или брани позициите или интересите на одредена политичка партија и да ги штити програмските емисии кои ги развива и од секаков вид влијание на Владата, политичките организации или други центри на економска и политичка моќ.

Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ги уредува изборите во два посебни члена: членот 96 со кој се пропишува дека во текот на изборната кампања, радиодифузерите и регулаторот се должни да ги следат правилата од Изборниот законик. Со вториот член се предвидува дека не е дозволено јавниот радиодифузен сервис да пренесува платени политички пораки (член 53).

Општите правила за известување за време на изборите се вградени во Изборниот законик кој во неколку наврати беше надополнет со амандмани. Законодавецот во членот 75-Г предвидува дека сите медиуми во изборниот период треба да им обезбедат еднаков пристап на политичките партии. Законот предвидува голем број казни кои се движат до 4.000 евра за медиумите за прекршување на Законот, вклучувајќи ги и печатените и интернет

*60 Со анализата се разгледаа 11 вести и 38 изданија на 11 различни програми за тековната работа на јавниот радиодифузен сервис (МТВ1 и МТВ2) и 7 приватни телевизии (Сител, Канал 5, Алфа, Телма, Алсат М, 24 Вести и TV21 ), врз основа на квалитативна анализа на различни аспекти на информирањето во вестите и информативните програми.*

*61 Третиот месечен извештај врз основа на мониторинг на медиумските содржини преку Механизмот за брз одговор за медиумите на Институтот за комуникациски студии (временска рамка: 6 февруари-4 март 2016 година). Извештајот може да се најде на нивната интернет страница: http://respublica.edu.mk/modem/06-04-mart-2016/Third-Monthly-report-MODEM_EN_opt.pdf.*

медиумите. ЗНМ, Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници на Македонија најостро ги осудија овие строги казни и во нивната заедничка изјава од 20 ноември 2015 нагласија дека тие се несразмерни односно ги ставаат во нерамноправна положба помалите медиуми, особено интернет и печатените медиуми во однос на поголемите електронски медиуми. Исто така, двете организации се спротивставија на фактот дека со овој закон Владата на „мала врата» го протурка законско регулирање на интернет медиумите.[62]

Во минатите изборни циклуси, со завршувањето на претседателските и парламентарните избори во 2014 година, не се почитуваа правилата во однос на политичкиот плурализам. Дури и регулаторот, кој е одговорен за спроведувањето, го признава овој факт во својот извештај за претседателските и предвремените парламентарни избори во 2014 година:

> "Резултатите од мониторингот на изборното покривање покажуваат дека приватните национални терестеријални ТВ- станици во креирањето на уредувачката политика во текот на изборите не се регулирани согласно професионалните принципи и не се придржуваат до законските обврски за покривање на фер и балансирана кампања".

Од горенаведениот извештај очигледно е дека повеќето национални ТВ- станици претежно ги покриваат активностите на владејачката партија за сметка на опозицијата, со што се создава ситуација на нееднаков пристап до медиумите за време на изборна кампања.

Врз основа на политичкиот договор од август 2016 година, четирите главни политички партии се согласија дека главната опозициска партија СДСМ ќе го предложи одговорниот уредник на Информативната програма на Македонската телевизија 100 дена пред изборите. Со ова, наводно, требаше да се обезбеди балансирано известување на ЈРС пред предвремените парламентарни избори во Македонија.[63] Повторно, ЗНМ, локалните медиумски организации и експертите го критикуваа овој концепт како решение кое ги дерогира основните професионални принципи на новинарството – новинарите да задржат дистанца од која било политичка партија.

62 «Заеднички протест на ЗНМ и Синдикатот: Скандалозни казни за медиумите од Изборниот законик», TeраТВ. Последен пат е изменет: ноември 20, 2015: http://tera.mk/znm-i-ssnm-kaznite-za-mediumite-od-izborniot-zakonik-se-skandalozni/.

63 Лидерска средба утре во 13 часот, мета.мк. Последен пат е изменето: август 30, 2016: http://meta.mk/en/leaders-meeting-tomorrow-at-13-00/.

## А.4 Дали слободата на новинарската работа и на здружување се гарантира со закон и дали законот се спроведува?

Во Македонија Владата не бара лиценцирање за новинари. Сепак, законодавството за медиуми коешто беше усвоено во декември 2013 година, за прв пат ја дефинира професијата новинар. Ова е предвидено во Законот за медиуми, член 2, алинеја 4, со следнава формулација: „Новинар е лице кое собира, анализира, обработува или класифицира информации објавени во медиумите и е вработено во медиумите или има договор за работа со нив или лице кое реализира новинарски активности како независна професија (слободен новинар)». Оваа дефиниција е проблематична поради тоа што може да ја ограничи работата на новинарите, па затоа барањето на ЗНМ, Независниот синдикат на новинарите на Македонија и Македонскиот институт за медиуми беше таа да се избрише од законот.[64] Непотребно е да се дефинира професијата затоа што во цела Европа не постои општо прифатена дефиниција за „новинар».

Иако во моментов не постои формална лиценца за новинари, оваа тема беше присутна во некои од провладините медиуми кои шират пропаганда за потребата од лиценцирање на новинарите.

Новинарите може да ги следат седниците на Парламентот со соодветна акредитација. Едно од главните прекршување на ова правило се случи на 24 декември 2012 година, кога собраниското обезбедување со сила ги изнесе новинарите од парламентарната галерија, со цел да ги спречи да известуваат за насилното истерување на пратениците на опозицијата од пленарната сесија на Собранието на која требаше да се расправа за донесување на буџетот. За овој случај, ЗНМ во 2013 година ги искористи сите правни можности да ја побара правдата во земјата и на крај случајот го поднесе официјално пред Европскиот суд за човекови права.[65] ЗНМ, Синдикатот и многу други медиумски организации го осудија овој настан и побараа политичка и прав-

64 «Закон за медиуми: Новинарите со поделени ставови по прашањето кој е новинар», Telegraf.mk. Последен пат е изменето: јули 30, 2016: http://www.telegraf.mk/aktuelno/makedonija/ns-newsarticle-19945-zakon-za-mediumi-novinarite-se-podelija-za-prasanjeto-koj-e-novinar. nspx

65 Марулич Јаков Симона, « Македонските новинари ќе бараат правдата во Стразбур» БалканИнсајд, јуни 5, 2014 година. Пристапено на: септември 15, 2016: http://www.balkaninsight.com/en/article/macedonia-journalists-to-seek-justice-

на одговорност за инцидентот.[66] И покрај тоа, никој не беше земен на одговорност за насилното истерување на новинарите од собраниската галерија.

ЗНМ има регистрирано случаи кога на одделни новинари не им беше дозволено да известуваат за некои настани, вклучувајќи и судски рочишта. Во некои од овие случаи[67] новинарската акредитација не била доволна за новинарите да ја извршуваат својата работа, односно им била побарана „лиценца” од институциите. Некои новинари од онлајн медиуми дури добија и „лекција» за Законот за медиуми од претставници на Основниот суд во Скопје, со која им е укажано дека тие не се новинари, затоа што интернет порталите не се опфатени со Законот за медиуми. Тоа беше суптилен притисок на власта преку судството, новинарите и медиумите да се согласат со построга законска регулација на работата на интернет порталите.

ЗНМ забележал дека на новинари од Бугарија, Косово и Албанија, поради нејасни причини, не им било дозволено да влезат во земјата. Некои од локалните медиуми известуваа за овие случаи, но сепак, институциите не дадоа јасно објаснување.[68] Во 2015 година властите протераа од земјата тројцата новинари од Турција. Случајот беше регистриран од ЗНМ но и покрај тоа во содржината на судската одлука, причините за протерување на турските новинари не се јасни.

Поголемиот дел од новинарите се организирани во професионални здруженија. Најголемо и најстаро е ЗНМ, кое е основано во 1946 година. ЗНМ е член на Меѓународната федерација на новинари (МФН) и на Европската федерација на новинари (ЕФН). Тоа е независна, невладина и неполитичка организација чија цел е да биде заштитник и промотор на професионалните стандарди и слободата на изразување.[69] Од 2010 година после измените на Статутот, раководството на ЗНМ се избира на слободни избори, во кои учествуваат сите членови на организацијата, според принципот, еден член - еден глас.

Покрај ЗНМ, постои и Македонска Асоцијација на Новинари (МАН) која е формирана во 2003 година, а реактивирани во 2013 година, со цел да ја легитимира новата медиумска регулатива, предложена од владата. Всушност, на сите јавни трибини на ЗНМ на кои се критикуваа законските одредби со кои всушност се ограничува слободата на изразување и кои беа изготвени нетранспарентно, МАН ги поддржување некритички ставовите на партијата на власт.

Во Извештајот на ЕК за напредокот во 2015 година, во врска со работата на новинарските здруженија се вели дека:

> "...Овде, исто така, поларизацијата се јавува долж политичките линии, со неодамна повторно активираната МАН кај која се јавува тренд на провладини гледишта по повеќето прашања. Постарата од организациите, ЗНМ, продолжи да го насочува вниманието кон одреден број важни прашања како влијанието на владините реклами на различноста на медиумите и улогата на медиумите за време на политичката криза. Сигурноста на работата е кревка и работничките права сѐ уште не се соодветно спроведени, што придонесува кон трајниот проблем на самоцензурирање..." [70].

Во прилог на горенаведените тврдења е тоа што претседателот на МАН и генералниот секретар, Слаѓана Димишкова и Цветин Чилиманов, во август 2016 година беа номинирани од владејачката ВМРО-ДПМНЕ за членови во ад-хок телото за следење на известувањето за традиционалните медиуми.[71] Со ова јасно се укажува на тесната поврзаност помеѓу МАН и ВМРО-ДПМНЕ.

ЗНМ остро се спротивстави на овој концепт за решавање на проблемите во медиумите во кој политичките партии создаваат привремено тело за контрола на примената на професионалните стандарди во медиумите, велејќи дека се потребни системски и одржливи промени во медиумскиот сектор со цел да се добијат вистински резултати.[72]

После формирањето на МАН, ЗНМ доби жалби од новинари дека од сопствениците на медиумите и уредниците се изложени на притисок да се зачлену-

66 *«Заедничка изјава на медиумските организации во Македонија», Здружение на новинарите на Македонија. Последен пат е изменето: декември 24, 2016 http://www.znm.org.mk/drupal-7.7/en/node/524*

67 *Ова беше објавено од анонимен новинар во канцеларијата на ЗНМ во јуни 2014 година и случајот веднаш беше решен по интервенцијата на претседателот на ЗНМ до Врховниот суд во Скопје.*

68 *«На тројца бугарски новинари им бил забранет влез во Македонија“, Плусинфо. Последен пат е изменето: април 18, 2016 година http://plusinfo.mk/vest/66847/-na-trojca-bugarski-novinari-im-bil-zabranet-vlez-vo -makedonija.*

69 *Информации во врска со Здружението на новинарите на Македонија може да се најдат на нивната интерент страница: http://znm.org.mk/?page_id=719&lang=en*

70 *Извештај за напредокот на Република Македонија за 2015 година, стр.22.*

71 *«Договор меѓу четирите политички партии од 20 јули 2016 година», ЕЕАК. Последен пат променето на: јули 20, 2016: http://eeas.europa.eu/delegations/the_former_yugoslav_republic_of_macedonia/press_corner/all_news/news/2016/2016-07-20_agreement_en. htm*

72 *«Партиите нема да се откажат од својата контрола врз медиумите», Здружение на новинарите на Македонија. Последен пат променето на: јули 21, 2016: http://znm.org.mk/?p=2517&lang=en*

ваат во другата организација. Такви случаи беа регистрирани во регионалните и локалните медиуми, каде што новинарите се во уште покревка позиција и каде што сопствениците на медиумите се директно поврзани со владејачката партија.[73]

Дел од новинарите и вработените во медиумите се членови на Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници (ССНМ)[74], организација која е основана во 2010 година. Тоа е првиот новинарски синдикат, кој беше основан во Македонија. Покрај него, формално постои и Синдикат на новинари во рамките на јавниот радиодифузен сервис (МРТВ), иако не се достапни информации за оваа организација на интернет страницата на МРТВ, ниту за нејзините скорешни активности.

Претседателот на Самостојниот синдикат на новинари Тамара Чаусидис беше отпуштена од приватната национална Алсат-М телевизија, во која работеше претходно. Нејзините работодавци изјавија дека нејзиното заминување било врз основа на меѓусебен договор, додека Чаусидис вели дека потписот на нејзината оставка бил фалсификуван и дека таа е отпуштена од работа затоа што била активна во Синдикатот основан во ноември 2010 година, за да им помогне на новинарите при обезбедувањето на нивните работнички права.[75]

Нема статистички податоци колку од новинарите вработени во приватните медиуми и во МРТ се членови на ССНМ и на Синдикатот во рамки на МРТВ. Што се однесува до ССНМ тие, исто така, имаат и „тајни членови» и велат дека причината за ова е тоа што членовите ќе имаат притисоци доколку се дознае дека се дел од Синдикатот.[76]

Во 2016 година во медиумите се појавија информации за основање на нов синдикат на новинари, во кој ќе членуваат новинари од медиумите блиски до владејачката партија. Се претпоставува дека идејата за формирањето на овој „контра синдикат" беше поврзана со политичките преговори за реформа на медиумите и со намерата на ССНМ да се воведе Нацрт-колективен договор што се очекува да биде поддржан од медиумите.

73 *Костадин Демилитов „Ниски удари за членство или за моќ», Дојче веле, 10 јули 2013. Пристапено на: 15 септември 2016 година: http://www.dw.com/mk.*

74 *Информации за ССНМ може да се најдат на следната интернет страница: http://ssnm.org.mk/?lang=en.*

75 *Димишковска Гроздановска Љубица, Земји во транзиција 2012: Република Македонија, Фридом хаус: 2016. Пристапено на 15 септември 2016: https://freedomhouse.org/report/nations-transit/2012/macedonia.*

76 *Устав на РМ, 55/2016.*

## А.5 Какво е нивото на правната заштита на новинарските извори?

Уставот на Република Македонија го гарантира правото на доверливост на изворот на новинарот.[77] Новинарот има право да не го открие изворот на информации или да не открие информации со кои ќе го открие идентитетот на изворот.

Законот за медиуми го предвидува истото ова право и наведува дека кога новинарот ќе сака да објави информација, треба да го извести уредникот. Истото право се применува и за другите поединци кои се запознаени со изворот поради нивната професионална поврзаност со новинарот.

Законот за граѓанска одговорност за клевета и навреда ја уредува граѓанската одговорност за штета нанесена на честа и угледот на физички и правни лица со клевета или навреда, но сепак утврдува дека на новинарите не може да им се наметне да ги откријат своите извори. Судот може да побара од новинарот да открие информации за да се потврди вистинитоста на објавените искази, без да се идентификува изворот на информацијата.

77 *Уставот на Република Македонија, член 16.*

За целите на ова истражување, ЗНМ го анализираше Кривичниот законик и не најде ограничување во однос на заштитата на новинарските извори. Сепак, судската практика е таква што се искористи друга законска одредба за да се затвори новинар поради тоа што не го открил својот извор. Во 2013 година, новинарот Томислав Кежаровски доби казна од четири и пол години затвор за наводно откривање на идентитет на заштитен сведок во 2008 година. Судот ја донесе оваа пресуда после 5 години од објавувањето на текст во весник непознат за поширока јавност. Случајот на Кежаровски стана глобално познат и имаше негативен ефект во оценувањето на индексот за слободата на изразување и независноста на медиумите во Македонија спроведено од страна на кредибилни меѓународни организации.

Во рамките на истражувањето (види Табела 1) на новинарите им го поставивме прашањето „Колку често барате пристап и колку одржувате контакт со изворите на информации при известувањето за прашања од јавен интерес?"

*Табела 1:Одржување на контакти со изворите на информации*

| Фреквенција на барање и одржување контакти со изворите на информации при известувањето за прашања од јавен интерес | Број на одговори | Вкупно учество (во %) |
|---|---|---|
| Скоро никогаш | 3 | 3 |
| Ретко | 3 | 3 |
| Понекогаш | 8 | 8 |
| Многу често | 25 | 25 |
| Секогаш | 23 | 23 |
| Не знае | 1 | 1 |
| Одбива да одговори | 6 | 6 |

Многу висок процент од опфатените лица (70%) одговориле дека многу често или секогаш бараат и одржуваат контакти со своите извори, додека мал процент од нив (8%) одговориле дека никогаш не го прават тоа, а 12% дека „понекогаш» контактираат со своите извори. Ова покажува дека за голем процент од анкетираните новинари одржувањето на контактите со изворите на информации е важно во работењето.

## А.6 Какво е нивото на заштитата на правото на пристап до информации?

Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер постои уште од 2006 година и во неколку наврати се менуваше и дополнуваше[78]. Генерално гледано, овој закон е усогласен со основните принципи утврдени во меѓународното право. Според анализите на Генералниот директорат на Европската унија за надворешна политика, правото на слободен пристап се уште не се имплементира целосно во праксата и повеќе граѓани и организации се соочуваат со потешкотии при користењето на ова право. Според некои анализи, Комисијата за слободен пристап до информации од јавен карактер се уште не е независна и нема доволен капацитет и ресурси да ги извршува своите задачи[79].

Постојниот Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер ги уредува условите, начинот и постапката за остварување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер со кои располагаат органите на државната управа и другите органи и институции утврдени со закон. Извештајот на ЕК за напредокот за 2015 година укажува на недостигот на казни за институциите кои не се транспарентни кон јавноста:

> "Имплементацијата на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и понатаму е неефикасна и во практиката не се изречени казни за неуспешното спроведување". Со законскиот рок од 30 дена за давање одговор на барањето за информации од јавен карактер, Република Македонија спаѓа во групата земји со најдолги рокови".

Центарот за граѓански комуникации (ЦГК), македонска истражувачка организација, во 2012 година спроведе истражување за примена на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер од страна на новинарите[80]. Во рамките на истражувањето, беше спроведена анкета со стандардизиран прашалник во кој учествуваа 60 новинари од 30 медиуми во земјата, вклучувајќи и 12 ТВ-станици. Покрај тоа, до институциите биле испратени и 40 барања од новинари за пристап до информации од јавен карактер.

Истражувањето покажа дека новинарите не се доволно запознаени со правото за слободен пристап до информации од јавен карактер. Само 50% од анкетираните новинари беа целосно запознаени со ова право, а 58% никогаш не поднеле барање за пристап до информации од јавен карактер во првите шест години од спроведувањето на Законот. Најголем дел новинари кои поднеле барања за слободен пристап до информации од јавен карактер имале негативно искуство со државните институции. 87% од анкетираните новинари на чии барања било одговорено, ги оцениле добиените одговори како нецелосни. Два клучни аргумента на новинарите кои ја објаснуваат слабата примена на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер се: недостигот на доверба дека институциите ќе ги достават бараните информации и долгите рокови за добивање одговор. Од 40 институции до кои новинарите поднеле барање за информации од јавен карактер, бараната информација ја споделиле околу 38 % од институциите.

Во рамките на ова истражување ЗНМ спроведе слична анкета со новинари (мај 2016 година) и ги праша дали тие некогаш биле одбиени од јавните власти да добијат пристап до информации од јавен карактер потребни за нивно известување. Одговорите на анкетираните новинари покажаа висок процентот на оние кои никогаш не побарале пристап до информации од јавен карактер (29%), како и на оние кои биле одбиени (28%).

*78 Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер*
*79 Броди, Елда и ост. Слободата на медиумите во Западен Балкан, Генерален директорат за надворешни политики, Европската унија, Брисел: октомври 2014, стр.17.*

*80 Центар за граѓански комуникации. Истражување за примената на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер од страна на новинарите. Скопје: септември 2012. Пристапено на септември 15, 2016: http://www.ccc.org.mk/images / stories/research.pdf*

*Табела 2: Барања за пристап до информации од јавен карактер*

| Барања за пристап до информации од јавен карактер | Број на одговори | Вкупно учество (во %) |
|---|---|---|
| Никогаш не сум побарал пристап до информации од јавен карактер | 20 | 29 |
| Побарав пристап до информации од јавен карактер, но никогаш не ме одбиле | 4 | 6 |
| Побарав пристап до информации од јавен карактер и ме одбија | 19 | 28 |
| Не знам | 5 | 7 |
| Одбива да одговори | 20 | 29 |

Со анкетата спроведена во рамките на ова истражување, новинарите беа прашани и за транспарентноста на различни институции.

*Табела 3: Транспарентност на различни институции, во%*

| % | Нема транспарентност | Мала транспарентност | Одредена транспарентност | Транспарентност во голема мера | Целосна транспарентност | Не знам | Одбива |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Парламентот | 6 | 25 | 31 | 7 | 1 | 4 | 25 |
| Владата | 21 | 25 | 21 | 3 | 1 | 4 | 25 |
| Политичките партии | 10 | 31 | 28 | 9 | 4 | 1 | 16 |
| Политичари | 9 | 38 | 24 | 9 | 3 | 1 | 16 |
| Правосудство | 24 | 24 | 25 | 6 | 3 | 3 | 13 |
| Полиција | 12 | 28 | 25 | 16 | 1 | 1 | 16 |
| Војска | 10 | 28 | 21 | 10 | 3 | 6 | 25 |

Најмалку транспарентни институции, според новинарите, се правосудните органи: 48% од новинарите одговориле дека тие воопшто не се или се малку транспарентни. Слична оценка е дадена и за политичарите во генерална смисла (47%), како и за Владата (46%). Потоа следуваат политичките партии (41%), полицијата (40%), војската (38%) и Собранието (31%). Може да се заклучи дека, според новинарите, ниту една државна институција не покажува поголем степен на транспарентност, односно дека во сите државни институции постои тенденција кон затворање или прикривање на информациите.

# Б

# Позицијата на новинарот во редакцијата, професионалната етика и нивото на цензура

Со испитување на различните аспекти на професионалната, економската и социјалната положба на новинарот, главно преку спроведување на анкета и интервјуа со новинарите, во овој дел од истражувањето беше утврдено дека постојат сериозни ограничувања на новинарските слободи во Македонија, за што несомнено придонесува лошиот економски, социјален и професионален статус. Загрижувачки мал процент на новинари имаат безбедно работно место, социјални и работни бенефиции, платите се ниски и нередовни, а мнозинството новинари заработуваат помалку од просечната плата во Македонија. Покрај ова, постои и голем притисок од сопствениците и менаџерите. Повеќето медиуми се потпираат на финансиската поддршка од владините тела, па оттаму сопствениците и менаџерите посветуваат поголемо внимание на задоволување на желбите на Владата, отколку на создавање квалитетни и независни новинарски содржини.

## Б.1 Економската положба на новинарот се злоупотребува за да се ограничи неговата слобода

Нема прецизни статистички податоци за бројот на професионалните новинари во Македонија, ниту за новинарите кои имаат потпишани договори за работа. Не постои регистар на професионални новинари. Во текот на годините, ставот на ЗНМ е дека не треба да има постапка за регистрација, ниту издавање лиценци за новинари во Македонија, поради опасноста Владата да го злоупотреби административниот или законскиот услов за да ја контролира професијата.

ЗНМ има „активни членови» и „придружни членови». Првата категорија се состои од новинари кои извршуваат верификувана професионална новинарска работа во текот на изминатите 12 месеци. Бројот на „активни членови» на ЗНМ, што значи активни новинари кои во текот на претходните 12 месеци работеле во некој медиуми, во декември 2016 година изнесуваше 450 лица. Сепак, базата на податоци на ЗНМ се состои од повеќе од 1000 членови, или поединци кои во одреден момент во текот на изминатите петнаесет години откако постои оваа база на податоци, биле активни новинари и плаќале годишна членарина.

Во отсуство на официјални податоци, бројот на новинарите со потпишани договори за работа во Македонија може да се изведе од други достапни показатели. Така, според податоците за бројот на вработени во медиумите во Македонија, што се објавуваат како дел од редовните (годишни) анализи на пазарот спроведени од регулаторот, во 2015 година, бројот на сите вработени во аудиовизуелните медиуми бил вкупно 3062 лица[81]: во јавниот радиодифузен сервис (МРТВ) биле вработени 901 лице, во комерцијалните телевизии 1723, а во комерцијалните радија 438 лица. Од нив, во редовен работен однос биле 2444, а хонорарно биле ангажирани 634 лица. Вкупно 1047 биле новинари, 202 уредници. Од нив, во јавниот сервис биле вработени 239 новинари и 86 уредници, во комерцијалните телевизии 611 новинари и 68 уредници, а во комерцијалните радија 197 новинари и 48 уредници. На оваа вкупна бројка, треба да се додадат проценките за бројот на новинари и уредници во секторот на печатени и во секторот на онлајн информативни медиуми.

Неколку граѓански организации имаат спроведено свои истражувачки проекти за да се истражи големината на заедницата на вработени новинари во Република Македонија, како и квалитативните аспекти на нивниот социјален статус. Еден таков извештај е „Белата книга на професионалните и работничките права на новинарите и медиумските работници» - публикација на Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници на Македонија објавена во 2014 година[82]. Во рамките на ова истражување е опфатен репрезентативен примерок од 300 професионални новинари (само 2% од анкетираните не беа новинари, односно беа медиумски работници). Истражувањето покажа дека 59% од професионалните новинари имаат полно работно време со работни договори, со сите придружни социјални бенефиции. Процентот на новинари ангажирани со договори на определено работно време е 12%. Просечната должина на таквите договори е 6,4 месеци.

Другите немаат никакви социјални бенефиции затоа што се ангажирани со хонорарни договори - 17% (договори на дело) или немаат потпишано договори, 11%. Ова значи дека повеќе од една четвртина од професионалните новинари во Македонија немаат платени придонеси за социјално осигурување кои произлегуваат од договорите за работа со полно работно време за 2014 година.

> "Хонорарно вработување, договор за хонорарец, авторски договори, стажирање … - ова се само некои од начините на кои медиумите создаваат правно покритие за неисполнување на работничките права на вработеното лице во медиумите и кои произлегуваат од македонскиот Закон за работнички права"[83].

И покрај фактот што истражувањето не е спроведено на случаен репрезентативен примерок, резултатите од истражувањето на ЗНМ спроведено во јуни 2016 покажуваат сличен тренд во однос на статусот на вработување на интервјуираните новинари.

81 ААAВМУ. *Структура на вработените во аудио и аудио-визуелната медиумска индустрија во 2015 година*, Скопје: 2015, стр.6. Пристапено на септември 28, 2016: http://www.avmu.mk/images/Struktura_na_vrabotenite_vo_audio_i_audiovizuelnata_mediumska_industrija_vo_2015_godina.pdf

82 Самостоен синдикат на новинари и медиумски работници на Македонија, *Бела книга на професионалните и работничките права на новинарите и медиумските работници*, Скопје: 2014, стр. 77.

83 *Бела книга*, стр. 41.

*Табела 1: Работен статус на новинарите*

| Моментален статус на вработување | Број на одговори | Вкупно учество (во%) |
|---|---|---|
| Полно работно време | 32 | 46 |
| Скратено работно време | 3 | 4 |
| Хонорарец | 1 | 1 |
| Друго | 22 | 32 |
| Не знам | 2 | 3 |
| Одби | 10 | 14 |

Само 46% од новинарите имаат договор за вработување со полно работно време, додека другите имаат некој вид договор кој не им ги обезбедува целосно социјалните бенефиции и бенефициите од вработување. Забележливо е дека голем процент (32%) од анкетираните новинари сметаат дека нивниот работен статус е „друго», односно она што не спаѓа во ниту една од горенаведените категории и / или е мешавина на неколку од нив. Покрај ова сознание, важно е да се напомене и дека 40% од новинарите се вработени во повеќе од еден медиум/редакција, што беше потврдено од одговорите на следново прашање, кое е прикажано во Табле 2:

*Табела 2: Број на работодавачи на новинари*

| Број на редакции за кои работат | Број на одговори | Вкупно учество (во%) |
|---|---|---|
| Една | 46 | 32 |
| Повеќе од една | 40 | 28 |
| Не знам | 2 | 1 |
| Одбива | 12 | 8 |

Освен ова, речиси секој трет новинар анкетиран од ЗНМ врши други неновинарски работи заради зголемување и/или дополнување на своите приходи.

*Табела 3: Платени професионалните активности на професионални новинари кои се надвор од новинарството*

| Други професионални ангажмани надвор од новинарството | Број на одговори | Вкупно учество (во%) |
|---|---|---|
| Да | 19 | 28 |
| Не | 48 | 69 |
| Не знам | 0 | 0 |
| Одбива | 2 | 3 |

За да се разбере големината и карактеристиките на новинарскиот пазар на трудот, односно степенот до кој се развиени неформалните практики на несигурно (и честопати нелегално) ангажирање новинари во медиумите, ССНМ во 2014 година спроведе истражување за условите под кои работат новинарите во Македонија[84]. Со примерок од над 104 професионални новинари кои беа анкетирани преку структурирано интервју, 77% сметаат дека нивниот тековен новинарски ангажман е несигурен, 33,7% сметаат дека се целосно несигурни, додека 43,3% дека генерално се несигурни. Повеќето од овие новинари се со договори за хонорарни активности. Истражувањето покажа и дека 41,3% од испитаниците сметаат дека нивната социоекономска состојба е влошена во споредба со минатата година, а 34,6% дека е непроменета, но е многу лоша. Со извештајот, исто така, се утврди дека:

> "Ефектот на социјална анксиозност и прекувремената хонорарна работа кога ќе се спореди со новинарите од повисок ранг, резултира со недостиг на мотивација, избегнување на истражувачкото новинарство, политички несоодветни теми и импровизација во работата"[85].

Тешко е да се обезбедат прецизни податоци за приходот на новинарите во различни медиумски сектори, бидејќи не постојат официјали статистички податоци, ниту пак сеопфатни податоци добиени од други истражувања. Државната статистика не располага со податоци за просечниот приход на новинарите и медиумските работници, затоа што тие не се издвоени како посебна категорија во редовните истражувања за платата што ги спроведува Државниот завод за статистика.

84 *Работата на прекаријатот во медиумската индустрија, стр. 65.*
85 *Ibid, стр.66*

Во анкетата спроведена за потребите на овој проект, беше поставено прашање и за висината на приходите: 32% од анкетираните новинари изјавија дека заработуваат до 200 евра нето-приход месечно. Со оглед дека просечната месечна исплатена бруто-плата во Македонија за јуни 2016 беше 32,637 илјади денари (529 евра[86]), а просечната нето-плата 22.187 денари (359 евра[87]), тоа значи дека секој трет новинар заработува помалку од една третина од просечната месечна плата во земјава.

*Табела 4: Категории на приходи и расходи на новинари*

| Месечни примања, после оданочување, во МКД | Број на одговори | Вкупно учество (во%) |
|---|---|---|
| 0-12,000 | 32 | 21 |
| 20,000-18,000 | 16 | 11 |
| 18,000-24,000 | 18 | 12 |
| 24,000-30,000 | 9 | 6 |
| 30,000-36,000 | 3 | 2 |
| 36,000-42,000 | 3 | 2 |
| 42,000-48,000 | 0 | 0 |
| 48,000-56,000 | 0 | 0 |
| Над 60,000 | 0 | 0 |
| Не знам | 1 | 1 |
| Одбива | 1 | 1 |

Горната табела покажува дека 48% од анкетираните новинари остварувале приход до 18.000 денари (околу 300 евра) што е под просечната нето-плата во земјата, 18% се во категоријата со просечни приходи (од 300 до 400 евра), 9% заработуваат од 24.000 до 30.000 денари (од 400 до 500 евра), додека 6% имаа приходи од 500 до 700 евра. Само незначителен процент(1%) испитаници се меѓу „високо платените“.

Поголемиот дел од анкетираните новинари (54%) сметаат дека економската состојба на новинарите се влошила, во споредба со претходниот период, 7% сметаат дека не е променета, а 9% дека е малку подобрена. Само 7% од анкетираните новинари сметаат дека економската состојба на новинарите е значително подобрена во споредба со претходните години. Временскиот период за споредбата се претходните 5 години (2011-2016).

*Табела 5: Мислења за економската состојба на новинарите*

| Економската состојба на новинарите | Број на одговори | Вкупно учество (во%) |
|---|---|---|
| Многу се влоши | 21 | 28 |
| Делумно се влоши | 18 | 26 |
| Не се промени | 5 | 7 |
| Донекаде се подобри | 6 | 9 |
| Многу се подобри | 5 | 7 |
| Не знам | 0 | 0 |
| Одби да одговори | 14 | 22 |

Показател што укажува на економската положба на новинарите е нивната ангажираност на други работи надвор од редакцијата и од новинарската работа. На пример, 28% од анкетираните новинари (Табела 3) одговорија дека вршат и дополнителни активности надвор од својата главна професија, а 40% од нив работат за повеќе од еден медиум. На овој начин, тие добиваат средства со кои ги надополнуваат своите основни приходи.

Показател за економската положба на новинарите се и одговорите за должината на нивното работно време: 39% од анкетираните новинари одговориле дека работното време на новинарите е зголемено во споредба со порано, додека 22% одговориле дека не е променето.

*Табела 6: Перцепција на должината на работното време*

| Просечното работно време на новинарите | Број на одговори | Вкупно учество (во%) |
|---|---|---|
| Многу се намали | 7 | 10 |
| Делумно се намали | 3 | 4 |
| Не се промени | 15 | 22 |
| Донекаде се зголеми | 12 | 18 |
| Многу се зголеми | 14 | 21 |
| Не знам | 2 | 3 |
| Одби да одговори | 15 | 22 |

86 *Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија: Пристапено на септември 28, 2016: http://www.stat.gov.mk/.*
87 *Ibid.*

Овие сознанија се потврдуваат и со заклучоците за состојбата со слободата на медиумите во Македонија, објавени во Извештајот на Фридом хаус за слободата на медиумите во Македонија за 2014 година. Имено, оваа меѓународна организација забележува дека новинарите се соочуваат со ниски плати, лоша безбедност на работното место и работни услови, уредувачки притисок од сопствениците, а повеќето медиуми се потпираат на финансиската поддршка од владините субјекти или други бизнис сопственици.[88]

Според Белата книга на ССНМ, оние новинари кои работат во несигурни работни услови и се без основна заштита од Законот за работни односи се повеќе склони да работат дополнително заради обезбедување средства за егзистенција. Овие практики се широко распространети кај македонските медиуми и покрај фактот што овој вид вработување не постои во правниот систем[89]. Јавна тајна е дека хонорарниот ангажман е широко распространета појава во македонските медиуми. Од друга страна, државната трудова инспекција го спроведува законот селективно, поради што бројот на незаштитени новинари е се поголем. Основна карактеристика на оваа група новинари се ниските плати, прекумерниот број работни часови и немањето социјална заштита, што придонесува за нивната социјална и егзистенцијална (економска) несигурност. Истражувањето укажува и на тоа дека голем број хонорарни новинари работат како локални дописници на поголемите медиуми. Покрај ниските плати, оваа категорија новинари, исто така, работи во тешки работни услови:

> "Работи во супстандардни услови за работа, со користење на своите средства за работа (компјутери, камери, возила и честопати работат на неколку работни места со цел да преживеат"[90].

Илустрација за ситуацијата во која се наоѓаат многу новинари е и тоа што малку од нив работат само на една тема за која се специјализирале. Само 15% од анкетираните новинари одговориле дека во редакцијата се задолжени да покриваат само една област, додека дури 77% немаат еден фокус во новинарските содржини, односно работат на повеќе од една тема.

*Табела 7: Новинари и покривање на области*

| Број на теми и опфатени области | Број на одговори | Вкупно учество (во%) |
|---|---|---|
| Една | 10 | 15 |
| Повеќе од една | 53 | 77 |
| Не знам | 1 | 1 |
| Одбива | 5 | 7 |

Ова покажува дека голем број новинари немаат можност да се специјализираат, односно дека работодавците ги користат новинарите за да покриваат повеќе, понекогаш неповрзани области, или работат на која било приказна или жанр што ќе ги добијат како работна обврска. Мошне честа ситуација е и новинарите, покрај новинарскиот аспект на приказната (содржина), да мора да се грижат и за техничките и административните аспекти на работата. Сопствениците најчесто се стремат да го намалат бројот на вработени во медиумите и не вложуваат во квалитетот на содржини и во професионализација на кадарот. Тоа, генерално, се одразува на општиот кредибилитет на професијата.

Како што е прикажано во табелата подолу, самите новинари сметаат дека нивниот статус влијае и врз перцепцијата на јавноста за новинарската професија. Речиси половина (49%) од анкетираните новинари сметаат дека кредибилитетот на новинарската професија е намален во текот на изминатите пет години.

*Табела 8: Кредибилитетот на новинарството како професија*

| Кредибилитетот на новинарите | Број на одговори | Вкупно учество (во%) |
|---|---|---|
| Многу се намали | 17 | 25 |
| Делумно се намали | 17 | 24 |
| Не се промери | 9 | 13 |
| Донекаде се зголеми | 6 | 9 |
| Многу се зголеми | 5 | 7 |
| Не знам | 0 | 0 |
| Одби да одговори | 15 | 21 |

88 *Фридом хаус, Извештај за слободата на печатот, 2014. Пристапено на: 28 септември 2016: https://freedomhouse.org/report/freedom-press/2014/macedonia.*

89 *Бела книга на професионалните и работничките права на новинарите и медиумските работници, стр.8.*

90 *Ibid, стр. 8-9.*

## Б.2 Какво е нивото на уредувачката независност од сопствениците на медиумите и органите на управување?

Според длабинските интервјуа спроведени со експерти, само поголемите медиуми усвоиле процедури и внатрешни акти со кои се уредува внатрешната организација, и според кои маркетинг одделенијата се одвоени од редакцијата. Сепак, и покрај фактот што овие сектори можеби се посебни, тие сепак се мешаат во работата на редакциите и влијаат на начинот на кој известуваат, бидејќи се под контрола на економските и политичките интереси на сопственикот. Интервјуираните експерти и новинари сметаат дека медиумите не известуваат негативно за оние кои огласуваат, а во тој поглед постои особена загриженост поради тоа што Владата користи многу од средствата на даночните обврзници за купување на т.н. „реклами за владините кампањи" кои во суштина се пропагандни алатки за корумпирање на приватните медиуми. Во суштина, преовладува економскиот интерес на сопствениците, па оттаму истото се претвора во „политичка пропаганда со јавни средства"[91].

Според интервјуираните дури и кога има такви правила во медиумиртре за уредувачка независност од сопствениците и менаџерите, тие генерално не се почитуваат во практиката. Медиумите ретко пишуваат критички за големите клиенти, а особено ретко пишуваат критички кон Владата како најголем огласувач кој вложува јавни средства во медиумите.

Според сознанијата, ниту еден од приватните медиуми нема свој посебен етички кодекс. Добар дел од медиумите се членки на Советот за етика (СЕММ), тело за саморегулација, основано во 2014 година и како такви се обврзале да се придржуваат кон неговиот кодекс. Новинарите кои се членови на Здружението на новинарите на Македонија се придржуваат кон Кодексот за етика на новинарите. ЗНМ има свое саморегулаторно тело - Совет на честа.

Постојат различни директни форми на притисок од сопствениците на медиумите и менаџерите врз новинарите, па дури и закани за губење на работното место и физички закани. Тоа предизвикува најчесто автоцензура кај новинарите. Еден од соговорниците во интервјуата цитираше случај на «закана за отпуштање од работа заедно со закана за отпуштање на роднина, кој е вработен во јавната администрација»[92].

*91 Сашо Ордановски, интервју од член на тимот на А, јули 13, 2016.*

*92 Анонимно интервју реализирано со новинар во приватен медиум, јули 2016 година*

## Б.3 Кое е нивото на уредувачката независност на новинарите во ЈРС?

МРТ нема усвоено општ Кодекс за професионално известување, иако тоа е обврска на јавниот сервис утврдена со Статут. Во 2016 година, со поддршка на Британската амбасада и Македонскиот институт за медиуми, изработен е и усвоен Кодекс за етика во известувањето за време на изборни кампањи. Сепак, општите принципи утврдени во овој кодекс се однесуваат и на општите професионални принципи на известување што важат за кој било период.

Со член 14 од Статутот на МРТВ се предвидува дека јавниот радиодифузен сервис треба да обезбеди «... постојана, вистинита, целосна, непристрасна, праведна и навремена информација...” [93]. Покрај Статутот, МРТВ треба да усвои и 17 други акти, вклучувајќи ја и Уредбата за внатрешната организација, Етичкиот кодекс, итн. Новинарите и редакциите не се независни, односно најчесто се под директни влијанија на уредниците и менаџментот, а во голем број случаи и под влијание на високи функционери од власта. Токму ваквите влијанија беа причина јавниот сервис да биде една од точките на политичките преговори од Пржино. Како резултат од овие преговори се предвиде можноста сто дена пред изборите да се именува нов одговорен уредник на Информативната програма на првиот канал во јавниот сервис, по предлог на најголемата опозициска партија како и дополнителни промени во Изборниот закон со што се преполовуваат казните за медиумите како во однос на почитувањето на условите за работа, така и во однос на начинот на известување за изборната кампања.

Новинарите во јавниот сервис трпат големи притисоци од власта со години station наназад. Тоа беше прашање што постојано се нагласуваше како предмет на загриженост и од страна на Европската комисија. На пример, во Извештајот за напредокот за 2015 година, Европската комисија, во контекст на јавниот сервис, особено го нагласува начинот на известување за скандалот со прислушувањето од 2015 година:

> „Постои сериозна загриженост за уредувачката независност на МРТВ. Таа обезбеди ограничено известување за откриените прислушувања, а некои од објавените снимки покажаа дека владини претставници им се заканиле на новинарите за безбедноста на нивното работно место доколку не известуваат согласно саканата насока”.[94]

93 *Статут на МРТВ, поглавје II, член 14.*

94 *Извештај за напредокот на Република Македонија за 2015 година.*

### Б.4 Кое е нивото на уредувачката независност на новинарите во непрофитниот сектор?

Во септември 2016 година во секторот на непрофитните радиодифузери имаше само три[95] лиценцирани радиостаници во земјата кои се основани при главните универзитети. Тие емитуваат програми наменети за и произведени од студентите.

Голем број медиуми функционираат како регистрирани граѓански организации во областа на онлајн медиумите, но сепак до сега нема посебна анализа за нивната работа и за статусот и независноста на новинарите во редакциите на овие медиуми.

### Б,5 Колку слобода имаат новинарите во процесот на производство на вести?

Најголем дел од испитаниците сметаат дека постои широко распространета цензура и автоцензура, како и други форми на притисок кои влијаат врз работата на македонските новинари. Според експертот за медиуми Сефер Тахири[96], *„многу малку од новинарите јавно ја признаваат цензурата или притисокот, а самоцензурата е широко распространета и претставува главна пречка за новинарот слободно и професионално да ја врши својата работа. Соња Делевска, новинар, го потврдува заклучокот, додавајќи дека "цензурата се признава на јавни собири и во општа смисла, без конкретни примери од реалниот живот".*[97]

Во рамките на анкетата спроведена за овој проект, беа поставени неколку прашања за нивото на цензурата и влијанието и притисоците што новинарите ги трпат од различни извори.

*Табела 9: Влијание на цензурата врз работата на новинарите*

| Цензура врз новинарите | Број на одговори | Вкупно учество (во%) |
|---|---|---|
| Не се релевантни за работа на испитаникот | 1 | 1 |
| Не влијае | 6 | 9 |
| Малку влијае | 11 | 16 |
| Делумно влијае | 10 | 15 |
| Малку влијае | 13 | 19 |
| Екстремно влијателни | 13 | 19 |
| Не знам | 0 | 0 |
| Без одговор | 14 | 21 |

Како што може да се види од горната табела, само 25% од новинарите сметаат дека цензурата има мало или никакво влијание, а над 55% сметаат дека во одредена мера влијае врз нивната работа во новинарството.

95 *Извор: Регистар на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*
96 *Сефер Тахири, интервју со член на тимот на ЗНМ, 11 јули 2016.*
97 *Соња Делевска, интервју со член на тимот на ЗНМ, 14 јули 2016.*

*Табела 10: Влијанието на уредници, медиумски менаџери и сопственици*

| Потенцијал ни извори на влијание | Не се релевантни за работа на испитаникот | Не се влијателни | Малку влијателни | Делумно влијателни | Многу влијателни | Екстремно влијателни | Не знам | Одбива |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вашите уредници, претпоставени и главни уредници | 3 | 7 | 18 | 28 | 22 | 3 | 0 | 19 |
| Раководителите на вашата медиумска организација | 10 | 10 | 19 | 16 | 21 | 3 | 0 | 21 |
| Сопствениците на вашата медиумска организација | 13 | 9 | 21 | 10 | 26 | 3 | 0 | 18 |
| Функционери од Владата | 1 | 10 | 19 | 21 | 21 | 4 | 0 | 24 |
| Политичарите општо | 1 | 18 | 10 | 26 | 15 | 6 | 0 | 24 |
| Луѓето од бизнисот | 1 | 18 | 15 | 22 | 10 | 6 | 1 | 26 |

Кога станува збор за влијанието на различни поединци од непосредното или поширокото опкружување на новинарите, може да се забележи дека главните уредници се тие кои најмногу им влијаат на новинарите во работењето - 53% од испитаниците изјавиле дека тие имаат делумно, големо или екстремно влијание врз нивната работа. Веднаш по нив, доаѓаат политичарите генерално (47%), потоа функционерите од власта (46%), потоа менаџерите на медиумите (40%), па сопствениците на медиумите (39%) и на крајот луѓето од бизнисот (38%). Поединците со кои новинарите не доаѓаат секојдневно во контакт имаат помало влијание врз нивната работа.

Кога одговараат за нивната индивидуална слобода во текот на работата, новинарите даваат поинакви искази од нивните генерални перцепции за различните облици на влијание врз новинарите воопшто

*Табела 11: Слобода во изборот на вестите и аголот на приказните*

| Ниво на слобода во избор на вестите и аголот на приказните | Избор на вестите (во%) | Агол на приказната (во %) |
|---|---|---|
| Нема слобода воопшто | 3 | 3 |
| Малку слобода | 11 | 4 |
| Одредена слобода | 24 | 16 |
| Слобода во голема мера | 36 | 39 |
| Целосна слобода | 21 | 32 |
| Не знам | 0 | 0 |
| Одби | 6 | 6 |

Ц

# Безбедност на новинарите

Од 2011 година, ЗНМ внимателно ги следи, евидентира и документира сите случаи на напади врз новинари што се регистрирани, пријавени и/или обработени со или без желба на нападнатите новинари. Во минатите пет години се евидентирани вкупно триесет и три различни случаи (33), од кои 30 биле пријавени и во Министерството за внатрешни работи. Според регистарот на ЗНМ[98] нападите кон новинарите се во насока на загрозување на нивната безбедност и/или на членови на нивното потесно семејство.

98 *Здружение на новинарите на Македонија, Анализа на случаите на повреда на правото на новинарите и одговори од институции, Скопје: јуни 2016 година, стр.1. Пристапено на 28 септември, 2016: http://znm.org.mk/?page_id=1362.*

## Ц.1 Статистика за безбедност и неказнување

Седум случаи се регистрирани во текот на 2011 и 2012 година, но за потребите на ова истражување ќе се фокусираме на анализа на случаите од последните три години (2013-2016). Во текот на 2013 година не е регистриран ниту еден случај, а во 2014 година се пријавени вкупно пет случаи. Првиот случај за кој постои и судска пресуда е поврзан со присилно одземање на приватна сопственост (камери и снимен материјал) на новинарите Сашка Цветковска (портал ТВ Нова), Марија Митевска (Радио Слободна Европа) и Мери Јордановска (неделник Фокус) од страна на полицаец, а за време на протестите на граѓани во населбата Ѓорче Петров во Скопје. Надлежните институции немаат подигнато обвинение против службените полициски службеници. Според истрагата на Министерството за внатрешни работи, сите 34 полициски службеници кои учествуваа на настанот биле испрашани, но сепак, се уште нема покренато кривична пријава за случајот. Слична е ситуацијата и со новинарот Дехран Муратов, новинар на порталот «ТВ Нова» кому еден полицаец присилно му го одземал мобилниот телефон и му ја избришал снимената содржина од настанот од кој известувал. По формално упатената жалба од ЗНМ, Секторот за внатрешна контрола на МВР го разгледа случајот, но не најде докази и го оспори случајот како неоснован.

Во јули 2014 година, новинарот Исак Рамадани од «Гласот на Америка» беше нападнат од страна на учесници на протестите пред Судот во Скопје. Инцидентот бил пријавен во полиција, а во исто време бил снимен и емитуван на националната телевизија ТВ Телма. Идентитетот на напаѓачот е откриен, но се уште нема официјален извештај или информации за преземени активности од релевантните институции. Бесим Ибрахими, новинар на дневниот весник «Лајм», бил уапсен од полицијата со образложение «Учество во толпа која го спречила службеното лице при вршењето на службената должност». После итната интервенција на ЗНМ, новинарот беше ослободен, а обвиненијата повлечени. Важно е да се напомене дека до септември 2016 година ниту еден од петте случаи од 2014 година не се обработени од надлежните органи (обвинителството, полицијата или судовите).

Во периодот од јануари 2015 година до јуни 2016 година се регистрирани многу поголем број напади врз новинари, во споредба со претходните години. Овој период во голема мера се совпаѓа со длабоката политичка криза во земјата, која започна во почетокот на 2015 година со откривањето на скандалот со прислушувањето по кој во текот на пролетта 2015 година следуваа масовни анти-владини протести, кои повторно се активираа во април 2016 година. Во целата 2015 година и во првата половина на 2016 година се регистрирани вкупно 21 случај на напади врз новинари. Битно е и да се напомене, дека ако во претходните години нападите главно беа вербални, во овој период имаше многу поголем број на случаи на физичко насилство врз новинари, негирање на правото на известување и конфискација на имот (најчесто камери и мобилни телефони).

*Табела 1: Напади врз новинари во периодот од 2014 до јуни 2016*

| Тип на случај | 2014 | 2015 | 2016 |
|---|---|---|---|
| Закана / загрозување на сигурноста | 0 | 0 | 0 |
| Физички напад на новинар / уредник | 1 | 6 | 3 |
| Присилно одземање на приватна сопственост | 2 | 3 | 1 |
| Апсење | 1 | 0 | 0 |
| Вербален напад | 1 | 7 | 2 |
| Одземено право да известува | 0 | 0 | 4 |
| Оштетување на приватен имот | 0 | 0 | 1 |
| Напад на медиум | 0 | 1 | 1 |
| ВКУПНО | 5 | 17 | 12 |

Првите два инциденти во 2015 година биле вербални закани кон новинари: закана со смрт од непознато лица кон новинарот, Борјан Јовановски кој критички пишува за власта и вербална закана кон Дејан Николовски, провладин новинар, уредник на Нетперс, од лидерот на опозициска политичка партија. И двата инциденти се уредно пријавени во МВР, но не е преземена никаква формална активност од страна на институциите за ниту еден од овие случаи.

На 6-ти мај, за време на анти-владините демонстрации во Скопје, новинарот Бојан Шашевски од порталот «www.mkd.mk», бил физички нападнат од полицајци пред зградата на Владата. Иако репортерот се обидел да го пријави инцидентот два дена откако се случил, полициските службеници кои работат во надлежната полициска станица тоа не му го дозволиле.

Во текот на мај 2015 година, беа пријавени уште неколку напади. На 14 мај, приватното возило на новинарот Бранко Тричковски, остар критичар на македонската влада, беше запалено пред неговата куќа од непознати лица. Неколку дена подоцна, Министерот за економија Беким Незири му упати смртни закани на Насер Селмани, претседателот на ЗНМ. На 23 мај, новинарот Саше Ивановски, кри-

тичар на Владата, беше претепан од непознати лица пред неговиот дом. Сите овие напади се врз новинари кои се жестоки критичари на партиите на власт. Но, на 7 мај, беше евидентиран и напад против новинар, кој ја поддржува Владата: уредникот на весникот Вечер, Ивона Талеска била физички нападната од непознати сторители.

Во јули 2015 година беа пријавени најмногу инциденти и напади врз новинари. На 11 јули 2015 година, персоналот на обезбедувањето на Министерот за финансии, Зоран Ставревски, насилно му ја одземал видео-камерата на Саше Ивановски-Политико, главниот и одговорен уредник на порталот «Мактел» и ги избришале сите видео-снимки и фотографии од министерот Ставрески и од поранешната министерка за внатрешни работи Гордана Јанкуловска. Инцидентот се случил за време на церемонијата на отворањето на фестивалот «Охридско Лето». Четири дена подоцна, истиот новинар бил физички нападнат од друг висок функционер на Владата. На 15 јули 2015 година, заменик-премиерот Владимир Пешевски физички го нападна Саше Ивановски-Политико кој му се приближил на заменик премиерот за да му постави прашања во врска со политичкиот договорот од Пржино. Целиот инцидент беше снимен на камера, а потоа и објавен на интернет. Институциите не покренаа формална постапка за ниту еден од овие инциденти. Покрај ова, ниту еден од претставниците на Владата кои се вклучени во инцидентите не поднесе какви било политичка одговорност и покрај фактот што и двата инциденти имаа голем публицитет, а еден од нив беше дури и видео документиран. Последниот инцидент што беше пријавен во јули е уште еден физички напад врз новинар. Сопственикот на веб-порталот «Доказ», Марјан Стаменковски беше брутално претепан пред кафе бар лоциран во Општина Скопје, при што добил сериозни повреди на главата. Откако му била укажана помош во локалната болница, тој го пријавил нападот во полициска станица. Како и во другите случаи, институциите не преземаа никакви истражни активности за да се откријат и да се осудат сторителите.

Трендот на отворени напади врз новинарите продолжи и во 2016 година. Овој извештај ја опфаќа само првата половина од годината, од јануари заклучно со јуни. Првиот инцидент, од март 2016 година, беа вербални закани од претставници на владејачката политичка партија (ДУИ) кон Мухамед Зекири, уредник на националната кабелска телевизиска станица «ТВ Шења». Истиот месец, март 2016, Уставниот суд на Република Македонија без никакво објаснување им забрани на новинарите да известуваат од седницата, на која се оценуваше уставноста на Законот за помилување. Според правилникот на Уставниот суд, седниците се одржуваат зад затворени врати само кога објавувањето информации за темите на расправа може да го загрози државниот интерес. Друг инцидент се случи во една помала општина во Македонија, кога новинарот Јане Мамучевски кој работи за порталот «Малешевски Весник», по налог на градоначалникот на Берово бил протеран од седницата на Советот на општина Берово. Според новинарот, слични мотиви стојат и зад инцидентот во кој е оштетено неговото приватно возило.

Една група новинари и фоторепортери биле физички нападнати од полицијата при следењето на протестите против одлуката на Претседателот на Република Македонија за амнестија на политичари против кои беа поведени постапки за инволвираност во скандалот со прислушувањето, што се одржаа пред канцеларијата на Претседателот во центарот на Скопје. Полицаец со пендрек го удри новинарот Горан Наумовски од веб-порталот "Плусинфо" и му нанесе тешка повреда на главата, при што новинарот се онесвестил. На истиот настан, фоторепортерот Огнен Теофилоски од "Вест", Наќе Батев од "Вечер" и Борче Поповски од "Слободен Печат", како и Томислав Георгиев од неделникот "Фокус", биле нападнати од полициски службеник и покрај тоа што имале соодветни ознаки како професионални фоторепортери.

Во еден инцидент биле вклучени и странски новинари кои сакале да известуваат од Македонија. На тројца новинари од бугарскиот весник «24 Часа» не им било дозволено да ја преминат државната граница и да влезат во Република Македонија на граничниот премин «Деве Баир» во април 2016 година. На 21 април, Владимир Бошковски, камерман вработен во ТВ станицата «Мега» од Битола бил физички нападнат за време на протестите организирани од опозицијата. Го турнале, вербално го нападнале и му наредиле да го прекине снимањето на настанот. Еден ден подоцна, на 22 април 2016 година, уште еден новинар од Битола бил нападнат: Петар Ставрев бил физички нападнат од познат напаѓач при известувањето за протестите против градоначалникот на општина Битола. Во овој случај, откако новинарот бил физички нападнат, полицијата интервенирала.

На новинарката Вања Мицеска од националната радио-станица «Канал 77» и било ускратено правото да го следи собирот на граѓанското движење ГДОМ. Некои од учесниците употребиле физичка сила врз неа и забраниле да го фотографира настанот. За одбележување е што инцидентот настанал во присуство на локален полицаец, кој не само што не ја заштитил, туку и побарал од новинарката да го напушти протестот.

## Ц.2 Дали државните институции и политичките актери преземаат одговорност за заштитата на новинари

На 17 јули 2016 година, двајца членови на обезбедувањето на поранешниот премиер и лидер на владејачката партија ВМРО-ДПМНЕ, Никола Груевски, влегле во дворот на «Телевизија 21» и ги избришале снимките од мобилниот телефон на новинарот Кристијан Ландов, кој претходно го имал снимено поранешниот премиер на јавно место. Иако целиот настан беше регистриран од безбедносните камери на телевизијата, официјалниот став на полицијата беше дека таков инцидент воопшто не се случил. Дали државните институции и политичките актери преземаат одговорност за заштита на новинарите?

Од вкупно 33 инциденти кои се опфатени со овој извештај, 31 беа пријавени до соодветните институции. Според сознанијата на ЗНМ, во ниту еден случај нема судска завршница против сторителите.

Освен регистарот на напади на новинари од ЗНМ, сличен регистар или механизам за следење и превенирање на напади кон новинари, не се води од ниту една јавна институција, вклучувајќи го судот и обвинителството. Освен тоа, има недостаток на соработка од страна на државните институции кон новинарите на прашања поврзани со нивната безбедност.

И покрај формалните и декларативни заложби за слобода на печатот, ниту еден политичар досега не сносел какви било последици поради закана или напад врз новинар и покрај фактот што пет политичари беа директно вклучени или поврзани со вакви напади. Според сознанијата на ЗНМ, досега не се преземени дисциплински мерки против ниту еден од сторителите.

Ова создава атмосфера на неказнивост на насилството кон новинари и ја ограничува слободата на медиумите во земјата, што е наведено и во извештајот на ЕК за напредокот на Македонија за 2015 година[99].

> „Во 2015 година имаше неколку извештаи за заплашување и малтретирање на новинари, два извештаи за нанесена материјална штета и две смртни закани за новинари. Новинарите продолжуваат да информираат за општа клима на самоцензура, а со објавувањето на прислушуваните телефонски разговори се потврди дека веќе неколку години голем број новинари биле незаконски следени„

Исто така, важно е да се напомене и дека од содржината на снимените разговори многу новинари открија дека биле незаконски следени од тајната полиција[100]. Како што пишува во Извештајот на ЕК, некои од прислушуваните разговори укажаа на тоа дека медиумите биле под директен или индиректен владин притисок за тоа како да известуваат. Преку објавата на овие снимки од страна на најголемата опозициска политичка партија, јавноста беше во можност да слушне како од страна на високи претставници на владеачката партија и државни функционери и министри се врши директен притисок на главните уредници во најголемите приватни медиумите да влијааат врз уредувачката политика.

*99 Извештај на Европската Комисија за напредокот на Поранешната Југословенска Република Македонија за 2015 година, Брисел, 2015, стр. 21.*
*100 Ibid стр.57.*

## Ц.3 Дали кривичниот и граѓанскиот судски систем ефикасно се справува со заканите и насилството врз новинарите?

Не постојат посебни институции како што е посебен суд или обвинителство кои би работеле во насока на намалување на трендот на политиката на неказнување на нападите кон новинарите. Исто така, не е познато дека постојат посебни процедури во рамки на државните институции кои предвидуваат како да се справува државата со напад на жени новинари.

Кривичниот и граѓанскиот судски систем не обезбедува ефикасна законска заштита на новинарите во текот на нивната професионална работа. Новинарите не уживаат посебен статус и се третираат како и секој граѓанин пред Кривичниот законик. Освен ова, оние неколку предмети кои се покренати од страна на јавното обвинителство за случаи каде има напад на новинари се уште остануваат без никаква судска разврска. Би било можеби разбирливо ако министерството за внатрешни, јавното обвинителство и судот не можат дел од оние 33 случаи на напади да разрешат, но во услови кога ниту еден од овие случаи, нема судска разврска, станува јасно дека во Македонија е присутна политика на неказнивост на насилството против новинари.

Покрај ова, претставниците на Владата и политичките актери не дејствуваат во ситуациите во кои новинарите се нападнати или заплашени. Тие не само што не покажуваат политичка волја да го решат ова прашање, туку и самите придонесуваат кон креирање на ваквата состојба каде како последица на тоа новинарите се изложени на притисок при извршување на својата работа правилно и професионално.

# Прилог

## Листа на интервјуирани лица

| Име | Анонимен (Д/Н) | Позиција/Организација | Датум на интервјуто |
|---|---|---|---|
| Сашо Орданоски | Не | Новинар, Независен експерт за медиуми | 13 јули, 2016 |
| Др. Марина Тунева | Не | Извршен Директор на Советот за медиумска етика во Македонија | 15 јули 2016 |
| Др. Жанета Трајковска | Не | Извршен Директор на Високата школа за новинарство и односи со јавноста | 13 јули, 2016 |
| Др. Сефер Тахири | Не | Професор, Независен експерт за медиуми | 11 јули, 2016 |
| Новинар | Да | Новинар во телевизија | 12 Јули 2016 |
| Соња Делевска | Не | Новинар во дневниот весник Вест | 14 јули 2016 |
| Новинар | Да | Новинар во радио | 20 јули, 2016 |
| Новинар | Да | Новинар во телевизија | 14 јули, 2016 |
| Новинар | Да | Информативен портал | 11 јули 2016 |
| Зоран Фиданоски | Не | Член на Советот на Агенцијата за медиуми (медиумски регулатор) | 12 јули 2016 |
| Тодор Пендаров | Не | Член на службата за односи со јавноста во рамките на Собранието на Република Македонија | 12 август 2016 |

## Библиографија

Правни документи:

Закон за аудио и аудио-визуелни медиумски услуги на Република Македонија. *Службен весник на Република Македонија* 184/12, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16.

Законот за граѓанска одговорност за клевета и навреда. http://www.pravo.org.mk/documentDetail.php?id=6426br.143/2012.

Закон за изменување на Законот за медиуми на Република Македонија. *Службен весник на Република Македонија* 13/14.

Закон за изменување на Законот за медиуми на Република Македонија. *Службен весник на Република Македонија* 13/14.

Закон за јавни набавки на Република Македонија, *Службен весник на Република Македонија* 136/07, 130/08, 97/10, 185/11, 15/13, 148/13, 160/13, 28/14, 43/14, 130/14, 180/14, 78/15, 192/15, 27/16, 120/16.

Закон за медиуми на Република Македонија. *Службен весник на Република Македонија* 184/13 и 13/14.

Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер, Службен весник на Република Македонија, 13/06, 86/08, 6/10, 42/14, 148/15, 55/16.

Изборен законик на Република Македонија. Службен весник на Република Македонија 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54 / 11.142 / 12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16 и 99/16.

Предлог-Законот за информативни кампањи и публицитет за јавните институции. Пристапено на септември 14, 2016: http://www.mioa.gov.mk/files/pdf/dokumenti/zakoni/Predlog-Zakon_za_reklamiranje_mioa.pdf.

Статут на МРТВ, поглавје II, член 14

Устав на Република Македонија. Службен весник на Република Македонија. Уставот беше донесен и прогласен од страна на Собранието на Република Македонија на 17 ноември 1991 година во Скопје. Објавен во "Службен весник на РМ" број 52 на 22 ноември, 1991 година. Составен дел од Уставот се Амандманите I и II, објавени во "Службен весник на РМ" бр. 1 на 10 јануари 1992 година; Амандманот III, кој е објавен во "Службен весник" бр. 31 на 02 јули 1998 година; Амандманите IV-XIII, објавени во "Службен весник на РМ" бр. 91 на 20 ноември 2001 година; Амандманот XIX, објавен во "Службен весник на РМ" број 84 на 30 декември 2003 година и Амандманите XX-XXX, објавени во "Службен весник на РМ" број 107 на 09 декември 2005 година. Покрај овие, се усвоија уште два амандмани, вкупно XXXII Бр.07-2055 / 1 од 12 април 2011 година.

**Документи за политики:**

Европска Комисија. Извештај за напредокот на Република Македонија 2014, Брисел: октомври 2014. Пристапено на септември 14, 2104: http://www.sep.gov.mk/data/file/Progres%20Report%202014/Izvestaj%20MK_PROV_10_10_2014.pdf.

Европска Комисија. Извештај за напредокот на Република Македонија 2015, Брисел: октомври 2015. Присапено на септември 14, 2014: http://www.sobranie.mk/content/%D0%9D%D0%A1%D0%95%D0%98/PR2015_All_CK_FF_MK_16.11.2015.pdf.

Европската комисија. Стратегијата за проширување и главните предизвици 2014-15. Брисел: октомври 2014. Пристапено на септември 14, 2016: http://www.sep.gov.mk/data/file/Progres%20Report%202014/Izvestaj%20MK_PROV_10_10_2014.pdf.

Европската радиодифузна унија. Финансирање на јавниот сервис медиуми, 20 ноември 2013. Пристапено на: септември 14, 2016: http://bit.ly/1V4qCtm.

ОБСЕ, Правна анализа на медиумските и аудиовизуелните нацрт-закони. Пристапено на септември 14, 2016: http://znm.org.mk/wp-content/uploads/2016/03.pdf.

План за итни демократски реформи, Скопје: јуни 2016. Пристапено на: септември 14, 2016: http://respublica.edu.mk/attach/BP1_ENG_FINAL_08.07.2016.pdf.

Совет на Европа, Мислење на Генералниот Директорат за човекови права и владеење на правото, Предлог-законот за медиуми и аудиовизуелни медиумски услуги на «поранешната југословенска Република Македонија»Стразбур: мај 2013. Пристапено на септември 14, 2016: http://mdc.org.mk/wp-content/uploads/2013/06/Opinion-of-the-Council-of-Europe-on-Macedonian-Draft-Law-on-Media.doc.

Совет на Европа (Комитетот на министри), Препорака (96) 10 од Комитетот на Министри за гарантирање на независноста на јавниот радиодифузен сервис, Стразбур: септември, 1996. Пристапено на септември 14, 2016: https://rm.coe.int/CoERMPublicCommonSearchServices/DisplayDCTMContent?documentId=090000168050c770.

Совет на Европа (Комитетот на министри), Препораката на Советот на Европа (2000) 23 на Комитетот на Министри до државите членки за независноста и функциите на регулаторните тела за радиодифузниот сектор, Стразбур: декември 2000 година. Пристапено на септември 14, 2016: https://www.ebu.ch/files/live/sites/ebu/files/Publications/Reference%20texts/CoE%20-%20Media%20Freedom%20and%20Pluralism/REF%20COE-CM-Rec (2000)23.pdf

Совет на Европа, Мислење на Генералниот Директорат за човекови права и владеење на правото, Стразбур: мај 2013. Пристапено на септември 14, 2016: http://mdc.org.mk/wp-content/uploads/2013/06/Opinion-of-the-Council-of-Europe-on-Macedonian-Draft-Law-on-Media.doc.

Фридом хаус. Извештај за слободата на печатот, 2015. Пристапено на: септември 14, 2016: https://freedomhouse.org/report/freedom-press/2015/macedonia.

Фридом хаус, Извештај за слободата на печатот, 2014. Пристапено на: 28 септември 2016: https://freedomhouse.org/report/freedom-press/2014/macedonia.

**Публикации**

ААAВМУ, Анализа на пазарот на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2014, Скопје: 2015. Пристапено на 28 септември 2016.

ААAВМУ, Анализа на пазарот на аудио и аудио-визуелни и медиумски услуги за 2014, Скопје: 2015. Пристапено на септември 14, 2016: http://www.avmu.mk/images/Analiza_na_pazarot_na_AVMU_za_2014_godina.pdf

ААAВМУ, Анализа на пазар на радиодифузната дејност за 2013, Скопје: 2014. Пристапено на септември 14, 2014: http://www.avmu.mk/images/Analiza_na_pazarot_2013.pdf.

Димишковска Гроздановска Љубица, Земји во транзиција 2012: Република Македонија, Фридом хаус: 2016. Пристапено на септември 15, 2016: https://freedomhouse.org/report/nations-transit/2012/macedonia.

Здружението на новинарите на Македонија, Анализа на случаи на клевета и навреда, Скопје: септември 2015 година Пристапено на: септември 15, 2016: http://www.znm.org.mk/drupal-7.7/sites/default/files/Defamation%20and%20insult%20assesment%20ENG%20Sep%202015_1.pdf.

Здружение на новинарите на Македонија. Измени и дополнувања на предлог-закони, Скопје 2013. Пристапено на септември 14, 2016: http://znm.org.mk/wp-content/uploads/2016/03/-19.08.2013.pdf.

Здружение на новинарите на Македонија. Забелешки за нацрт-законот за медиуми и аудиовизуелни услуги, Скопје: 2016. Пристапено на септември 14, 2016: http://znm.org.mk/wp-content/uploads/2016/03/-2013.pdf.

Здружение на новинарите на Македонија, Проценка на медиумски систем на Македонија, Скопје: 2015. Пристапено на 14 септември 2016: http://znm.org.mk/wp-content/uploads/2016/03/Assesment-media- реформите-Sep-2015-ENG.pdf.

Самостоен синдикат на новинари и медиумски работници на Македонија, Работата на прекаријатот во медиумската индустрија, Скопје: 2014.

Центарот за граѓански комуникации, Истражување за примената на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер од страна на новинарите, Скопје: септември 2012. Пристапено на: септември 15, 2016: http://www.ccc.org.mk/images/stories/research.pdf.

**Онлајн текстови:**

ААAВМУ: http://www.avmu.mk/.

ААAВМУ. егистарот на ТВ станици. Пристапено на септември 14, 2016: http://avmu.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=1146&Itemid=342&lang=mk.

ААAВМУ. Трет јавен состанок на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во 2014 година, добиени ставови и мислења и став на Агенцијата, Скопје: 2014, Пристапено на септември 14, 2014: http://www.avmu.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=1246%3Ajaven-povik&catid=94%3A2013-03-04-09-53-19&Itemid=427&lang=mk.

Апостолов Владо, Јордановска Мери и Сашка Цветковска. «Новите медиуми жетвата на рекламирање влада се комбинираат». НоваТВ, 5 декември, 2014. Пристапено на септември 14, 2016: http://novatv.mk/nova-mediumska-zhetva-vo-vladiniot-reklamen-kombajn/.

Влада на Република Македонија, Податоци за матрица на информирање на граѓани. Пристапено на септември 15, 2016: http://vlada.mk/node/9241.

Димитров Костадин „Ниски удари за членство или за моќ» Дојче Веле, Јули 10, 2013: Пристапено на: Септември 15, 2016: http://www.dw.com/mk.

"Договор меѓу четирите политички партии од 20 јули 2016 година", ЕЕАК, Последен пат променето: јули 20, 2016: http://eeas.europa.eu/delegations/the_former_yugoslav_republic_of_macedonia/press_corner/all_news/news/2016/2016-07-20_agreement_en.htm.

Државен завод за статистика на Република Македонија. Статистика за пазарот на труд. Пристапено на септември 28, 2016: http://www.stat.gov.mk/.

"Законот за медиуми: Новинарите беа поделени по прашањето кој е новинар", Telegraf.mk. Последен пат е изменета: јули 30, 2016: http://www.telegraf.mk/aktuelno/makedonija/ns-newsarticle-19945-zakon-za-mediumi-novinarite-se-podelija-za-prasanjeto-koj-e-novinar.nspx.

"Заедничка изјава на медиумските организации во Македонија ", Здружението на новинарите на Македонија, Последен пат е изменета: декември 27, 2016: http://www.znm.org.mk/drupal-7.7/en/node/524.

“Заеднички протест на ЗНМ и Синдикатот: Казни за медиумите од Изборниот законик скандалозна”, ТераТВ. Последен пат е изменета: ноември 20, 2015 http://tera.mk/znm-i-ssnm-kaznite-za-mediumite-od-izborniot-zakonik-se-skandalozni/.

ЗНМ: http://znm.org.mk/.

“ЗНМ ја напушти конференцијата на министерот Томовска”, Здружението на новинари на Македонија. Последен пат е изменета: јули 4, 2016: http://znm.org.mk/?p=2460.

Лидерска средба утре во 13 часот, Мета.мк. Последен пат е изменето: август 30, 2016: http://meta.mk/en/leaders-meeting-tomorrow-at-13-00/.

Марулич Јаков Симона, «Македонските новинари ќе бараат правдата во Стразбур» БалканИнсајд, јуни 5, 2014. Последен пат е изменета: септември 15, 2016: http://www.balkaninsight.com/en/article/macedonia-journalists-to-seek-justice-in-strasbourg.

Мицевски, И., Трпевска, С. и Трајкоска, Ж, Медиумите на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија, Скопје: 2013.

На тројца бугарски новинари им бил забранет влез во Македонија, Плусинфо, последно променето на април 18, 2016: http://plusinfo.mk/vest/66847/-na-trojca-bugarski-novinari-im-bil-zabranet-vlez%20-vo-Makedonija.

Никодиновска Весна. «Следење на Законот за аудио и аудио-визуелни медиумски услуги во Македонија: Транспарентност на регулаторот е зајакната, но не се спроведува целосно». Југоисточна-Европска медиумска опсерваторија 2015. Пристапено 14 Сеп, 2016: http://mediaobservatory.net/radar/transparency-regulator-strengthened-not-fully-implemented.

“Партиите нема да се откаже од својата контрола врз медиумите”, Здружението на новинарите на Македонија, Последен пат променето: јули 21, 2016: http://znm.org.mk/?p=2517&lang=en.

Партиципирање. Учество на медиумите и слободата на изразување во Западен Балкан и Турција: Утврдување на фактите и определување на обемот на студијата, Фрајбург: април 2013. Пристапено на: септември 16, 2016: http://www.speakup2conference.eu/files/cms1/wbt-media-study635062109588840375.pdf.

“Повик за солидарност за новинарите на македонскиот неделник” Фокус “,” Здружението на новинари на Македонија. Последен пат е изменета: октомври 8, 2016 година: http://www.znm.org.mk/drupal-7.7/en/node/805.

ССНМ: http://ssnm.org.mk/?lang=en.

“Судот пресудата на Фокус во спротивно на законот за клевета”, Здружението на новинари на Македонија. Последен пат е изменета: септември 30, 2014: http://www.znm.org.mk/drupal-7.7/en/node/797.

„Средба на ССНМ со Ванхауте”, Телма ТВ, Последно променето на: ноември 19, 2015: http://telma.com.mk/vesti/ssnm-na-sredba-so-vanhaute.

Харвинен Хеини. «Македонско истражувачко списание казнето за клевета», членот на ЕДРИ, октомври 22, 2014. Пристапено на: септември 14, 2016: https://edri.org/macedonian-investigative-magazine-fined-in-defamation-case /.

Регионална платформа на западен Балкан за застапување на слободата на медиумите и за заштита на новинарите
Western Balkan's Regional Platform for Advocating Media Freedom and Journalists' Safety

This project is funded by The European Union

# Показатели за степенот на слобода на медиумите и за безбедноста на новинарите [МАКЕДОНИЈА]

## РЕЗИМЕ НА НАОДИ

# Показатели за степенот на слобода на медиумите и за безбедноста на новинарите [МАКЕДОНИЈА]

РЕЗИМЕ НА НАОДИ

**Автори: Бесим Небиу, Насер Селмани, Драган Секуловски**

**Декември 2016**

Показатели за степенот на слобода на медиумите
и за безбедноста на новинарите (Македонија) -
Резиме на наоди

*Издавач*
Здружение на новинарите на Македонија

ЗДРУЖЕНИЕ
НА НОВИНАРИТЕ
НА МАКЕДОНИЈА

*Автори*
Бесим Небиу, Насер Селмани и Драган Секуловски

*Лектор*
Вања Димитрова

*Тираж*
*100*

*Дизајн*
comma | communications design

# Содржина


**Извршно резиме** **5**

Цели на проектот и методологија на истражување 5

Законодавството за медиуми во Македонија не ги исполнува европските стандарди 6

Владата не обезбедува поволно опкружување за работата на медиумите. 7

Стратегиски цели 7

Препорки за дејствување 8

Клучни институции и нивните улоги во спроведувањето на овие насоки и препораки: 8

**Преглед на индикатори за нивото на слобода на медиумите и безбедноста на новинарите во Западен Балкан** **9**

**A. Правна заштита на слободата на медиумите и новинарите** **10**

**B. Положбата на новинарите во редакцијата, професионалната етика и нивото на цензура** **19**

**C. Безбедноста на новинарите** **25**

# Извршно резиме

## Цели на проектот и методологија на истражување

Овој извештај ги презентира резултатите од истражувањето спроведено во рамките на регионалниот проект *„Регионална платформа на Западен Балкан за застапување на слободата на медиумите и безбедноста на новинарите“*[1], која се спроведува од националните новинарски здруженија  од Босна и Херцеговина, Косово, Македонија, Црна Гора и од Србија. Главната цел на истражувањето беше да се направи базична проценка и да се обезбедат податоци за нивото на медиумските слободи и за безбедноста на новинарите кои во иднина ќе се искористат во регионалниот механизам за мониторинг и застапување за слободата на медиумите и безбедноста на новинарите на локално, национално и регионално ниво.

Истражувањето го спроведе регионален истражувачки тим составен од главен истражувач[2] и пет истражувачи на ниво на земјата предложени од националните здруженија на новинарите. Истражувањето во Македонија е спроведено од Бесим

1 *Проектот е финансиран од Европската комисија, преку Програмата за граѓанско општество и медиуми 2014-2015, Поддршка за регионалните тематски мрежи на организации на граѓанското општество.*

2 *Истражувачкиот тим предводен од д-р Снежана Трпевска, експерт за Законот за медиуми и методика на истражување.*

Небиу, координатор во рамки на проектот, Насер Селмани, претседател на ЗНМ и Драган Секуловски, извршен директор на ЗНМ, врз основа на заедничка Методологија за сите пет земји. Беа применети различни квалитативни и квантитативни методи за да се соберат и да се анализираат податоците:

- *Квалитативна анализа на документи* (КАД): истражувања и анализи на други истражувачки организации, академски институции, невладини организации, индивидуални истражувачи и сл.; официјални документи создадени од јавните институции (правни акти, подзаконски акти, стратегии, годишни извештаи, записници од состаноци, информации за печатот) и медиумска покриеност (текстови, статии, вести, извештаи и други објавени материјали).
- *Квалитативни интервјуа* со 11 лица (новинари, адвокати, медиумски експерти, претставници на јавни институции или невладини организации).
- *Анкета* со 69 новинари[3] од различни медиумски организации врз основа на структуриран прашалник развиен во рамките на Истражувањето на светот на новинарството[4].
- *Официјални статистички податоци* кои се побарани од јавните институции или се добиени преку достапните интернет страници или од други објавени извори.

Ова извршно резиме ги содржи клучните наоди и заклучоци од истражувањето, а ги вклучува и клучните препораки за политиките кои е потребно да се преземат.

Истражувањето покажува дека состојбата со медиумите во Република Македонија е лоша и непрекинато се влошува во текот на изминатите години. Владата ги користи сите расположливи средства за да ја ограничи слободата на говорот и да ги контролира медиумите. Овој заклучок беше донесен со помош на сознанија кои произлегуваат од следниве трите групи на индикатори: а) законодавство и имплементација, б) професионална, економска и социјална состојба на новинарите и в) односот на власта кон насилството и нападите врз новинарите. Во однос на сите горенаведени аспекти на извештајот се заклучува дека:

3 *Анкетата е спроведена на намерен квотен примерок од 69 новинари од различни видови медиуми на локално, регионално и државно ниво. Важно е да се напомене дека и покрај тоа што квотниот примерок не овозможува воопштување на заклучоците за целата новинарска популација во Македонија, сепак, добиените ставови на анкетираните новинари даваат добра основа за согледување на состојбата во поглед на медиумските и новинарските слободи.*

4 *Достапно на: http://www.worldsofjournalism.org/*

## Законодавството за медиуми во Македонија не ги исполнува европските стандарди

Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во делот што ја регулира поставеноста и функциите на регулаторното тело за медиумите и јавниот радиодифузен сервис, не е во согласност со препораките на Советот на Европа, во кои се бара тие да бидат политички независни и да имаат одржливо финансирање. Во случајот на Македонија, овие клучни цели не се постигнати. Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АААВМУ)[5] и ЈРС се во голема мера политизирани и партизирани и немаат одржлив извор на финансирање.

Последните измени на Изборниот законик не ги именуваа овие клучни недостатоци. Наместо деполитизација и департизација на регулаторот и јавниот сервис, власта и опозицијата во август 2016 година постигнаа договор со кој уште повеќе ги политизираат и партизираат овие клучни институции на медиумскиот систем. Во рамките на АААВМУ беше формирано ад хок тело, составено од претставници на политичките партии, надлежно за следење на известувањето на радиодифузните медиуми сто дена пред изборите и за нивно санкционирање во случај на непрофесионално известување. Освен тоа, политичкиот договор предвиде сто дена пред изборите да се именува нов одговорен уредник на Информативната програма на јавниот сервис, по предлог на опозицијата.

Казните за медиумите се високи и непропорционални. Во последните измени на Законот за медиуми, Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ) и Изборниот законик, коишто беа во служба на создавање услови за одржување фер и слободни избори, има преполовување на казните за медиумите по сите основи, како во однос на почитувањето на условите за работа на медиумите, така и во однос на начинот на нивното известување за изборната кампања. Казните се намалени, но тие се смеат да бидат еднакви за сите медиуми, туку треба да варираат зависно од видот на медиуми на кому му припаѓаат и нивната финансиска моќ. На пример, казната од 4.000 евра за неизбалансирано известување во изборна кампања за национална телевизија со терестријална концесија е незначителна во споредба со печатените и интернет порталите кои финансиски се многу кревки.

5 *За поголема прегледност, во одредени делови на текстот абревијатурата „АААВМУ“ е заменета со „Агенција“.*

### Владата не обезбедува поволно опкружување за работата на медиумите.

Се затвораат новинари, се толерира насилство против новинарите, а јавните пари се користат за да се корумпираат медиумите. Преку вакните практики Владата систематски ја ограничува слободата на медиумите и предизвикува самоцензура кај новинарите. Овие лоши практики вклучуваат:

- *Затворски казни за новинарите:* Во последните три години, двајца новинари се затворени (Томислав Кежаровски беше осуден на две години затвор за откривање идентитет на заштитен сведок и новинарот Зоран Божиновски е притворен веќе осум месеци во врска со наводи за шпионажа и уцени).
- *Непреземање никакви мерки за казнување на нападите врз новинарите:* Постои видлива и отворена политика за неказнување на нападите врз новинарите. Ниту еден од 35-те напади врз новинари во текот на изминатите три години, не е расветлен и ниту еден од сторителите не е казнет.
- *Користење на јавните средства за коурумпирање на медиумите:* Владата континуирано и систематски ги злоупотребува јавните средства за да ги корумпира приватните медиуми преку т.н. „владини кампањи". Владата стана еден од најголемите огласувачи во медиумите нарушувајќи го медиумскиот пазар и загрозувајќи ја независноста на медиумите. Ако според медиумскиот регулатор, во 2013[6] година медиумскиот пазар бил околу 20 милиони евра, Владата истата година преку „промотивни кампањи"[7] има потрошено повеќе од 7 милиони евра. Исто така, Владата на годишно ниво, од 2014 година наваму, троши околу еден милион евра за субвенционирање на домашното производство на националните приватни телевизии. Целиот процес на владино рекламирање и субвенционирање на домашната продукција се одвива нетранспарентно и врз основа на нејасни критериуми. Со тоа, таа ги фаворизира провладините, на сметка на критичките медиуми. Покрај тоа, единиците на локалната самоуправа, исто така, ги финансираат медиумите со средства од буџетот и притоа вршат влијание врз нивната уредувачка политика. Покрај ова, во извештајот се заклучува дека:
- По декриминализацијата на *клеветата* од 2012 година, бројот на тужби против новинари се намали. Со ова се подобри и судската практика во споредба со претходниот период. Сепак, овој заклучок не е валиден во случаи кога новинар е тужен од високи владини претставници.
- Со извештајот беше утврдено дека *економскиот и социјалниот притисок* се користи во голема мера за да се ограничи слободата на медиумите. Само околу половина од новинарите се вработени и се приматели на социјални бенефиции, додека останатите имаат примања пониски од македонскиот просек на месечни примања. Новинарите работат во тешки услови и трпат големи влијанија – како во рамките на редакцијата (од сопствениците на медиумите, менаџерите и уредниците), така и надвор од неа (од државните институции). Повеќето новинари сметаат дека нивниот социјален и економски статус се повеќе се влошува.
- Во извештајот се заклучува и дека *пристапот на новинарите до информации* од јавен карактер е отежнат, бавен и дискриминирачки процес. Државните институции, Собранието, Владата и другите јавни институции не се транспарентни.

### Стратегиски цели

Од овој извештај произлегуваат следниве *клучни стратешки* цели за постојано подобрување на состојбата со медиумите во Македонија, кои треба да обезбедат:

- Зголемување на безбедноста на новинарите.
- Целосна независност на медиумската индустрија од политички и партиски влијанија.
- Целосна независност на регулаторното тело од влијание и мешање на политичките партии, медиумската индустрија и други центри на моќ.
- Институционална самостојност и уредувачка независност на јавниот радиодифузен сервис.
- Зголемување на нивото на транспарентност на јавните институции.
- Санкционирање на говорот на омраза и дискриминација во популарните медиуми.

6 *AVMU, 2014, page 32, http://www.avmu.mk/images/Analiza_na_pazarot_za_2013.pdf.*
7 *Влада на РМ, 2014, http://vlada.mk/node/9241.*

## Препорки за дејствување

1. Промени во законите за медиумите
   - *Забрана за сите видови „државно рекламирање“* во комерцијалните електронски медиуми. Во исто време, во законот треба прецизно да се дефинира што е *„кампања од јавен интерес“*. Покрај ова, законот треба да ги утврди условите под кои кампањите од јавен интерес ќе се емитуваат на јавниот сервис.
   - Забрана за сите партиско-политички реклами во печатените медиуми, во и надвор од изборниот период.
   - Промена на структурата на донесување одлуки и на начинот на кој се предлагаат и избираат членовите на регулаторното тело, со цел да се обезбеди негова независност и професионалност преку исклучување на влијанието на Владата и на партиите.
   - Промена на законските одредби за составот и капацитетот на Програмскиот совет на МРТВ, со цел да се обезбеди деполитизација на оваа институција и зајакнување на врските меѓу јавниот радиодифузен сервис и граѓанското општество во Македонија.
   - Промени на финансиската рамка и начинот на финансирање на МРТВ, со цел да се осигура нејзината долгорочна одржливост, уредувачка независност и институционална автономија.
   - Промена на начинот на кој се назначуваат одговорните уредници во МРТ.
   - Да се потврди дека членовите на Програмскиот совет на МРТВ се именувани преку процес на јавно огласување.
   - Укинување на т.н. *„културни квоти“* за производство на програмски содржини на ТВ-станиците на државно ниво.
   - Воведување законски санкции за „говорот на омраза“ и поттикнување на насилство (член 48 од ЗААВУ) во согласност со позитивните практики од европските земји и во согласност со член 10 од ЕКЧП.

2. Промени во составот на регулаторното тело и Програмскиот совет на МТВ
   Непосредно по горенаведените законски промени, потребно е да се именуваат нови членови на Советот на АААВМУ и на Програмскиот совет на МТВ, преку итна постапка. Новиот Програмски совет треба да е надлежен за разгледување на остварувањето на програмските функции на МТВ, истовремено грижејќи се тие да се во согласност со граѓанскиот интерес. Исто така, тој треба да е овластен да ги повикува редакциите и менаџментот на МТВ да се водат согласно јавниот интерес.

3. Процесуирање и решавање на насилството и заплашувањето на новинарите
   Владата, Министерството за внатрешни работи и судството треба да покажат политичка волја и во рамките на нивните надлежности да ги преземат сите мерки за заштита на новинарите и итно да ги испитаат и да ги решат сите пријавени случаи и инциденти против новинари. Со тоа ќе испратат јасна порака до јавноста дека насилството против новинарите е неприфатливо и нема да се толерира.

4. Подобрување на пристапот до информации од јавен карактер и зголемување на транспарентноста на јавните институции
   Владата, министерствата, Парламентот, судството и другите јавни институции, вклучувајќи ја Агенцијата за медиуми и МТВ, треба да овозможат брз, фер и еднаков пристап до информации од јавен карактер за сите медиуми во земјата, преку отворен, недискриминаторен и фер третман без да фаворизираат одредени медиуми.

## Клучни институции и нивните улоги во спроведувањето на овие насоки и препораки:

- Министерството за информатичко општество и јавна администрација – треба да иницира законски процес за измени и дополнувања на законската регулатива, како што е опишано погоре.
- Парламентот на РМ – треба да ги усвои законските измени на ЗААВМУ во итна постапка. Исто така, треба да назначат нови членови на Советот на АААВМУ и на Програмскиот совет на МТВ преку итна постапка. За да се направи ова, парламентарните комисии треба да организираат јавни консултации со граѓанското општество.
- АААВМУ – дадените насоки и соработка со стручната служба на регулаторот треба да бидат од клучно значење.
- МТВ – претставници на МТВ, особено програмскиот персонал, треба да бидат вклучени во процесот.

# Преглед на индикатори за нивото на слобода на медиумите и безбедноста на новинарите во Западен Балкан

# А

# Правна заштита на слободата на медиумите и новинарите

| А.1 Дали домашното законодавство ја гарантира слободата на медиумите и дали се спроведува ефикасно во пракса? | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Индикатори | БиХ | Македонија | Црна Гора | Косово | Србија |
| Дали е загарантирано правото на слобода на изразување и информирање? Дали истото опфаќа и пристап до интернет? Дали овие правни гаранции се спроведуваат во пракса? | Правото е загарантирано, вклучувајќи и пристап до интернет. Законот за јавен ред и мир на Република Српска содржи рестриктивни одредби за објавување на содржини на интернет (социјалните мрежи и портали). | Правото е загарантирано, вклучувајќи и пристап до интернет. Правните гаранции не се спроведуваат ефикасно во пракса. | Правото е загарантирано, вклучувајќи и пристап до интернет. Но, правните гаранции не се спроведуваат ефикасно во пракса. | Правото е загарантирано, вклучувајќи и пристап до интернет. Правните гаранции слабо се спроведуваат во пракса. | Правото е загарантирано, вклучувајќи и пристап до интернет. Правните гаранции не се спроведуваат ефикасно во пракса. |
| Дали законодавство за медиумите беше развиено во транспарентен и инклузивен процес? | Генерално, процесот беше инклузивен и транспарентен. Медиумската заедница имаше можност да поднесе амандмани. | Процесот не беше доволно транспарентен и инклузивен. | Политички договор за промени во законите за медиуми, без консултации со медиумската заедница. | Процесот не беше ниту транспарентен ниту инклузивен. | Процесот не беше доволно транспарентен и инклузивен. |

| **А.1 Дали домашното законодавство ја гарантира слободата на медиумите и дали се спроведува ефикасно во пракса?** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Индикатори | БиХ | Македонија | Црна Гора | Косово | Србија |
| Дали државните власти некогаш се обиделе да го ограничат правото на пристап до интернет или да бараат блокирање или филтрирање на содржини на интернет? | Нема посебен закон за Интернет. Но, новиот Закон за јавен ред и мир на Република Српска содржи одредби со кои се санкционира „непристојно“ однесување на социјалните мрежи. | Предлог-законот за медиуми од 2013 година беше обид да се регулираат интернет медиумите. Предлог-законот од 2015 година за да се блокираат објавените прислушувани телефонски разговори. | Не се забележани вакви случаи досега. | Нема такви случаи | Имаше неколку случаи („Feketić“, информативниот портал „Pescanik“ итн.) |
| Дали регулаторното тело ја извршува својата мисија и своите функциите на независен и недискриминирачки начин? | Регулаторот не се смета за доволно независен и ефикасен во исполнувањето на своите обврски. Предлагањето членови на Советот на регулаторното тело е политички мотивирано. | Не, регулаторот е под силно партиско-политичко влијание. Неговите одлуки се пристрасни и селективни. | Регулаторот не се смета за доволно независен и ефикасен во исполнувањето на своите обврски. | Регулаторот не се смета за независен. Предлагањето на членови е политички мотивирано. | Регулаторот не се смета за доволно независен и ефикасен во исполнувањето на своите обврски. |
| Дали постои практика на државно рекламирање во медиумите и дали истото се злоупотребува за политичко влијание врз нивната уредувачка политика? | Нема транспарентни и јасни критериуми. Распределбата на средства е селективна, политички мотивирана и нетранспарентна. Нова законска регулатива е во процес на изработка. | Државното рекламирање во последните години во голема мера беше злоупотребувано за да се наметне политичко влијание врз медиумите. До јуни 2015 година, кога беше прогласен мораториум на владините кампањи, Владата беше еден од најголемите огласувачи во медиумите. | Јавните институции ги распределуваат средствата на медиумите на селективен и нетранспарентен начин. | Неколку министерства директно доделуваат пари за рекламирање на интернет-медиуми. Некои од тие постапки се селективни. | Не постојат транспарентни и јасни критериуми. Распределбата на средства е селективна и нетранспарентна. |
| Дали во законодавството има некој вид на медиумски субвенции или производство на медиумски содржини од јавен интерес и како се спроведуваат во пракса? | Нема медиумски субвенции. Медиумската заедница поднесе две иницијативи до Министерството за комуникации за основање специјален фонд за производство на медиумски содржини од јавен интерес, но не беа прифатени. | Има средства од Буџетот кои се доделуваат на националните телевизии за ново производство на нетранспарентен и пристрасен начин. | Постои Фонд за поддршка на комерцијални радиостаници, но истиот е критикуван поради фаворизирање на провладините медиуми. | Нема медиумски субвенции. | Механизмт на финансирање на програми од јавен интерес се злоупотребува на локално ниво за политичко влијание. |

| А.1 Дали домашното законодавство ја гарантира слободата на медиумите и дали се спроведува ефикасно во пракса? | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Индикатори | БиХ | Македонија | Црна Гора | Косово | Србија |
| Кои се механизмите за финансирање на медиумите на јазиците на националните малцинства? | Нема такви механизми. | Нема механизми за финансиска поддршка на јазичната разноликост во медиумите, меѓутоа МРТ формално има обврска да произведува содржини на 7 различни јазици. | Има добра шема на финансирање за поддршка на медиумите на националните малцинства. | Нема механизми за финансирање на приватните медиуми на јазиците на националните малцинства. Меѓутоа, РТК ги вклучува сите малцински јазици (српски, босански, турски и ромски) во својата програма. Српското малцинство има свој канал на РТК од јуни 2013 година. | Постојат медиумски субвенции за поддршка на медиумите на јазиците на малцинствата. |
| Дали се загарантирани и ефикасно заштитени самостојноста и независноста на јавниот радиодифузен сервис? Дали рамката за финансирање обезбедува негова независност и негово стабилно функционирање? Дали надзорните тела го претставуваат општеството во целост? | Самостојноста и независноста се загарантирани со закон, но не се спроведуваат во пракса поради силното влијание на политичките партии. Рамката за финансирање не обезбедува стабилно функционирање. Надзорните тела не го претставуваат општеството во целина. | Самостојноста и независноста се загарантирани, но не се спроведуваат. Рамката за финансирање не обезбедува стабилно функционирање. Советот на МРТ не го претставува општеството во целина. | Самостојноста и независноста се загарантирани, но недоволно се спроведуваат. Рамката за финансирање не обезбедува стабилно функционирање. Надзорните тела го претставуваат општеството во целина. | Самостојноста и независноста се загарантирани, но не се спроведуваат. Рамката за финансирање не обезбедува стабилно и независно функционирање. Надзорното тело не го претставува општество, туку е политизирано. | Самостојноста и независноста е загарантирана. Рамката за финансирање не обезбедува стабилно функционирање. Надзорното тело не го претставува и не е под контрола на општеството. |

| А.2 Дали законите за клевета ги „заплашуваат“ новинарите? | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Индикатори | БиХ | Македонија | Црна Гора | Косово | Србија |
| Дали одредбите од законите за клевета се премногу строги или заштитнички во корист на државните функционери? | Клеветата е декриминализирана. Сегашното законодавство е во согласност со европските закони, но неговата примена во пракса е во корист на државните функционери. | Клеветата е декриминализирана во 2012 година. Законот за граѓанска одговорност е функционален и судската практика е генерално добра со неколку негативни исклучоци. | Клеветата е декриминализирана. Сегашните одредби не се премногу заштитнички за државните функционери. | Клеветата е декриминализирана. Сегашните одредби не се премногу заштитнички за државните функционери. | Клеветата е декриминализирана. Сегашните одредби предвидуваат несоодветно големи парични казни. |
| Колку тужби се покренати против новинари од страна на државни функционери во изминатите три години? | Огромен број тужби се поднесени против новинари (од 2003 година околу 100 годишно). Во септември 2016 имаше 173 активни предмети во судовите. | Најмалку 10 случаи на новинари тужени од страна на носители на јавни функции/институции. Помалку предмети отколку во претходните години. Во моментов има вкупно 35-40 случаи кон новинарите, а оваа бројка во 2012 година беше 10 пати поголема. | Нема официјална статистика. | Постојат 20 тековни судски процеси против новинари. Од нив, шест се покренати од страна на државни функцио-нери. Дополнителни 9 случаи се отфрлени во 2012 година откако клеветата и навредата беа декриминализирани. | Огромен број тужби се покренати против новинари (413 во 2014 година, 406 во 2015 година). |

| **А.2 Дали законите за клевета ги „заплашуваат“ новинарите?** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Индикатори | БиХ | Македонија | Црна Гора | Косово | Србија |
| Дали има случаи кога други законски одредби се користат за да се „замолкнат“ новинари поради основана критика или истражувачко новинарство? | Случајот со магазинот Слободна Босна кој престана со издавање на своето печатено издание во декември 2015 година, под притисок на голем број тужби за клевета. | Случајот со новинарот Кежаровски, кој беше тужен за откривање на името на „заштитен“ сведок. Друг случај е новинарот „Божиновски“, против кого има обвинение за шпионажа и изнудување и е во притвор веќе 6 месеци. | Не се забележани вакви случаи досега. | Нема такви случаи. | Не се забележани вакви случаи досега. |
| Дали правдата против некои новинар се спроведува на начин што е политички мотивиран? Какви видови казни се изречени? | Судовите се под силно политичко влијание. Слични случаи различно се толкувани од страна на судовите во различните ентитети. Тужбите против Федералната телевизија (FTV) се решени во корист на претседателот на Република Српска. Паричните казни не се високи (околу 2.500 евра), но некои медиуми имаат помеѓу 20 и 50 тужби. | Судовите се под силно политичко влијание. Случајот со критичкиот неделник „Фокус“ – судот им изрече големи парични казни на уредникот и новинарот, а лицето кое тужеше беше директорот на Управата за безбедност и контраразузнавање. | Нижите судови постапуваат по случаите прилично праведно, додека вишите судови се построги. Изречените казни не се високи. | Нема такви случаи. | Судовите се под силно политичко влијание. Во случајот на ТВ Форум Пријепоље – во кој градоначалникот му се заканувал на новинарот, апелацискиот суд ја измени првичната пресуда и го ослободи градоначалникот во рок од три дена. |
| Дали судовите го признаваат механизмот за саморегулација (доколку постои)? Дали ја прифаќаат валидноста на објавен одговор, исправка или извинување? | Судовите во БиХ го почитуваат процесот на медијација помеѓу навредениот и медиумот, кој се врши од страна на стручен советник. Отпочната е иницијатива за измена на Законот за клевета со цел задолжително да се вклучи процесот на медијација пред поднесување на тужба. | Судот може да ги земе предвид одлуките на Советот за етика во медиумите, но не е задолжително. | Судовите не се обврзани да ги земат предвид одлуките на саморегулаторното тело. | Судовите не ги земаат предвид одлуките на саморегулаторното тело. | Судовите најчесто не ги земаат предвид одлуките на саморегулаторното тело. |
| Што мислат новинарите за законот за клевета? Дали се обесхрабрени да истражуваат и пишуваат критички? | 79.7% од новинарите одговориле дека заканата од тужба за клевета има големо или екстремно влијание врз нивната работа. | 32% од новинарите одговориле дека заканата од тужба за клевета има големо или екстремно влијание врз нивната работа. | 44% од новинарите одговориле дека заканата од тужба за клевета има големо или екстремно влијание врз нивната работа. | 44% од новинарите одговориле дека заканата од тужба за клевета има големо или екстремно влијание врз нивната работа. | 26% од новинарите одговориле дека заканата од тужба за клевета има големо или екстремно влијание врз нивната работа. |

| А.3 Дали има доволна правна заштита на политичкиот плурализам во медиумите, пред и за време на изборната кампања? | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Индикатори | БиХ | Македонија | Црна Гора | Косово | Србија |
| Дали политичкиот плурализам во медиумите е регулиран во законодавството за медиумите (за периодот кога нема избори)? | Има само општ принцип за радиодифузните медиуми, да изразуваат различни политички мислења и извори на информации. | Има само општ принцип за радиодифузерите да изразуваат различни политички ставови. | Има само општ принцип за радиодифузерите да изразуваат различни политички ставови. | Има само општ принцип за радиодифузерите да изразуваат различни политички ставови. | Политичкиот плурализам е утврден како општ принцип за сите радиодифузери. |
| Дали регулаторното тело е должно да го следи и заштитува политичкиот плурализам? | Регулаторот е должен да го следи и заштитува политичкиот плурализам само во текот на изборната кампања. | Регулаторот е должен само за периодот на изборната кампања. | Таа обврска не е во надлежност на регулаторот. | Регулаторот е задолжен само за периодот на изборната кампања. | Регулаторот е должен да ги надгледува радиодифузерите и да презема мерки за периодот на изборната кампања. |
| Кои се законските обврски на медиумите за време на изборна кампања? | Законот за избори на БиХ (Поглавје 16) и подзаконски акти на ЈРС. Фер и еднаков пристап за сите политички партии, објективно, фер и балансирано известување. | Изборниот законик и подзаконските акти. Фер и еднаков пристап за сите политички партии, објективно, фер и балансирано известување. | Изборниот законик и Законот за јавниот радиодифузен сервис. Фер и еднаков пристап за сите политички партии, објективно, фер и балансирано известување. | Законот за избори и Кодексот на Независната комисијата за медиуми. Фер и еднаков пристап за сите политички партии, објективно, фер и балансирано известување. | Законот за електронски медиуми и Правилник за медиумско покривање. Фер и еднаков пристап за сите политички партии, објективно, фер и балансирано известување. |
| Дали политичките партии и кандидати имаат фер и еднаков пристап до медиумите во периодот кога нема избори и за време на изборната кампања? | Политичките партии немаат фер и еднаков пристап ниту во периодот кога нема избори ниту во изборниот период. | Опозициските политички партии немаат фер и еднаков пристап ниту во периодот кога нема избори ниту во изборниот период. | Политичките партии немаат фер и еднаков пристап ниту во периодот кога нема избори ниту во изборниот период. | Политичките партии генерално добиваат фер и еднаков пристап за време на изборни кампањи. | Политичките партии немаат фер и еднаков пристап ниту во периодот кога нема избори ниту во изборниот период. |

| А.4 Дали е загарантирана слободата на работа и здружување на новинарите и дали се спроведува? | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Индикатори | БиХ | Македонија | Црна Гора | Косово | Србија |
| Дали новинарите мора да бидат лиценцирани од страна на државата за да можат да работат? | На новинарите не им требаат лиценци од ниеден државен орган. Имаше само еден обид за воведување лиценци за новинари во 2005 година, но истиот беше осуден и отфрлен. | На новинарите не им требаат лиценци од ниеден државен орган, но Законот за медиуми содржи рестриктивна дефиниција за „новинар“. Има предлози кои доаѓаат од „про-владините“ новинари да се воведат „лиценци“ за новинарите. | На новинарите не им требаат лиценци од ниеден државен орган. Има одредени предлози да се воведат „лиценци“ за новинари, со „оправдување“ за подобрување на професионализмот. | На новинарите не им требаат лиценци од ниеден државен орган. | На новинарите не им се потребни лиценци од ниеден државен орган. Имаше само еден обид за воведување на лиценци за новинари, но истиот беше осуден и отфрлен. |

| А.4 Дали е загарантирана слободата на работа и здружување на новинарите и дали се спроведува? | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Индикатори | БиХ | Македонија | Црна Гора | Косово | Србија |
| Дали новинарите биле одбиени да известуваат од одредени места или настани? | Регистрирани се неколку случаи: Одлуката на властите на РС да им се забрани пристап до јавни настани на новинарите од ВНТ (2010) и FTV (2012); Одбиен пристап до Палатата на претседателот на РС за Лилјана Ковачевиќ, новинската агенција Бета, од 2012 година до денес; и на ВН TV за време на 2015 година. 26% од новинарите изјавија дека биле одбиени да известуваат од некои настани, бидејќи немале акредитација. | Една од главните повреди се случи на 24.12.2012 година, кога безбедносните служби ги избркаа новинарите за да ги спречат да известуваат за истерувањето на опозицијата од Собранието. Покрај тоа, на новинарите не им беше дозволено да известуваат од некои судски рочишта. | 43% од анкетираните новинари се изјасниле дека биле одбиени да известуваат од некои настани. | Неодамнешна повреда беше случајот Саранда Рамај (Koha Ditore). 61% од анкетираните новинари се изјасниле дека биле одбиени да известуваат од некои настани. | 42% од анкетираните новинари се изјасниле дека биле одбиени да известуваат од некои настани. |
| Дали и како новинарите се организирани во професионални здруженија? Дали има притисоци врз нивното здружение или индивидуалните членови? | 5 регистрирани здруженија. ВН Новинари работи активно.Пријавени се неколку случаи на политички притисок врз ВН Новинари и вербални напади на нивните членови; Интернет страницата е пробиена неколку пати; Советот за печат е постојано под политички и други притисоци; во 2014 година нивната канцеларија беше искршена и оштетена; нивната интернет страница беше под постојан хакерски напад и беше целосно уништена на 3 мај 2014 година (Светскиот ден на слободата на печатот) | ЗНМ е најстарото (од 1946 година) и најголемото здружение, член на Меѓународната федерација на новинари. Има едно здружение (МАН) активирано во 2013 година, кое е блиско со Владата. Членови на ЗНМ биле предмет на бројни притисоци досега. Покрај тоа, во 2010 година со помош на ЗНМ е основан ССНМ (новинарски синдикат) кој се занимава со социјалните и работничките права на новинарите. Во 2013 година ЗНМ помогна во формирањето на Советот за етика во медиумите, кој е активен чинител во заштитата на професионалните стандарди. | Постојат две новинарски здруженија, но 80% од новинарите не се членови на ниту едно здружение. Медиумскиот Совет за саморегулација собира голем број на медиуми, но не и најголемите медиуми кои се сметаат дека се противници на власта. Овие медиуми имаат свои правобранители. Нема случаи на притисоци врз здруженијата на новинари. | Главното здружение е Здружението на новинари на Косово (AGK). Нема никакви докази за притисоци. Исто така постои и Совет за печат, како саморегулаторно тело кое ги регулира печатените и интернет медиуми. | Двете главни здруженијата се: Независното здружение на новинари (NUNS), Здружението на новинари (UNS). Има регионално новинарско здружение, здружение на новинари вработени во државните медиуми и Здружение на новинари од Војводина. Исто така, има и Совет за печат, како саморегулаторно тело. Има многу притисоци врз новинарските здруженија. |

| А.4 Дали е загарантирана слободата на работа и здружување на новинарите и дали се спроведува? | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Индикатори | БиХ | Македонија | Црна Гора | Косово | Србија |
| Дали и како новинарите се организираат во синдикати? Дали има притисоци врз лидерите на синдикатот и другите членови? | Има синдикати на ниво на субјекти, во областа Брчко и во јавните радиодифузери. Има најмалку 7 синдикати кои се официјално регистрирани во БиХ: Самостојниот синдикат на јавниот радиодифузен сервис, Синдикатот на РТВ Горажде и Синдикатот на РТВ Уна. Некои од нив пријавуваат политички притисоци и притисоци од менаџментот на медиумите. | Постои Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници. Неговата лидерка беше избркана од работа поради тоа што била активна во синдикатот и на крајот отпуштена. | Има неколку синдикати. Лидерот на синдикатите на медиумите од Црна Гора бил отпуштен од работа, а подоцна вратен со судска одлука. | Нема синдикат на новинари на Косово. | Има два синдикати: Синдикатот на новинари на Србија и Синдикатот Независност. Тие се слаби и под притисок во најголем дел од сопствениците на медиумите. Има и трет синдикат како дел од Сојузот на самостојни синдикати на Србија. |
| Дали новинарите се слободни да станат членови на синдикати? Колку од новинарите се членови на синдикати? | ВН Новинари информира за ограничувања за новинарите и медиумските работници да се организираат во синдикати. Има проценка дека само 16% од медиумите имаат воспоставено синдикални ограноци. Нема проценка за членството. | Има синдикална организација на јавниот радиодифузен сервис. Речиси и да нема синдикати на приватните медиуми. Не постојат сигурни податоци за членството, затоа што некои членови се „кријат“ поради страв од притисоци. | Околу две третини од новинарите не се членови во ниту еден синдикат. Поголемиот дел од членовите се од јавниот сервис, додека помалку од приватните медиуми. | Има синдикат само во рамките на јавниот радиодифузен сервис, кој организираше протести против раководството на јавниот радиодифузен сервис. Нивните лидери се под притисок. | Повеќето од новинарите се чувствуваат слободни да станат членови, но не се заинтересирани, бидејќи синдикатите се слаби. 78% од анкетираните потврдиле дека не се членови. |

| А.5 Кое е нивото на правна заштита на новинарските извори? | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Индикатори | БиХ | Македонија | Црна Гора | Косово | Србија |
| Како се гарантира доверливоста на новинарските извори со закон? | Се гарантира со Уставот и неколку законски акти, иако некои прашања не се јасно дефинирани. | Се гарантира со Уставот и неколку правни акти. | Се гарантира со Уставот и законодавството за медиумите. Некои одредби не се доволно јасни. | Се гарантира со Законот за заштита на новинарските извори. | Се гарантира со Уставот и неколку правни акти. |
| Дали се почитува доверливоста на новинарските извори? Дали има примери на издавање наредба за новинарите да ги откријат своите извори и дали биле правдани со заштита на јавниот интерес? | Генерално се почитува, но има неколку регистрирани случаи : (1) порталот Klix од Сараево, чија опрема беше конфискувана од полицијата во декември 2014 година; (2) случајот на Жељко Раљиќ, новинар од Бања Лука, кому полицијата му се закани дека ќе му ја заплени целата опрема. | Генерално се почитуваат, но случајот со Кежаровски покажа дека новинарите може да бидат затворени врз основа на други законски одредби. | Забележани се нелолку случаи на отворени притисоци врз новинарите да ги откријат своите извори. | Неколку случаи покажуваат дека тајноста на изворот не се почитува (на пример Indeks-online и Blic). | Генерално се почитуваат. Постојат само спорадични случаи (на пример, случајот Teleporter). |

| А.5 Кое е нивото на правна заштита на новинарските извори? | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Индикатори | БиХ | Македонија | Црна Гора | Косово | Србија |
| Дали постојат некакви санкции против новинарите кои одбиле да го откријат идентитетот на изворот? | Немало такви случаи. | Кежаровски беше осуден на 4,5 години затворска казна. Неговата казна беше на крајот намалена на 2,5 години. | Немало такви случаи. | Немало такви случаи. | Не се регистрирани досега вакви случаи. |
| Дали новинарите се чувствуваат слободни да бараат пристап до и да одржуваат контакт со изворите на информации? | 49% од анкетираните новинари изјавиле дека редовно или често имаат контакт со своите извори. | 36% од анкетираните новинари изјавиле дека редовно или често имаат контакт со своите извори. | 67% од анкетираните новинари изјавиле дека редовно или често имаат контакт со своите извори. | 50% од анкетираните новинари изјавиле дека редовно или често имаат контакт со своите извори. | 64% од анкетираните новинари изјавиле дека редовно или често имаат контакт со своите извори. |

| A.6 Koji je nivo zaštite prava na pristup informacijama? | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Индикатори | БиХ | Македонија | Црна Гора | Косово | Србија |
| Кои се законските правила за пристап до официјални документи и информации кои се релевантни за новинарите? | Пристапот е гарантиран со закон. Нема посебни одредби релевантни за новинарите. Судовите на БиХ и други правни институции имаат посебна постапка за давање на информации и за известување. | Пристапот е гарантиран со закон. Нема посебни одредби релевантни за новинарите. Имплементацијата е лоша. | Пристапот е гарантиран со закон. Нема посебни одредби релевантни за новинарите. | Пристапот е гарантиран со закон. Нема посебни одредби релевантни за новинарите. Имплементацијата е лоша. | Пристапот е гарантиран со закон. Постои Комесар за правото на пристап до информации и заштита на личните податоци, како независен државен орган. |
| Дали новинарите ги користат овие правила? Дали органите ги почитуваат правилата, без одлагање? Колку одбивања се пријавени од страна на новинарите? | Новинари во БиХ ги користат законските одредби, но тие се жалат дека процедурите се многу долги и роковите не се соодветни за нив. 27% од анкетираните новинари кои поднеле барања биле одбиени. | Новинарите не се добро информирани во врска со правилата и ретко ги користат. Оние кои побарале пристап често биле одбиени. | Новинарите ретко ги користат овие одредби. 37% од анкетираните новинари кои поднеле барања биле одбиени. | 78% од новинарите во истражувањето изјавиле дека институциите одбиле да им ги обезбедат бараните документи. | Новинарите во Србија го користат правото на пристап. 42% од новинарите изјавиле дека поднеле барање, но биле одбиени од страна на институциите. |
| Дали судовите се транспарентни? Дали се обезбедува пристап на медиумите до правните постапки без дискриминирање и без непотребни ограничувања? | 74,4% од новинарите изјавиле дека судовите демонстрираат мала (19,3%), голема (26,1%) или целосна (29%) транспарентност. | 48% од новинарите изјавиле дека судовите демонстрираат мала (24%) или никаква транспарентност (24%), додека 25% сметаат дека демонстрираат одреден степен на транспарентност. | 44,5% од новинарите изјавиле дека судовите демонстрираат мала (29,6%), голема (9,3%) или целосна (5,6%) транспарентност. | 48,1% од новинарите изјавиле дека судовите демонстрираат одреден степен на транспарентност. 37% сметаат дека судовите се малку транспарентни и 7,4% сметаат дека воопшто не се транспарентни. | 59,4% од новинарите изјавиле дека судовите се малку (37,8%) или воопшто не се транспарентни (21,6%), додека 24,3% сметаат дека демонстрираат одреден степен на транспарентност. |

| A.6 Koji je nivo zaštite prava na pristup informacijama? | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Индикатори | БиХ | Македонија | Црна Гора | Косово | Србија |
| Дали ѝ се обезбедува пристап на јавноста до парламентарните седници?<br>Дали постојат ограничувања за новинарите да ја следат работата на парламентот? | 77,8% од новинарите изјавиле дека Собранието демонстрира мала (10%), голема (73%), или целосна (29%) транспарентност. | 31% од новинарите изјавиле дека Собранието демонстрира мала (25%) или никаква транспарентност (6%), а 31% сметаат дека демонстрира одреден степен на транспарентност. | 72,2% од новинарите изјавиле дека Собранието демонстрира мала (25,9%), голема (31,5%) или целосна (14,8%) транспарентност. | 44,4% од новинарите изјавиле дека Собранието демонстрира одреден степен на транспарентност. 22,2% сметаат дека Собранието е во голема мера транспаретно и 7,4% дека е целосно транспаретно. | 64,8% од новинарите изјавиле дека Собранието покажува мала (7,2%), голема (14,4%), или целосна (43,2%) транспарентност. |
| Колку се отворени Владата и министерствата? | 61% од новинарите изјавиле дека Владата демонстрира мала (29%) или никаква транспарентност (32%). | 46% од новинарите изјавиле дека Владата демонстрира мала (25%) или никаква транспарентност (21%), додека 21% сметаат дека демонстрира одреден степен на транспарентност. | 50% од новинарите изјавиле дека Владата демонстрира одреден степен на транспарентност, додека само 16,7% дека тоа покажува мала или никаква транспарентност. | 48% од новинарите изјавиле дека Владата демонстрира мала (37%) или никаква транспарентност (11%), додека 40% изјавиле дека демонстрира одреден степен на транспарентност. | 59,4% од новинарите изјавиле дека Владата демонстрира мала (37,7%) или никаква транспарентност (21,7%). 24,3% сметаат дека демонстрира одреден степен на транспарентност. |

# В

# Положбата на новинарите во редакцијата, професионалната етика и нивото на цензура

| В.1 Дали економската положба на новинарите се злоупотребува за да се ограничи нивната слобода? | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Индикатори | БиХ | Македонија | Црна Гора | Косово | Србија |
| Колку новинари имаат потпишано договори за работа? Дали имаат соодветна социјална заштита? Колку се високи платите на новинарите? Дали се исплаќаат редовно? | Постојат проценки дека помеѓу 35% - 40% од новинарите немаат ниту договор за работа, ниту социјално и здравствено осигурување. Оние кои имаат валидни договори не се доволно заштитени. Ситуацијата е најлоша во приватните медиуми. Платите во локалните медиуми варираат од 200 евра до 500 евра, во јавниот радиодифузен сервис просечната плата е 700 евра, а во некои приватни медиуми (вклучувајќи ги и меѓународните) околу 900 евра. | Нема прецизни податоци за бројот на вработени новинари со потпишан договор за работа. Некои студии покажуваат дека околу половина од новинарите имаат договори за работа со социјални и работни бенефиции. 58% од анкетираните новинари заработуваат до 360 евра. | Околу 800 новинари се вработени, а половина од нив во јавниот радиодифузен сервис. Не постојат точни податоци за бројот на новинари со потпишан договор за работа. Просечната новинарска плата е 470 евра. Околу половина од новинарите се исплаќаат редовно. | Нема прецизни податоци, но се знае дека голем број новинари немаат договори за работа. Половина од новинарите во истражувањето изјавиле дека нивните плати се движат од 200 до 500 евра. Има доцнења од по неколку месеци. Платите не се исплаќаат во полн износ. | Нема прецизни податоци за бројот на вработени новинари со потпишан договор за работа. Многу често не се почитуваат работничките права на новинарите. Просечната новинарска плата е 400 евра. Платите не се исплаќаат редовно. |

| В.1 Дали економската положба на новинарите се злоупотребува за да се ограничи нивната слобода? | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Индикатори | БиХ | Македонија | Црна Гора | Косово | Србија |
| Какви се условите за работа на новинарите? Кои се најголемите проблеми со кои се соочуваат на работното место? Дали ја сметаат својата положба како подобра или полоша во споредба со претходниот период? | Несигурна работа. Работодавачите можат да ги раскинат договорите за работа во секое време и новинарите немаат никаква правна заштита. Поголемиот дел од новинарите изјавиле дека нивната економска и социјална положба е полоша од пред 2-3 години. | Несигурна работа. 77% од анкетираните новинари во 2014 година сметаат дека нивната сегашна новинарска работа е несигурно. 80% сметаат дека нивната економска положба се влошува. | Несигурна работа. Многу новинари во приватните медиуми работат прекувремено, покриваат многу различни области. 54% од анкетираните новинари сметаат дека нивната економска положба се влошува. | Несигурна работа. Новинарите работат прекувремено или за време на празниците, без надоместок. Половина од анкетираните новинари сметаат дека нивната економска положба се влошува. | Несигурна работа. Новинарите се принудени да работат на други задачи и да се вклучат во маркетинг. 76% од новинарите изјавиле дека нивната економска позиција драстично се намалила во споредба со претходните години. |

| В.2 Какво е нивото на уредувачката независност од сопствениците на медиумите и органите на упаравување? | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Индикатори | БиХ | Македонија | Црна Гора | Косово | Србија |
| Колку медиуми имаат внатрешни организациски структури кои ги држат редакциите одделни и независни од менаџерите и маркетинг одделенијата? | Редакциите во приватните медиуми не се одделни и независни. | Само најголемите медиуми ги држат редакциите одделно, но се под влијание на економските и политичките интереси. | Најголем дел од приватните медиуми немаат внатрешна структура и редакциите не се одвоени од менаџерите и маркетингот. | Поголемите медиуми ги држат редакциите одделно, но тие сè уште се под влијание на менаџерите и сопствениците. | Најголем дел од приватните медиуми немаат внатрешна структура и редакциите не се одвоени од менаџерите и маркетингот. Многу немаат ни правни акти. |
| Дали приватните медиуми имаат воспоставено правила за уредувачка независност од сопствениците на медиумите и органите на управување? Дали се почитуваат тие правила? | Внатрешни уреднички правила постојат во некои медиуми, но тие не се спроведуваат. Не постојат одредби со кои се гарантира независноста на новинарите и нивното право да одбијат работна задачи која не е во согласност со професионал-ните стандарди и етика. | Мал број медиуми имаат такви правила. Дури и онаму каде што тие постојат, генерално не се почитуваат. | Мал број медиуми имаат такви правила. Дури и онаму каде што тие постојат, генерално не се почитуваат. | Мал број медиуми имаат такви правила. | Не е познато дали некој од приватните медиуми има донесено внатрешни правила за уредувачката политика. |
| Дали редакциите на приватните медиуми имаат донесено внатрешни етички кодекси или се придржуваат до општиот етички кодекс? | Најголем дел од приватните медиуми немаат внатрешен кодекс, но се придржуваат до општиот етички кодекс. | Приватните медиуми немаат внатрешен кодекс на етика. Тие се придржуваат до општиот етички кодекс. | Приватните медиуми немаат донесено внатрешен кодекс на етика. Тие се придржуваат до општиот етички кодекс. | Најголем дел од приватните медиуми го почитуваат Кодексот на етика на Советот за печат. | Најголем дел од приватните медиуми немаат внатрешен кодекс, но се придржуваат до општиот етички кодекс на Здруженијата на новинари. |

| B.2 Какво е нивото на уредувачката независност од сопствениците на медиумите и органите на упаравување? | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Индикатори | БиХ | Македонија | Црна Гора | Косово | Србија |
| Кои се најчестите форми на притисок на сопствениците на медиумите и менаџерите врз редакциите или одделни новинари? | Сопствениците или програмските директори се клучни филтри во одлучувањето дали да се објават одредени информации. Директни форми на притисок: многу ниски плати, закани за губење на работното место, мобинг, честа прекувремената работа, „нарачани статии“, итн. | Директни форми на притисок: закани за губење на работното место, физички закани, па дури и закани за отпуштање на роднини во јавната администрација. | Сопствениците не прифаќаат критичко известување спрема моќни бизнисмени. Има самоцензура кај новинарите. | Недостатокот на договори за работа води до самоцензура. Доцнењето на плати е уште една форма на индиректен притисок врз новинарите. | Новинарите се чуваат во постојан страв дека ќе бидат отпуштени од работа. Мобингот е многу честа појава. Сопствениците бараат од новинарите да работат на некои теми, а да избегнат други. |

| B.3 Какво е нивото на уредувачката независност на новинарите во јавниот радиодифузен сервис? | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Индикатори | БиХ | Македонија | Црна Гора | Косово | Србија |
| Дали јавниот радиодифузен сервис има усвоен кодекс за однесување на новинарите и за уредувачка независност? Дали новинарите се придржуваат до овој кодекс? | Сите Јавни радиодифузери усвоија Уреднички принципи, но тие речиси и да не се почитуваат во пракса. Новинарите во јавните радиодифузери работат под притисок и нивната работа е под секојдневно влијание. | Општ кодекс на однесување не е донесен, иако тоа е обврска на јавниот радиодифузен сервис според неговиот статут. Во 2016 година е усвоен Кодексот на етика за време на избори, со поддршка на британски експерти и локални организации. | Јавниот радиодифузен сервис има етички кодекс, но тој е за сите вработени. Новинарите не се споменуваат. Не постои кодекс на однесување на новинарите. Уредувачка независност на Јавниот радиодифузен сервис преставува постојана грижа. | Јавниот радиодифузен сервис има кодекс на однесување. Кодексот лошо се спроведува во пракса. | РТ Србија и РТ Војводина немаат усвоено свои кодекси за етичките принципи на известување, туку само општ кодекс на однесување за сите вработени. |
| Дали телата на јавниот радиодифузен сервис имаат поставено внатрешни организациски правила со цел да ја задржат независноста на редакциите и да ги заштитат редакциите од влијанието на телата на управување на јавниот радиодифузен сервис? Дали се почитуваат тие правила? | Јавните радиодифузни сервиси имаат усвоено внатрешна организација, но редакциите не се независни од менаџментот и раководството. | Јавниот радиодифузен сервис има внатрешна организација, но редакциите не се независни од менаџментот. | Јавниот радиодифузен сервис има формална организација, но редакциите не се независни од менаџментот. | Јавниот радиодифузен сервис има формална организација, но редакциите не се независни од менаџментот. | Двата јавни радиодифузери имаат формални правила за држење на редакциите одделни и независни од менаџментот, но тие не се почитуваат во пракса. |

| В.3 Какво е нивото на уредувачката независност на новинарите во јавниот радиодифузен сервис? | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Индикатори | БиХ | Македонија | Црна Гора | Косово | Србија |
| Кои се најчестите форми на притисок на владата врз редакциите или индивидуалните новинари во јавниот радиодифузен сервис? | Има индиректни форми на притисок преку менаџментот и Управниот одбор. Но, има и директни притисоци дури и од членовите на Претседателството на БиХ, Парламентот на БиХ, Претседателот на РС, Премиерот и министрите. | Владините претставници влијаат на јавниот радиодифузен сервис преку менаџментот и Програмскиот совет на МРТ. | Владините претставници влијаат на јавниот радиодифузен сервис преку менаџментот. Неодамна имаше промена на водечките уредници во јавниот сервис, и ситуацијата е делумно подобрена. | Владините претставници влијаат на јавниот радиодифузен сервис преку менаџментот. | Има индиректни форми на притисок преку менаџментот, но и директни притисоци (дури и од премиерот) |
| Кој е најилустративниот пример за притисок на владата врз редакциите или индивидуалните новинари во јавниот радиодифузен сервис? | Во јуни 2016 Парламентот на БиХ не донесе одлука за рамка за финансирање на трите јавни радиодифузери во БиХ. Претседателот на РС Додик вербално го нападна дописникот на FTV од Бања Лука. | Објавените снимки од скандалот со телефонското прислушување открија дека владините претставници им се закануваат на новинарите во јавниот радиодифузен сервис со сигурноста на нивното работно место, доколку не известуваат по „посакуваните“ линии. | Случајот со новинарот Мирко Бошковиќ кој не добива работни задачи, откако во 2015 година објави серија истражувачки телевизиски стории за криминал и корупција, во кои е вклучен еден од претседателите на општините. | Во април 2015 година, 60 новинари и уредници напишаа јавно писмо во кое се критикува менаџментот и генералниот директор за мешање, цензура и малверзации. | Во 2015 година, Српската напредна партија јавно го нападна Јавниот радиодифузен сервис на Србија за емитување интервју со уредникот на дневниот весник Данас во кое тој го критикува премиерот. |

| В.4 Кое е нивото на уредувачка независност на новинарите во непрофитниот секторот? | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Индикатори | БиХ | Македонија | Црна Гора | Косово | Србија |
| Дали медиумите од непрофитниот сектор имаат усвоено кодекс за однесување на новинарите и за уредувачка независност? Дали новинарите се придржуваат до овој кодекс? | Има три непрофитни радиостаници во БиХ. Покрај тоа, има неколку информативни интернет медиуми, кои се поддржани од меѓународни донатори. Сите се придржуваат кон постоечкиот кодекс за работа и Кодексот за печат усвоен во БиХ. | Има само три непрофитни радиостаници наменети за студенти. Постојат неколку информативни интернет портали кои се поставени како непрофитни медиуми. Професионални новинари се вработени само во информативните интернет портали. Тие се придржуваат кон општиот етички кодекс. | Медиумите од непрофитниот сектор не се развиени. Постои една радио станица во која не се вработени професионални новинари. | Има многу малку непрофитни медиуми во Косово. Тие работат во согласност со општиот етички кодекс на Независната комисија за медиуми (за емитувачите) и на Советот за печат (за печатените и интернет медиумите). | Има многу малку непрофитни медиуми во Србија. Тие се придржуваат кон општиот етички кодекс на новинарските здруженија. |

| **В.4 Кое е нивото на уредувачка независност на новинарите во непрофитниот секторот?** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Индикатори | БиХ | Македонија | Црна Гора | Косово | Србија |
| Кои се најчестите форми на притисок врз медиумите во непрофитниот сектор? | Тие понекогаш се познати како „странски платеници“, бидејќи се финансирани од донации. Останатите медиуми одбиваат да ги објавуваат нивните истражувачки стории. | Постојат одредени форми на притисок врз новинарите кои работат во порталите за вести, а кои се критички настроени кон Владата. | Нема такви случаи. | Некогаш се обвинувани дека се дека „странски платеници“, биејќи се финансирани од странски донатори. | Често се нападнати јавно од страна на провладините медиуми како „странски платеници“, бидејќи се финансирани од странски донатори. Некои критички портали за вести се предмет на хакерски напади. |
| Кој е најилустративниот пример за притисоците врз медиумите во непрофитниот сектор? | Брутални вербални напади, говор на омраза, малтретирање и дискриминација на новинарките од ЦИН (CIN) (јули 2016-та година). Лишување од информации, вербални закани и закани кон новинарите на порталот „Журнал“ поради објавување на информации со евиденција на имотот на некои политичари (2014-та и јули 2016-та година). | Нема такви случаи. | Нема такви случаи. | Случајот со Балканската мрежа за истражувачко новинарство (БИРН), која беше нападната со валканата кампања на весникот Infopress. | Случајот со Мрежата за истражување на криминал и корупција (КРИК), која беше нападната од страна на таблоидот Informer. |

| **В.5 Колкава слобода имаат новинарите во процесот на правењето на вести?** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Индикатори | БиХ | Македонија | Црна Гора | Косово | Србија |
| Колкава слобода имаат новинарите во изборот на новинарски стории и во одлучувањето за тоа кои аспекти од една сторија треба да бидат нагласат? | 54% од анкетираните новинари изјавиле дека уживаат голема (29%) или целосна (25%) слобода во изборот на стории. 59% изјавиле дека имаат слобода да одлучат кои аспекти на сторијата да ги нагласат. | 57% од анкетираните новинари изјавиле дека уживаат голема (36%) или целосна (21%) слобода во изборот на стории. Дури поголем број новинари (71%) изјавиле дека имаат слобода да одлучат кои аспекти на сторијата да ги нагласат. | 57% од анкетираните новинари изјавиле дека уживаат голема (35%) или целосна (22%) слобода во изборот на стории. 61,5% од новинарите изјавиле дека имаат голема (31,5%) или целосна (30%) слобода да одлучат кои аспекти на сторијата да ги нагласат. | 62% од анкетираните новинари изјавиле дека уживаат голема (28%) или целосна (32%) слобода во изборот на стории. 52% изјавиле дека имаат слобода да одлучат кои аспекти на сторијата да ги нагласат. | 58% од анкетираните новинари изјавиле дека уживаат голема (30%) или целосна (28%) слобода во изборот на стории. 62% изјавиле дека имаат слобода да одлучат кои аспекти на сторијата да ги нагласат. |
| Колку често новинарите учествуваат во уредувањето и координирањето на редакциската политика (присуствуваат на уреднички состаноци или на назначување на новинари)? | 64% од анкетираните новинари секогаш или многу често присуствуваат на уредничките состаноци. | 48% од анкетираните новинари секогаш или многу често присуствуваат на уредничките состаноци. | 73% од анкетираните новинари секогаш или многу често присуствуваат на уредничките состаноци. | 86% од анкетираните новинари секогаш или многу често присуствуваат на уредничките состаноци. | 62% од анкетираните новинари секогаш или многу често присуствуваат на уредничките состаноци. |

| **В.5 Колкава слобода имаат новинарите во процесот на правењето на вести?** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Индикатори | БиХ | Македонија | Црна Гора | Косово | Србија |
| Кои се само-видувањата на новинарите за степенот до кој тие се под влијание од различни извори: уредници, менаџери, сопственици, политички чинители, државата? | Најголемо влијание врз работата на новинарите имаат уредниците (77%), потоа сопствениците на медиумите (45%), раководителите (39%), и владините претставници (24%). | Најголемо влијание врз работата на новинарите имаат уредниците (53%), потоа владините претставници (46%), раководителите (40%), и сопствениците на медиумите (39%). | Најголемо влијание врз работата на новинарите имаат уредниците (83%), потоа раководителите (63%), сопствениците на медиумите (56%), и владините претставници (28%). | Најголемо влијание врз работата на новинарите имаат уредниците (50%), потоа раководителите (30%), лоби групите (16%), владата (10%) и политичарите (8%). | Најголемо влијание врз работата на новинарите имаат уредниците (76%), потоа раководителите (49%), сопствениците на медиумите (42%) и владините претставници (26%). |
| Колкав број новинари пријавиле цензура? Колкав број новинари пријавиле дека самите одлучиле за авто-цензура, поради страв или поради губење на своите работни места или поради други ризици? | 51% од анкетираните новинари изјавиле дека цензурирањето влијание врз нивната работа. | 55% од анкетираните новинари изјавиле дека цензурирањето влијание врз нивната работа. | 55% од анкетираните новинари изјавиле дека цензурирањето влијание врз нивната работа. | 30% од анкетираните новинари изјавиле дека цензурирањето на некој начин влијание врз нивната работа. | Автоцензурата претставува најголемт проблем, иако 41% од анкетираните новинари изјавиле дека цензурирањето влијае врз нивната работа. |

# C

# Безбедноста на новинарите

| C.1 Статистика на безбедност и неказнивост (во текот на изминатите 3 години, а за случаите на убиства, во текот на изминатите 15-20 години) | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Индикатори | БиХ | Македонија | Црна Гора | Косово | Србија |
| Број и тип на **закани врз животот** на новинарите и **други видови на закани.** | Од 2013-та година до септември 2016-та година регистрирани се: 65 вербални закани и притисоци; 21 физички напад; 7 смртни закани; 15 случаи на мобинг/ дискриминација; 35 други случаи. | Врз основа на регистарот на ЗНМ, од 02.06.2011 година до денес, регистрирани се 35 случаи на насилство врз новинарите (закани по нивниот живот, физичко насилство, уништување на приватен имот, притвор, итн.) | Од 2013-та година до јуни 2016-та година регистрирани се 8 вербални закани. | Од 2013-та година до август 2016-та година, Косовската полиција регистрирала 62 случаи пријавени од новинари во Косово. | Од 2013-та година до јуни 2016-та година регистрирани се 69 вербални закани и 32 притисоци. |
| Број на **напади**. Колку новинари се всушност нападнати? | Од јануари до септември 2016-та година регистрирани се 7 физички напади. | Севкупно се регистрирани 35 случаи. | Од 2013-та година до јуни 2016-та година регистрирани се: 1 физички напад и 7 напади на имот. | Од 2013-та година до август 2016-та година регистрирани се: 12 физички напади и 13 напади на имот. | Од 2013-та година до јуни 2016-та година регистрирани се: 33 физички напади и 9 напади на имот. |

| **C.1 Статистика на безбедност и неказнивост (во текот на изминатите 3 години, а за случаите на убиства, во текот на изминатите 15-20 години)** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Индикатори | БиХ | Македонија | Црна Гора | Косово | Србија |
| Број и тип на **убиства**. Колку новинари се убиени во изминатите 15-20 години? | Во периодот од 1992-ра до 1995-та година биле убиени 38 новинари и медиумски работници (38 државјани на БиХ и 7 странски државјани). По завршувањето на војната во БиХ, регистриран е случај на атентат врз Жељко Копања, сопственик на весникот „Независне новине” од Бања Лука. | Според официјалните податоци, не постојат такви случаи во последните неколку години. | Регистрирано е едно убиство во 2004-та година. | Регистрирани се три убиства: во 2000-та, во 2001-ва и во 2005-та година. | Регистрирани се три убиства: во 1994-та, во 1999-та и во 2001-ва година. |
| Број и тип на **закани и напади врз медиумски институции, организации, медиумски и новинарски здруженија**. | Од 2013-та година до денес, регистрирани се 217 напади врз медиумите, медиумските институции, синдикатите, здруженијата на новинарите и Советот за печат на БиХ. | Здружението на новинари на Македонија (ЗНМ), Синдикатот на новинари, Советот за етика во медиумите и други организации кои се критички настроени кон власта често претставуваат предмет на напади. Оваа информација се наведува во извештајот на Европската Комисија. | Од 2013-та година до денес, регистрирани се 4 напади врз медиумите.Нема податоци за напади врз други организации. | Од 2014-та година до денес, регистрирани се два напади. Во 2015-та година, порталот KOSSEV во северниот дел на Косово бил нападнат со огнено оружје. Во 2016-та година, медиумот РТК бил нападнат со рачна граната. | Од 2014-та година до денес, регистрирани се 275 напади врз информативни портали и други видови на притисоци врз новинарите и уредниците. Нема податоци за напади врз други организации. |

| **C.2 Дали државните институции и политичките актери ја превземаат одговорноста за заштита на новинарите? (во текот на изминатите 3 години)** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Индикатори | БиХ | Македонија | Црна Гора | Косово | Србија |
| Дали државните институции имаат развиено посебни политики со кои ја поддржуваат заштитата на новинарите, офлајн и онлајн? Ако одговорот е да, дали спроведувањето на таквите политики е снабдено со доволно ресурси и експертиза? | Министерството за Човекови Права усвои План на активности за заштита на човековите права, при што едно поглавје е фокусирано на заштитата на слободата на медиумите и правата на новинарите, особено во случаи на напади и притисоци. Министерството за Правда подготви измени и дополнувања на Кривичниот закон за заштита на новинарите кои се жртви на напади. | Кога станува збор за правата на новинарите, во Македонија постои тренд на неказнивост. Државните институции немаат развиено политики или мерки за заштита на новинарите. | Нема развиено политика. | Нема развиено политика. | Нема развиено политика. Има обиди за нејзино развивање: Предлог-меморандум меѓу новинарските здруженија и релевантните институции. |

| **C.2 Дали државните институции и политичките актери ја превземаат одговорноста за заштита на новинарите? (во текот на изминатите 3 години)** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Индикатори | БиХ | Македонија | Црна Гора | Косово | Србија |
| Дали постојат механизми (институции, програми и буџети) за мониторинг и известување за закани, малтретирање и насилство врз новинарите? Кој го врши мониторингот и кој води евиденцијата за нападии закани? Дали државните институции објавуваат ажурирани податоци за нападите врз новинари и неказнивоста? Кои мерки се превземени по инцидентите и од кого? | Не постојат такви механизми. Линијата за помош на слободни медиуми (Free Media Help Line) е единствена услуга која на медиумите и новинарите им обезбедува бесплатна правна и стручна помош. Линијата за помош на слободни медиуми ги споделува своите податоци и анализи со сите државни институции, медиуми, организации, медиумски организации и меѓународни организации. | Не постојат такви механизми. Никакви дисциплински мерки, познати на ЗНМ, не биле превземени против никој од сторителите. Исклучително ретко се случува политичарите да осудат напади врз новинари. | Не постојат такви механизми. Државното јавно обвинителство и полицијата го спроведуваат мониторингот и водат евиденција. Досега се објавени сите податоци за напади и превземени мерки. | Не постојат такви механизми. Во последниве години, косовската полиција почна да подготвува посебна листа на закани и напади врз новинарите. Ниедна државна институција нема објавено податоци за напади врз новинарите. | Не постојат развиени механизми, но се направени одредени напори за нивно развивање. Во декември 2015 година се усвоени Упатства за собирање докази за кривични дела врз новинарите и напади на интернет страните. Истите веќе се спроведуваат. Сите јавни обвинителства квартално ги поднесуваат собраните доказите до Државното јавно обвинителство кое го следи спроведувањето и ја води евиденцијата. Како дел на редовните активности, Независното здружение на новинарите на Србија (НУНС) ги евидентира сите пријавени инциденти. |
| Дали нападите врз безбедноста на новинарите се препознаени од страна на државните институции како прекршувања на слободата на изразување, на човековите права и на кривичното право? Дали јавните службеници даваат јасни изјави во кои ја препознаваат безбедноста на новинарите и ги осудуваат нападите врз нив? | Досега не. Министерствата во БиХ работат на измени во Законот за кривична постапка и на внатрешни процедури за заштита на новинарите и на слободата на изразување како основно човеково право. | И покрај формалните и декларативните заложби за слобода на медиумите, институциите (Министерство за внатрешни работи, судовите и обвинителствата) не успеаја да се справат со кој било од случаите кои се регистрирани од страна на ЗНМ во последните 5 години. | Да. Тие најостро го осудуваат, но само декларативно, бидејќи условите не се променети. | Јавните функционери ги осудуваат нападите, но само во сериозни случаи. Во најголем број случаи, нападите врз новинарите се препознаени од страна на државните институции како повреда. | Државата ја препознава потребата за ова (Акционен план, Поглавје 23, дел посветен на слободата на изразување, слободата и плурализмот на медиумите), но не се почитуваат роковите. Јавните функционери ретко даваат јасни изјави со кои ги осудуваат нападите врз новинарите. |
| Дали постојат документи, усвоени од страна на државните институции, кои обезбедуваат насоки наменети за војската и полицијата, во кои се забранува малтретирање, заплашување и физичките напади врз новинарите? | Постојат два документи со насоки наменети за полициските службеници за тоа како да постапуваат во однос на новинарите, донесени пред 15 години во соработка со мисијата на ОБСЕ. | Не постојат такви документи. | Не постојат такви документи. | Не постојат такви документи. | Не постојат такви документи. Предлог-меморандумот се смета за обид во оваа насока. |

| C.2 Дали државните институции и политичките актери ја превземаат одговорноста за заштита на новинарите? (во текот на изминатите 3 години) | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Индикатори | БиХ | Македонија | Црна Гора | Косово | Србија |
| Дали државните институции соработуваат со организациите на новинарите во однос на нивните безбедносни прашања? Дали државните институции се воздржуваат од одобрување или промовирање на закани врз новинарите? | Во изминатите две години, постои добра соработка со Комисијата за човекови права на Собранието, Министерството за човекови права и Регулаторната агенција за комуникации. Но, не постојат задоволителни јавни реакции од страна на државните институции во случај на напад и насилство врз новинарите. | Генерално, соработката не е доволна. Институциите само формално поднесуваат одговори на официјални барања испратени од страна на ЗНМ. | Не постои таков вид на соработка. | Соработката не е на задоволително ниво. | Соработката не е на задоволително ниво. Не постои редовна соработка меѓу новинарските здруженија и државните институции. |
| Во случаи на електронски надзор, дали државните институции ја почитуваат слободата на изразување и приватноста? Кој е најскорешен случај на електронски надзор врз новинарите? | Не постојат издржани докази за вакви случаи. Не постојат соодветни механизми за контрола на органите кои се овластени да спроведуваат електронски надзор. Неодамнешен случај на електронски надзор е случајот на прислушување на новинарите од печатените медиуми „Ослобоѓење“ и „Дани“, по наредба на поранешниот директор на Државната агенција за безбедност (СИПА). Се работи за случај на прислушување на новинари кои биле во контакт со поранешниот претседател на Федерацијата БиХ при што биле објавени транскрипти од разговори со новинарот од FTV, Авдо Авдиќ. | Не постојат соодветни механизми за контрола на органите кои се овластени да спроведуваат електронски надзор. Во 2015-та година, главната опозициска партија обелодени информација дека повеќе од 100 новинари биле предмет на нелегален надзор во последните четири години (10% од вкупниот број новинари во земјата). На 15 новинари им била предадена документација која содржи снимки од нивни прислушувани телефонски разговори. Во името на овие новинари, Здружението на новинари на Македонија (ЗНМ) поднело кривични пријави. | Не постојат издржани докази за вакви случаи. Не постојат соодветни механизми за контрола на органите кои се овластени да спроведуваат електронски надзор. Неодамнешен случај е случајот од февруари 2013-та година, кога група новинари тврделе дека биле следени и прислушувани. | Не постојат издржани докази за вакви случаи. Не се познати случаи на електронски надзор врз новинарите. | Не постојат издржани докази за вакви случаи. Не постојат соодветни механизми за контрола на органите кои се овластени да спроведуваат електронски надзор. Неодамнешен случај на електронски надзор е случајот со Мрежата за истражување на криминал и корупција (КРИК) и нејзиниот уредник Стеван Дојчиновиќ. |

| C.3 **Дали кривичниот и граѓанскиот правосуден систем ефективно се справува со заканите и актите на насилство врз новинарите? (во текот на изминатите 3 години)** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Индикатори | БиХ | Македонија | Црна Гора | Косово | Србија |
| Дали постојат соодветни институции/единици кои се посветени на истраги, гонење, заштита и надоместок во однос на обезбедувањето на безбедноста на новинарите и на проблемот со неказнивост. | Не постојат такви државни институции/ единици. Постои само Линијата за помош на слободни медиуми (Free Media Help Line), основана од страна на Здружението на новинари во БиХ. | Не постојат такви државни институции/ единици. | Не постојат такви државни институции. Исклучок е Комисијата за мониторинг на активностите на надлежните органи при спроведување на истрагите за постарите и поновите случаи на закани и насилство врз новинарите, случаите на убиства на новинарите и напади врз сопственоста на медиумите. | Не постојат такви државни институции. | Не постојат такви државни институции. Исклучок е Комисијата за разгледување на факти поврзани со истрагата за убиства на новинарите. |
| Дали постојат посебни ефективни процедури кои можат соодветно да се справат со напади врз жени, вклучувајќи и новинарки? | Не постојат такви процедури. Од 2013-та година до септември 2016-та година ФМХЛ (FMHL) има регистрирано 2 случаи на смртни закани, 3 случаи на физички напади и 23 случаи на вербални напади или политички притисок врз новинарки. | Не постојат такви процедури. | Не постојат такви процедури. | Не постојат такви процедури. | Не постојат такви процедури. Регистрирани се неколку случаи на напади врз новинарки (4 физички напади и 22 вербални напади). |
| Дали државните институции обезбедуваат соодветни ресурси за да се обезбедат истрагите за закани и акти на насилство врз новинарите? | Не се обезбедени соодветни ресурси од страна на државните институции. Успешни акции и истраги биле превземени од страна на полицијата и Обвинителството во Сараево, за случаите на Лејла Чолак (смртни закани) и Борка Рудиќ (вербални закани и говор на омраза) во јули и август 2016-та година. | Институциите не обезбедуваат ефективна правна или законска заштита на новинарите при нивната професионална работа. Никакви средства не се одделуваат наменети за истражување на закани или акти на насилство врз новинари. | Не се обезбедени соодветни ресурси од страна на државата. Истрагите се премногу бавни и со незадоволителни резултати. | Не се обезбедени соодветни ресурси од страна на државата. Заканите врз новинарите се третираат исто како и заканите врз сите други граѓани. Истрагите се премногу бавни. | Не се обезбедени соодветни ресурси од страна на државата. Истрагите се премногу бавни и без резултати. |

| С.3 Дали кривичниот и граѓанскиот правосуден систем ефективно се справува со заканите и актите на насилство врз новинарите? (во текот на изминатите 3 години) | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Индикатори | БиХ | Македонија | Црна Гора | Косово | Србија |
| Дали се обезбедуваат соодветни мерки за заштита на новинарите во случаи кога е потребно, како одговор на веројатни закани врз нивната физичка безбедност? | Такви случаи не се регистрирани. | Не се обезбедени соодветни мерки. Постојат случаи во кои сторителите се документирани во видео материјали. Во еден случај вицепремиерот дури и физички напаѓа новинар на јавно место, случајот е снимен и објавен, но институциите не превземаат никакви мерки. | Најтешкиот случај вклучува два напади врз новинарот Туфиќ Софтиќ, во кој државата обезбедила 24-часовна физичка заштита, но сторителите не се пронајдени, така што причината за загрозената безбедност на Софтиќ не е отстранета. | Полициска заштита им е обезбедена на двајца новинари (2014-та и 2016-та година), но и двајцата сметале дека блиска заштита не им е потребна, главно од лични причини | Се обезбедуваат одредени мерки, но главно зависат од конкретните случаи. НУНС има информации за 4 новинари кои живеат под 24-часовна полициска заштита. Најголемиот проблем во случаите кога новинари се под полициска заштита, е тоа што државата нема превземено мерки за отстранување на вистинските закани. |
| Дали истрагите за кривичните дела врз новинарите, кои вклучуваат заплашувања и закани, се навремени, независни и ефикасни? | Истрагите не се ефикасни и не обезбедуваат доволно докази. Судските постапки се премногу бавни. Според новинарите во БиХ, само 15% од кривичните дела врз новинари биле истражени и разрешени. | Врз основа на искуството на ЗНМ, истрагите на кривичните дела врз новинари или воопшто не се отпочнати или ако се отпочнати, процесот е премногу бавен и истиот нема официјално затворање. | Не. Организаторите на поголемите случаи не се познати, и голем број на сторители не се пронајдени. Истрагите не се ефикасни и не обезбедуваат доволно докази. | Не. Сè уште не се решени три случаи на пост-воени убиства на новинари. Генерално, истрагите се бавни и неефикасни. | Не. Сè уште не се решени три случаи на убиства. Истрагите не се ефикасни и не обезбедуваат доволно докази. Судските постапки се премногу бавни. |
| Дали ефективното гонењето за насилство и заплашување се водат против целокупниот синџир на чинители во нападите, вклучувајќи ги поттикнувачите/ организаторите и извршителите? | Најголем проблем е тоа што вистинските виновници (политичари, државни функционери или други моќни поединци) не се истражувани во случаите. Исто така, вистинските виновници или поттикнувачи во случајот на Жељко Копања никогаш не се пронајдени. | Не. | Не. Најголем проблем е тоа што вистинските виновници никогаш не се разоткриваат. Во случајот на убиството на Душко Јовановиќ само еден од соучесниците бил осуден. | Не. Вистинските виновници или поттикнувачи никогаш не се разоткриваат. | Најголем проблем е тоа што вистинските виновници или поттикнувачи никогаш не се разоткриваат. Ова тврдење го поткрепува и случајот на новинарот Ќурувија. |
| Дали државата обезбедува соодветна обука и капацитет за полицијата, обвинителите, адвокатите и судиите во однос на заштитата на слободата на изразување и новинарите? | Одредени форми на обука се организирани од страна на здружението на професионални судии и обвинители и од страна на здружението на медиуми. | Не постојат информации за таков тип на обуки. Сепак, постојат неколку регистрирани случаи во кои сторителите се полициски службеници и кои се одвивале во тек на јавни демонстрации. | Одредени форми на обука се организирани во изминатите години. | Ниеден тип на обуки не е обезбеден од страна на државата. | Одредени форми на обука се организирани во изминатите години. Иако се планирани, специјализирани форми на обуки сè уште не се започнати. |